# БЕЛА КНИГА 2018

Совет на
странски
инвеститори

**Издавач:**
Совет на странски инвеститори
при Стопанската комора на Македонија

**Уредници:**
Влатко Стојановски
Членки на ССИ

**Лектор:**
Станка Дамјановска

**Е-адреса:** fic@mchamber.mk
www.fic.mk

**Печати:**
ДАТАПОНС ДООЕЛ Скопје

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека**
**„Св. Климент Охридски" - Скопје**

330.34(497.7)"2018"(047)

БЕЛА книга 2018 / [уредник Влатко Стојановски]. - Скопје: Стопанската комора на Македонија, Совет на странски инвеститори, 2018. - 121, 121 стр. : илустр. ; 25 см

Текст на мак. и англ. јазик. - Содржи и: White book 2018

ISBN 978-608-66070-3-6

а) Економски развој - Македонија - 2018 - Извештаи
COBISS.MK-ID 108998666

Носител на материјалните права е издавачот. Забрането
е препечатување, копирање
и умножување на написите или на нивните делови без
претходна согласност од издавачот.

| Содржина | страна |
| --- | --- |
| Предговор | 4 |
| За Советот на странски инвеститори | 6 |
| Резиме | 8 |
| Глава I: Меѓународно економско окружување | 9 |
| Глава II: Регионален економски преглед | 10 |
| Глава III: Република Македонија, преглед на економски состојби | 20 |
| Глава IV: Деловна клима и клучни сектори од интерес 1.1. | 26 |
| 4.1. Странски директни инвестиции | 27 |
| 4.2. Извоз и извозни потенцијали | 30 |
| 4.3. Работна сила и систем на формално образование | 32 |
| 4.4. Индустрија и реиндустријализација | 35 |
| 4.5. Инфраструктура | 37 |
| 4.6. Капитални инвестиции | 39 |
| 4.7. Дигитализација | 40 |
| Деловна клима и клучни сектори од интерес 1.2. | 42 |
| 4.8. Фискално и парафискално оптоварување | 42 |
| 4.9. Корупција и неформална економија | 43 |
| 4.10. Е- услуги | 44 |
| Глава V: Процена на регулаторната средина | 45 |
| 5.1. Предвидлива деловна средина | 45 |
| 5.2. Постапка за усвојување и спроведување на законите | 45 |
| 5.3. Ефикасна јавна администрација | 46 |
| 5.4. Консултација со деловната средина | 48 |
| Глава VI: Аспирации за приклучување кон НАТО и Европската унија | 48 |
| Глава VII: Извештаи и рангирање на Република Македонија од меѓународни институции и тела | 50 |
| 7.1. Извештај на Европската комисија за Република Македонија 2018 | 50 |
| 7.2. Извештај за глобална конкурентност | 56 |
| 7.3. „Doing business“ 2019 од Светска банка | 60 |
| 7.4. Индекс на економска слобода од Фондацијата „Херитаџ“ | 65 |
| 7.5. Индекс на човечки капитал | 68 |
| 7.6. Индекс за перцепција на корупцијата | 69 |
| 7.7. Агенцијата „Standard & Poor`s“ | 69 |
| 7.8. Извештај „Глобални локациски трендови“ | 70 |
| Глава VIII: Поважни проекти на Владата на РМ за предвидливо деловно окружување, макроекономска стабилност и поттикнување на економскиот развој | 71 |
| Глава IX: Препораки и мислења на работните групи на Советот на странски инвеститори за унапредување на деловното окружување | 72 |

# 1. ПРЕДГОВОР




**Штефан Петер,**
претседател на ССИ

Од последното издание на „Белата книга“ до денес, Република Македонија направи големи чекори кон интеграцијата во ЕУ и НАТО, а процесот на преговори за членство треба да започне многу брзо во следниот период. Советот на странски инвеститори е поддржувач на економската интеграција на Македонија во овие асоцијации. Сметаме дека, и покрај сите тешкотии со коишто ЕУ се соочува моментално, таа останува центар на Европа и пристапниот процес е единствена можност за Македонија да ги забрза реформите и да остане посветена на приспособувањето на јасната правна рамка кон потребите на една конкурентна економија.

За да добие позитивна одлука од НАТО или од ЕУ, Владата на Република Македонија покажа храброст и решителност во однос на пристапниот процес. Таа ќе треба да продолжи да ги покажува овие квалитети со цел да ги спроведе реформите кои остануваат неопходен дел што ќе и’ овозможи на македонската економија да ужива здрав и одржлив раст.

Очигледно, Република Македонија пред себе има многу работа за да обезбеди стабилна економска средина и приближување кон ЕУ. Со тоа што го презеде чекорот да ги реши односите со Грција, македонската Влада создаде стимул за овој процес и за отворање на преговорите за првите пристапни поглавја на ЕУ во првата половина од следната година.

И покрај првите знаци на забрзување по долготрајната политичка криза, економската средина на земјата останува тешка. Од последното издание

на „Белата книга", економските агенти го усвоија ставот „да се почека, па да се види", особено во периодот на изборите. Оваа состојба доведе до непостојани успеси и чести неуспеси во одредени сектори на стопанството. Токму затоа, без никакво задоцнување треба да се донесат одлуки, некои од нив и тешки, што ќе ја поттикнат економијата и како резултат ќе доведат до зголемување на вработеноста и продуктивноста заедно со неопходното преструктурирање на невработената работна сила.

Реформата на јавната администрација е голем проект кој допрва треба да се спроведува. Ова не треба само да значи намалување на бројот и отпуштање на државни службеници, туку првично треба да вклучува зголемување на квалитетот на услугите што државата ги дава на своите граѓани и на деловниот сектор. Во ера кога сè е дигитално, Владата треба да ја зголеми употребата на електронски платформи и да обезбеди поголема транспарентност, конзистентност и квалитет на својата работа.

Доаѓаме до проблемот што е во суштината на нашите напори во последните неколку години - соодветно и одржливо спроведување на потребните закони и подзаконски акти. Во отсуство на добро образована државна администрација, јасни постапки и методологии, очигледен е ризикот од пренатрупани регулативи.

Повторното градење на довербата на инвеститорите е приоритет за Владата и ова вклучува и убедување на деловната заедница дека пријателска Македонија пријателски настроена кон бизнисот навистина постои. Државата треба да се фокусира на одржување на маркоекономската стабилност и воспоставување стабилна, предвидлива и конкурентна средина. Продолжувањето на борбата против корупцијата и поддржувањето на владеењето на правото ќе придонесе за многу подобра деловна средина, погодна за нови инвестиции. Исто така, потребни се и клучни активности во преструктурирањето на јавните претпријатија и во ефикасното користење на и онака малите државни ресурси. Не само што тоа ќе ја зголеми конкурентноста, туку во голема мера ќе придонесе за остварување на напорите на Владата за намалување на државниот дефицит - и преку длабоки структурни реформи во однос на трошењето, како и во постојаната работа за подобрување на собирањето даноци и намалувањето на „сивата" економија.

Факт е дека Владата на Република Македонија ги препозна овие клучни проблеми и покажа отвореност да започне дијалог во процесот на нивно адресирање. Сега е време да се забрзаат реформите и да се осигуриме дека новите закони се доследно спроведени преку подобра координација и надзор на јавната администрација.

Во текот на важниот и возбудлив период за Македонија што ќе започне со преговорите за членство во ЕУ, Советот на странски инвеститори, со своите повеќе од 130 членки, ќе остане на својата заложба да биде ценет партнер на Владата и на сите останати чинители: сериозен, претпазлив и поддржувач на сите позитивни промени во деловната средина. Знаењето и ресурсите на нашите членки ќе го ставиме на располагање со цел да помогнеме во подобрувањето на деловната клима во Македонија и да придонесеме овој процес да биде успешен.

# 2. СОВЕТ НА СТРАНСКИ ИНВЕСТИТОРИ

## За Советот на странски инвеститори

Советот на странски инвеститори е основан на 27 февруари 2006 година, со Одлука за формирање на Советот на странски инвеститори усвоена од претседателот на Стопанската комора на Македонија.

Советот на странски инвеститори е глас на деловната заедница, формиран со цел македонската економија да стане попривлечна за инвестирање преку поедноставување на деловното работење и зголемување на предвидливоста.

Промовирањето на деловната етика и високите начела за корпоративно управување се исто така на врвот на агендата на Советот на странски инвеститори.

Во моментот во Советот на странски инвеститори членуваат повеќе од 130 компании со странски капитал во земјата.

**Цели на Советот на странски инвеститори:**

- подобрување на инвестициска и деловната клима во Македонија преку конкретни предлози за реформи;
- стимулирање на странски директни инвестиции;
- унапредување на комуникацијата меѓу Советот на странски инвеститори и македонските власти;
- помош при надминување на разликите што може да постојат во односите со странските инвеститори;
- поврзување со други организации на странски инвеститори во регионот на ЈИЕ со цел да се искористат придобивките од споделувањето на најдобрите практики;
- проучување на конкретни средства за олеснување на регионалната соработка;
- олеснување на протокот на информации меѓу членките на Советот на странски инвеститори и Владата.

**Улогата на Советот на странски инвеститори:**

- да даде позитивен придонес за подобрување на македонската правна рамка во однос на трговските и даночните прашања;
- да ја промовира здравата деловна етика;
- да создаде добра слика за странските инвеститори и бизнисот воопшто.

## ОРГАНИЗАЦИЈА

Советот на странски инвеститори е формиран како деловна асоцијација на странски инвеститори во рамките на Стопанската комора на Македонија.

Главните тела на Советот се Собранието, Управниот одбор, претседателот и потпретседателите.

**Советот на странски инвеститори е организиран на следниов начин:**

- o Собрание;
- o Управен одбор;
- o претседател;
- o потпретседатели;
- o работни групи;
- o Канцеларија на Советот на странски инвеститори.

**Работни групи на Советот на странски инвеститори**

Работните групи во рамките на Советот на странски инвеститори се составени од претставниците на членките кои се вклучени во анализирањето на регулаторната област од нивен интерес, да иницираат поддршка за подобрување на деловната рамка и да го надгледуваат спроведувањето на законите. Текстовите од „Белата книга" - Платформа на Советот на странски инвеститори за застапување, исто така се резултат на работата и експертизата на работните групи.

Во рамките на Советот на странски инвеститори функционираат пет работни групи:

- o *Работна група за човечки ресурси;*
- o *Работна група за имотно-правни односи;*
- o *Работна група за правни и админситративни прашања;*
- o *Работна група за даноци и финансии и*
- o *Работна група за здравје, безбедност и заштита на животната средина.*

**Главни проекти и настани**

***„Белата книга"*** нуди приоритети во економската политика од аспект на странските инвеститори, но, дополнително на тоа, дава и предлози за олеснувањето на водењето бизнис во конкретни деловни области, со цел да се стимулира подинамично инвестирање на странски капитал во земјава.

***Позициски документ за реалната состојба*** - Овој документ се предвидува како корисна алатка за да ги потсети властите за препораките од најновото издание на „Белата книга" и го оценува нивото на нивно спроведување.

***Светски пикник*** - Овој настан е голема можност да се прослави долгорочната посветена работа на Советот на странските инвеститори и ветување за успешните проекти, настани и случувања кои ја потврдуваат нивната општествена одговорност.

## МИСИЈАТА НА СОВЕТОТ НА СТРАНСКИТЕ ИНВЕСТИТОРИ Е:

***„Активно промовирање и развој на предвидлива, конкурентна и одржлива деловна средина преку отворен дијалог со властите и другите релевантни чинители."***

# 3. РЕЗИМЕ

**„Белата книга“**

„Белата книга“ е најпрепознатлива публикација на Советот на странските инвеститори.

Главната цел на „Белата книга“ е да служи како платформа за комуникација со Владата на Република Македонија и со другите релевантни чинители и Советот на странските инвеститори и неговите членки активно ја користат во јавно-приватниот дијалог.

Нејзина клучна цел е да придонесе кон подобрување на деловната средина во земјата преку различни препораки од нашите членки.

**Поконкретно, „Белата книга“:**

- нуди преглед на моменталната ситуација на законодавната рамка во различни области;
- го надгледува развојот на сите сегменти од регулаторната рамка релевантна за нашите членки и
- дава практични препораки за подобрување на деловната клима.

Концептот на „Белата книга 2018“ е да даде обемен преглед на деловната средина во Република Македонија и да понуди конкретни препораки за тоа како таа да се подобри.

„Белата книга“ е механизам за да се оформи консензус меѓу членките на Советот на странските инвеститори за темите кои тие ги сметаат за релевантни. Работните групи кои се формирани во рамките на Советот на странските инвеститори служат како главни форуми за дефинирање на овој консензус што подоцна се одобрува од Управниот одбор на Советот на странските инвеститори. На тој начин членките се вклучени во секој чекор од долгиот процес на подготвувањето на „Белата книга“.

FOREIGN INVESTORS COUNCIL
within Economic Chamber of Macedonia

# Глава I: МЕЃУНАРОДНО ЕКОНОМСКО ОКРУЖУВАЊЕ

Растот на глобалната економија продолжи и во првиот квартал од 2018 година, поддржан од поволните остварувања како кај развиените, така и кај земјите во развој. Забрзување на економската активност се забележува во САД, а притоа се очекува дека најавената експанзивна фискална политика дополнително ќе ја поттикне мериканската економија во претстојниот период. Во еврозоната беше остварена солидна стапка на раст од 2,5%, што сепак претставува мало забавување, во споредба со претходниот квартал. Сепак, на среден рок се очекува постепено забавување на глобалната економска активност, а ризиците и натаму се претежно неповолни и се поврзани со растечкиот протекционизам во трговијата, можното затегнување на глобалните финансиски услови, реформите во Кина, како и можните последици од излегувањето на Велика Британија од ЕУ. Во првиот квартал дојде до одредено забавување на инфлацијата на глобално ниво, во најголема мера предизвикано од пониските стапки на инфлација во брзорастечките економии. Спротивно на тоа, се очекува дека растот на цената на нафтата во наредниот период и се' поголемата искористеност на економските капацитети кај повеќето земји ќе доведе до забрзување на глобалната инфлација.

**Глобален раст на БДП**
(годишни стапки на промена; годишни податоци)



Извор: ММФ, Светски економски преглед, јули 2018 година.

Глобалната економија забележа солидни остварувања во првиот квартал од 2018 година. Солидни стапки на раст беа забележани и кај развиените, но и кај земјите во развој. Во рамки на еврозоната, во првиот квартал од 2018 година, стапката на раст на реалниот БДП на годишно ниво изнесуваше 2,5%, што претставува мало забавување во однос на растот од 2,8% во четвртиот квартал во 2017 година. Како главни двигатели на растот се издвојуваат солидната лична потрошувачка и инвестициите, при поволни поместувања на пазарот на труд, поволни услови на финансирање и стимулативна монетарна политика на ЕЦБ. Стапката на раст на реалниот БДП во САД изнесуваше 2,8% на годишна основа (2,6% во четвртиот квартал од 2017), што претставува мало забрзување коешто претежно се должи на фискалниот стимул во американската економија. Од друга страна, пак, натамошно забавување на економската активност е присутно во Велика Британија, поврзано со неизвесноста околу последиците од напуштањето на ЕУ. Кај




Извор: ОЕЦД.

земјите во развој, и во првиот квартал од годината се задржаа релативно високите стапки на раст, при што растот забрза во Индија и во Русија, додека во Кина економијата и натаму расте со исто темпо како и во претходниот квартал. Од друга страна, пак, во Бразил имаше забавување на економскиот раст во првиот квартал, што упатува на релативно бавно закрепнување по долгата економска криза во оваа земја.

На краток рок, се очекува дека солидните остварувања на глобалната економија ќе продолжат, но на среден рок сепак се очекува забавување на растот. Позитивните остварувања на краток рок во голема мера ќе бидат поттикнати од фискалниот стимул во американската економија, како и претежно поволните финансиски услови и стимулативната монетарна политика. Најизразени неповолни ризици се растечкиот протекционизам во трговијата и геополитичките тензии. Понатаму, како позначајни ризици се сметаат можното затегнување на глобалните финансиски услови, процесот на спроведување реформи во Кина, како и несигурноста поврзана со процесот на Брегзит.

## Глава II: ЕКОНОМСКИ ПРЕДВИДУВАЊА ЗА РЕГИОНОТ

Според редовниот економски извештај на Светската банка за Западен Балкан, регионалниот раст беше поттикнат од зголемените јавни инвестиции и потрошувачката. Предводени од даночните реформи и побрзиот раст, повисоките даночни приходи создадоа фискален простор којшто некои земји побрзаа да го искористат за тековно трошење и капитални инвестиции.

Растот во Западен Балкан зајакна за околу 3,5%. Во поголемиот дел од регионот проекциите за раст на БДП за 2018 година се ревидирани во нагорна линија. Оваа година се очекува растот во Косово и Албанија да се зголеми за 4 проценти. Се очекува растот на Црна Гора кој е на ниво од 3,8 проценти да се зголеми за 1 процент, иако и тоа е помалку од минатата година.



Растот во Босна и Херцеговина продолжува да биде стабилен и е проценет на 3,2 проценти. Економијата на Србија отскокна на 3,5 проценти по минатогодишното забавување што се должеше на неповолните временски услови. Растот на Македонија исто така отскокна на 2,5 проценти како резултат на зголемената доверба на инвеститорите. Растот во регионот во најголем дел беше поттикнат од инвестициите и извозот.

Во првата половина од 2018 година беа креирани повеќе од 90.000 работни места со нови вработувања во индустријата и во услужниот сектор. Во некои земји, неактивноста и имиграцијата, а не креирањето нови работни места, се причина за падот на стапката на невработеност.

**Нето СДИ на БДП, проценти**




Ризиците што ја загрозуваат можноста за позитивен раст се како внатрешни, така и надворешни. Можното затегнување на финансиските услови на меѓународните пазари на капитал е ризик што е особено нагласен во земјите што имаат надворешна и фискална нерамнотежа. Големиот раст во регионот исто така во голема мера зависи од домашната и регионалната политичка стабилност, што ја дефинира брзината на структурните реформи.

**Јавен и јавно гарантиран долг, процент од БДП**




Растот на Западен Балкан е со проекција за забрзување, достигнувајќи 3,5 проценти за 2018 година. Во поголемиот дел од регионот растот во 2018 година ќе биде поголем отколку во 2017 година. Растот во Македонија се очекува да се зголеми на 2,5 проценти, поттикнат од подобрата доверба на инвеститорите и зголемената потрошувачка и извоз.

**Раст, 2017-2020п, процент**

| | 2017 | 2018п | 2019п | 2020п |
|---|---|---|---|---|
| Албанија | 3,8 | 4,0 | 3,6 | 3,5 |
| Босна и Херцеговина | 3,0 | 3,2 | 3,4 | 3,9 |
| Косово | 3,7 | 4,0 | 4,5 | 4,5 |
| Македонија | 0,0 | 2,5 | 2,9 | 3,2 |
| Црна Гора | 4,3 | 3,8 | 2,8 | 2,5 |
| Србија | 1,9 | 3,5 | 3,5 | 4,0 |
| ***ЗБ6*** | **2,4** | **3,5** | **3,5** | **3,8** |

Во 2018 година потрошувачката продолжува да ја поттикнува економската активност, поттикната од растот на платите и на стапката на вработеност. Во сите шест земји се очекува поголемите јавни инвестиции да дадат позитивен придонес за растот.

**Поголемото трошење ја поддржа потрошувачката и растот на инвестициите во 2018 година**
**Фактори за реалниот раст на БДП, процент**




Извор: национални заводи за статистика

Речиси во сите земји имаше зголемување на вработеноста, но со побавен раст отколку во 2017 година. Во првата половина од годината, во земјите од Западен Балкан беа креирани само 91.400 нови работни места, во споредба со 214.000 креирани пред една година. Повеќето нови работни места се во индустријата или во услужниот сектор. Во поголемиот дел од земјите од Западен Балкан, невработноста достигна ново најниско ниво и вкупно 9.000 невработени млади луѓе најдоа работа. До јуни, 2018 година, стапката на невработеност се симна на историски најниско ниво од 21,1 % во Македонија, 14,4 проценти во Црна Гора, 12,4 % во Албанија и 11,9 % во Србија.

**Вработувањето реагираше бавно на растот**
две четвртини раст на вработеноста, проценти




Извор: Национални заводи за статистика

**Во сите земји на ЗБ6 освен Србија, невработеноста опадна во 2018**
Стапка на невработеност, 15+ години, процент, промена 2017-2018




Приходите продолжуваат да растат поттикнати од даночната реформа и зголемената економска активност. Односот на приходите со БДП се очекува да се зголеми во Црна Гора (2,1 пп од БДП), во Македонија (1,1 пп) и во Босна и Херцеговина (0,8 пп) со помали поместувања во Косово и Албанија.

**Остварените приходи помогнаа во финансирањето на поголемите трошења во поголемиот дел од регионот**

Придонес кон промени во фискалниот дефицит, 2018е, процент од БДП




Во земјите каде консолидацијата е созреана, долгот продолжува да паѓа, а во другите, јавниот и јавно загарантираниот долг се зголемува.

Во повеќето земји од Западен Балкан, високиот и растечки јавен долг е придружен со фискални и надворешни нерамнотежи, правејќи ги перспективите

ранливи на зголемување на трошоците за финансирање, доколку дојде до заострување на финансиските пазари. Затоа, одржување на долгорочен раст бара реформи кои ги ослободуваат приватните инвестиции и извозот.

**Стапката на јавен долг кон БДП падна во Србија, Албанија и Босна и Херцеговина**

Јавен долг и загарантиран делг, процент од БДП




Извор: Национални заводи за статистика

Банките на Западен Балкан остануваат добро снабдени со капитал, иако се очекува и дополнителна нивна консолидација. Важно е да се направи диверзификација на финансиските системи за да се овозможи пристап до финансирањето и достапноста на временото финансирање со цел поттикнување на инвестициите, а со тоа и економскиот раст.

Надворешните дефицити се очекува да останат стабилни, но во повеќето земји се очекува и да се зголемат. Благото зголемување на надворешниот долг во 2018 година во поголемиот број земји кој и претходно веќе беше на високо ниво укажува на тоа дека некои земји продолжуваат да зависат од надворешното финансисрање.

**Надворешните дефицити во регионот со стабилен раст**

Тековна сметка, процент од БДП



## Структура на странските директни инвестиции (СДИ) во Западен Балкан

Странските директни инвестиции (СДИ) може да го олеснат економскиот раст преку прелевање на продуктивноста, создавање работни места и надградба на извозната кошничка.

Креаторите на политики во земјите во развој често поднесуваат иницијативи за привлекување СДИ со очекување дека тоа не само што ќе донесе капитал, туку исто така и нови технологии, пазарни техники и вештини за управување. Всушност, СДИ се сметаат како главен канал за трансфер на технологија во земјите во развој.

Прелевањата се случуваат кога локалните компании ги применуваат технологиите или преку обсервација, или преку најмување работници што биле обучени од компании со странска сопственост. Странските директни инвестиции, како скелет на услужните сектори, исто така го зголемуваат и квалитетот на услугите што се нудат.

**Но, не се сите СДИ еднакво ефективни во забрзувањето на растот.** Анализата на секторите што добиваат СДИ дава податоци за потенцијалот на продуктивноста за технолошките прелевања преку повратни врски кон домашните добавувачи или напредни врски кон домашните индустрии. СДИ во производството на автомобили, на пример, со текот на времето се покажа дека обезбедуваат прелевање на продуктивноста на домашните добавувачи на автомобилски делови. Слично на тоа, прелевања на продуктивноста се увидени и кај СДИ поврзани со услужните сектори, како ИКТ, финансии, или хотелство и туризам, а и кај производството. Инвестициите во недвижнините и во рударството имаат помала поврзаност со домашното стопанство, особено откако ќе завршат градежните работи, потенцијалот за прелевање на продуктивноста е мал.

**Странските директни инвестиции (СДИ) на Западен Балкан се доста ограничени.**

Во 2017 година, просечната стапка на инвестиции во регионот беше 23 проценти од БДП, трета најниска стапка од средниот приход - просек на земјата.

Просечната вредност на СДИ по жител на Западен Балкан (2.600 евра во 2015 година) е помалку од половина од вредноста на СДИ по жител во земјите-членки на ЕУ од Источна Европа и само една седмина од просекот на ЕУ. Црна Гора има најголема вредност на СДИ по жител (6.700 евра), по што следи Србија (3.700 евра) која имаше брз раст на гринфилд СДИ. Вредноста на СДИ по жител на другите земји од Западен Балкан е на ниво од 2.000 евра или помалку.

**Во Македонија и Косово, освен во неколку исклучителни години, приливот на нето СДИ во најголем дел е под 5 проценти од БДП.** Во Албанија, нето СДИ, главно за проекти за хидроенергија, во 2017 година достигна ниво од 9 проценти од БДП. Во Србија, во периодот меѓу 2009 и 2017 година, годишниот прилив на СДИ во просек е 5 проценти од БДП. Во некои периоди, СДИ во Црна Гора, иако доста непостојани, достигнаа и просек од 15 проценти од БДП, но главно фокусирни на туризмот и недвижнините.

**Гринфилд СДИ на Западен Балкан главно доаѓаат од ЕУ-28, како Италија, Австрија, Германија, Словенија и Холандија, но исто така свој удел имаа и инвеститорите од Русија и Обединетите Арапски Емирати, САД и Турција.**

Слично на тоа, кога ќе се земе предвид целата вредност на СДИ, поголемиот дел доаѓа од Холандија, Австрија, Кипар, Грција, Италија и Швајцарија. СДИ во рамките на регионот се доста ограничени, што укажува на тоа дека има простор за регионална интеграција. Автомобилските компоненти и оригиналното производство на опрема, кои имаат поголем потенцијал за прелевање на продуктивноста, се само 6 проценти од СДИ. Поради тоа што Македонија и Србија добиваат најголем дел од производствените СДИ, како што се автомобилски компоненти и прехранбени производи, тие се подобро позиционирани за користење на придобивките од долгорочното прелевање на продуктивноста од странските компании кај домашните добаувачи.

Меѓу фактортите што странските инвеститори ги земаат предвид при донесувањето на одлуките за инвестирање се и политичката стабилност и сигурност, законската и регулаторната средина и степенот на поволност за водење бизнис, квалитетот на инфраструктурата, талентот и вештините на работната сила, ниските трошоци за работна сила и инпутите.

Но, додека некои земји од Западен Балкан прават големи даночни олеснувања за да ги привлечат СДИ, тие обично не се меѓу петте главни аспекти кои се земени предвид од страна на странските инвеститори во регионот- само еден од пет инвеститори смета дека отсуството на поттик за инвестициите е од клучна важност. Сепак, јасно е дека земјите може максимално да ги искористат придобивките од СДИ само доколку тие имаат добро развиени финансиски пазари. А инвеститорите доста го вреднуваат квалитетот на локалните добавувачи. Достапноста на човечки капитал е во центарот на користењето на придобивките од СДИ. Според тоа, подобрувањето на деловната средина и инвестирањето во човечки капитал се приоритет за привлекување СДИ во Западен Балкан и максимално користење на нивните придобивки.

**Состав на приливи од гринфилд СДИ по земји**




Извор: пазари на странски инвестиции и пресметки на персоналот на Светската банка

**Поголема регионална економска интеграција значи поголем раст и повеќе работни места.**

Економската интеграција може да го олесни пристапот до поголема потрошувачка база, поголем број квалификувани работници, дополнителни извори за финансирање и нови технологии. Поголемиот пазар со еднакви можности и за домашните и за меѓународните компании може да ја зацврсти конкуренцијата, да ги размрда склеротичните индустрии и да ја поттикне иновативноста. Ова е особено важно за малите економии во Европа и во Централна Азија каде домашните пазари сами по себе се недоволни за да се оправда развојот на комплексните синџири на вредности и каде локалните тесно поврзани политички и деловни елити понекогаш може да го отежнат појавувањето на домашната конкуренција.

Според извештајот на Светска банка, најдобро поврзани подрегиони на Европа и Централна Азија се Западна Европа, по што следуваат Северна, Централна и Јужна Европа. Западниот Балкан, Централна Азија и Јужен Кавказ имаат најниско ниво на севкупна поврзаност.

Додека Западен Балкан постигна голем напредок при отворањето на својата економија, земјите од овој регион продолжуваат бавно да чекорат. На пример, иако просечниот сооднос меѓу извозот на добра и услуги и БДП на Западен Балкан кој во 2010 година изнесуваше околу 30 проценти во 2017 година се зголеми на околу 40 проценти, тој сепак останува зад нивоата постигнати од другите регионални конкуренти како што се Летонија (околу 60 проценти), Кипар (околу 65 проценти) и Естонија (околу 80 проценти), а сите тие имаат значително повисок приход по жител дури и со број на население сличен, па дури и помал од оној на економиите на Западен Балкан. Ова делумно ги отсликува и наследните фактори на Западен Балкан, како што е, на пример, релативно ограничената основа за продуктивност што сега треба постепено да се потхранува и поновата историја на регионални етнички тензии кои ја ограничија трговијата и во рамките на регионот, и надвор од него. Сепак, делумно, оваа состојба повикува и на понатамошна политичка активност. Во 2017 година, забележувајќи ги можностите за раст што може да дојдат со економската интеграција, Западен Балкан иницираше заеднички Повеќегодишен акциски план (ПАП) со цел развивање на регионална економска област. Оваа иницијатива ја промовира регионалната економска интеграција меѓу земјите на Западен Балкан, но исто така врши и усогласување на регионалните правни рамки и инфраструктура со исполнување на барањата за потенцијалниот пристап во ЕУ, со цел регионот да може да биде целосно интегриран во синџирите на вредности на ЕУ.

ПАП покрива четири димензии на економска интеграција: трговија, инвестиции, мобилност и дигитална интеграција. Многу работи се веќе постигнати. На пример, дополнителниот Протокол 5 од Централноевропскиот договор за слободна трговија (ЦЕФТА) стапи на сила, потоа беше поддржана Агендата за регионална инвестициска реформа (АРИР), а беше лансирана и Агендата за дигитална реформа. Со напорите вложени во овој момент регионот  сега има единствена можност да се придвижи кон напред, кон поголема регионална и глобална економска интеграција.

Овој обемен пристап кон регионалната интеграција е неопходен за олеснување на трансферот на знаење и технологија што се клучни за да се постигне висок економски раст и заеднички просперитет. Клучните врски меѓу земјите од Западен Балкан,

преку трговијата, СДИ, миграцијата, телекомуникациите и транспортот, се меѓусебно комплементарни. Интернетот и ефикасните преносни врски, на пример, се неопходни за поттикнување и на добрата, и на услугите. И двете се неопходни за успешна интернет трговија која би ги искористила придобивките од дигиталната револуција.

Понатаму, технолошкиот трансфер доаѓа од поврзувањето на СДИ на домашните фирми со глобалните синџири на вредности, при што се овозможува локало прелевање на знаење. И тие се поголеми од земјите што имаат силни врски со трети земји. Токму затоа, урамнотежен пристап за зголемување на поврзаноста е повеќе од неопходен. Влоговите се големи, но економската интеграција може да биде клучот до повисок стандард на живот што Западен Балкан се стреми да го постигне. Приходот по жител на Западен Балкан е сè уште само 28 проценти од оној на Германија, а со моменталната стапка на раст на регионот ќе му бидат потребни пет децении за да го постигне моменталниот стандард на живот на Германија и осум децении за да го достигне нивото на Германија. Потребни се нови можности за да се забрза растот, а тоа значи надминување на малите и фрагментирани национални пазари. Процесот ќе биде потпомогнат од неконкурентната природа на извозот на земјите со заедничка визија за обезбедување на макроекономска стабилност, спроведување на прекугранични реформи и зацврстување на економската интеграција што ќе му овозможи на Западен Балкан да го забрза растот, да го подобри стандардот на живот и да ги искористи придобивките од новата глобална економија.

*„Иницијативата на Западен Балкан шест / ЗБ 6 Иницијатива“ го зацврсти процесот за интеграција кон ЕУ. Агендата за поврзување и регионална соработка е исто така значаен дел од Стратегијата на Западен Балкан.*

*Развојот на транспортната и енергетската инфраструктура е предуслов за регионална поврзаност. Со зближувањето на економиите и народите, поврзаноста ќе го поттикне севкупниот општествено-економски развој. ЕУ обезбеди милијарда евра во форма на грантови за периодот 2014-2020 година, преку Инвестициската рамка на Западен Балкан, за да се финансираат проекти за инфраструктурна поврзаност во рамките на Иницијативата ЗБ6.*

**Меѓу малите земји во Европа и Централна Азија, високиот приход по глава на жител е тесно поврзан со трговската отвореност**

Извоз на стоки и услуги, процент на БДП




Извор: Индикатори за светски развој 2017; Економии во Европа и Централна Азија

## Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори

- Земјите од Западен Бакан повеќе или помалку имаат слични предизвици, но најголемиот заеднички предизвик кој ги обединува е одржливиот пат кон економски развој, а во таа насока добрососедските односи и политичка стабилност на регионот се дел од клучните услови. Воспоставувањето на заеднички регионален пазар од над 20 милиони ќе го направи регионот поконкурентен, но и секоја од државите поединечно. Единствен пазар значи отворање на нови работни места, намалување на трошоците, побрз проток на стоки и луѓе и повеќе странски директни инвестиции.
- Регионалниот инвестициски пристап ќе ги намали пречките за влез на инвеститорите, подобро ќе ги штити инвестициите, ќе ги рационализира политиките за привлекување на инвеститорите, и, можеби најважно, подобро ќе го позиционира регионот за негова интеграција во глобалниот синџир на снабдување.
- Меѓународната поврзаност преку трговијата, инвестициите, миграцијата, комуникациите и транспортот е од клучно значење за економскиот развој во земјите од Западен Балкан. Со заедничко делување, тие врски им помагаат на компаниите да станат попродуктивни преку пренос на знаење и технологија што е од суштинско значење за поттикнување на долгорочен раст и заеднички просперитет. Зголемената поврзаност ги изложува земјите во регионот на ризик од економски шокови. Меѓутоа, преку обезбедување алтернативни извори на надворешна побарувачка и финансирање, разновидните врски можат да ги намалат тие ризици и да им помогнат на земјите да управуваат како со домашните, така и со надворешните шокови.
- Единствен извор за одржлив и инклузивен раст на земјите од Западен Балкан кој ќе ги приближи кон земјите од ЕУ е токму интензивирање на регионалната економска интеграција и зголемувањето на трговската и економската соработка во рамките на регионот.
- За достигнување на посакуваните стапки на раст, македонската економија мора да ја зголеми својата продуктивност преку искористување на економијата од обем со поголема регионална и меѓународна интеграција, а активностите континуирано мора да се насочуваат во правецот кон зајакнување на регионалната соработка.

## Глава III: РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ЕКОНОМСКИ ПРЕДВИДУВАЊА

- *Според проекциите, во 2018 година растот ќе се зголеми за 2,5 проценти и ќе биде предводен од потрошувачката и подобрувањето на инвестициите врз основа на довербата на инвеститорите што се зголемила со повторното воспоставување политичка стабилност.*
- *Перформансот на пазарот на трудот е подобрен, а стапката на невработеност падна на историски ниско ниво. Иако, повисока од повеќето други земји на Западен Балкан, согласно стандардите на ЕУ, стапките на вработеност и на работна сила се ниски.*
- *Фискалниот дефицит се намалува, во голема мера поради значителната неискористеност на капиталното трошење. Во секој случај, до јуни 2018 година, се зголемил јавниот долг.*
- *Забрзувањето и одржувањето на растот без притоа да се стави во опасност фискалната одржливост треба да биде приоритет. За тоа ќе биде потребна солидна фискална стратегија со цел да се спречи поголем раст на јавниот долг и структурни реформи за да се почувствуваат придобивките од долгорочното вработување преку поголема продуктивност, подобар човечки капитал и подобар квалитет на јавните услуги.*
- *Ризиците за иднината се умерени. Од надворешна перспектива, тоа би биле бавниот раст во ЕУ и перспективите за пристап, можно заострување на финансиските услови за новите пазари, како и регионалната политичка состојба, што претставуваат главни ризици.*

Според извештајот на Светска банка, во 2018 година, со закрепнувањето на извозот, потрошувачката и инвестициите, македонската економија почнала да се придвижува од вообичаената стагнација. Во првите шест месеци од 2018 година, производството се зголемило за 5,6 %, особено во секторите во кои има интензивно присуство на СДИ. Во меѓувреме, локалните индустрии како рударството, текстилната, металната и неметалната индустрија се намалиле. Продолжувајќи со негативниот тренд, градежниот сектор се соочи со пад поголем од 25 % паралелно со забавувањето на изградбата на патишта. Сепак, приватните инвестиции (претставени од градежните работи) почнаа да растат по пад од 12 последователни месеци. Поттикнати од повисоките плати, пензии и кредитирањето на домаќинствата, малопродажбата продолжи да расте, а туризмот имаше рекордна година. Со закрепнувањето на инвестициите и на потрошувачката, се проектира до крајот на годината растот од нула во 2017 година да скокне на 2,5 проценти.

Пазарот на трудот продолжи да се подобрува, делумно потпомогнат од субвенциите за вработување. Во првата половина од 2018 година, вработувањето се зголеми за 2,1 %. Повеќето нови работни места беа во преработувачкиот,

прехранбениот и угостителскиот сектор, пошто следеа градежништвото и професионалните услуги. Субвенциите за Програмата за вработување, вклучувајќи го и субвенционирањето за зголемувањето на минималната плата, речиси двојно се зголемија во 2018 година во споредба со истиот период минатата година. Иако стапката на вработеност се подобри на 44,9 % во вториот квартал, повеќе од половина работоспособни Македонци се сè уште невработени, или не бараат работа. Стапката на невработеност се намали на историски ниско ниво од 21,1 % во јуни и, според проекциите, во текот на годината ќе продолжи да се намалува до 20,4 %. Уделот на долгорочна невработеност од 78 % (81 % во 2017 година) ги отсликува структурните проблеми на пазарот на трудот. Невработеноста кај младите (на возраст од 15 до 24 години) беше 47,6 % и во споредба со претходната година е малку зголемена. Со зголемувањето на минималната плата во септември 2017 година, нето платата се зголеми во просек од 5,5 %. Најголемото зголемување, над 10 %, е кај трудово-интензивните сектори со мали примања.

Во 2018 година се очекува фискалниот дефицит да се намали со растот на приходот и со падот на капиталните инвестиции. До јули 2018 година, приходите се зголемија до 4,6 проценти, поттикнати од социјалните придонеси, акцизи и поголемите проходи од корпоративните даноци и даноците за личен доход. Нето приходите од ДДВ исто така се зголемија, и покрај бранот на поврат ок на ДДВ за да се подмират заостанатите долгови кон корпоративниот сектор. Трошењето се зголеми само за 1,3 %, а тоа, во најголема мера се должи на падот на капиталното трошење и покрај веќе ниската основа во 2017 година. Од друга страна, тековното трошење се зголеми за 5,7 %, предводено од социјалните трансфери и субвенциите за вработување за компаниите со цел да се компензира за зголемувањето на минималната плата. Буџетскиот дефицит се намали на 2,1 % од БДП (на 12-месечна основа) во споредба со 2,7 % во 2017 годиан. Очекуваниот дефицит за 2018 година е 2,6 %, или 3,2 кога ќе се вклучат финансиите на Јавното претпријатие за државни патишта. И покрај намалениот дефицит, новото задолжување го зголеми јавниот долг. Јавниот и јавно загарантираниот долг се зголеми од 47,6 % во 2017 година на 49,1 % до јуни 2018 година. Зголемувањето се должи на издавањето на новата Еврообврзница, со историски најдобри услови за 7-годишна обврзаница од 500 милиони евра за 2,75 %, што целосно ги покрива потребите за задолжување на Владата за 2018 година. Од друга страна, гарантираниот долг, како процент од БДП, се намали од 8,2 на 8 % со забавување на издатоците за кинескиот заем за изградбата на автопатишта. Јавниот и јавно загарантираниот долг се очекува до крајот на годината да достигнат ниво од 50,6 % од БДП.

**Економијата почна да закрепнува до средината на 2018 година ...**




Извор: Државен завод за статистика

**... и треба понатаму да се зајакнува како што е предложено преку индикаторите со висока фреквенција**




Извор: Државен завод за статистика и предвидувања на Светска Банка

### Надворешниот дефицит се намали поради зголемениот извоз

Процент од БДП




Извор: податоци на Народната банка

### Пазарот на труд се подобри, со невработеност од историски минимум

Процент




Извор: Државен завод за статистика

### Продолжената кредитна експанзија е главно насочена за домаќинствата

Процент / Годишна промена, проценти




Извор: податоци на Народна банка

### Иако дефицитот се намали, јавниот долг продолжи со растот

Процент од БДП




Извор: проценка на Министерството за финансии и Светската банка

Монетарната политика стана уште поприспособлива. Во текот на 2018 година, Народната банка на Република Македонија, во два последователни наврата, ги намали клучните каматни стапки за 25 поени, со што тие беа доведени на ниво од 2,75 %. Намалувањето на каматната стапка ги отсликува поволните промени на пазарот на странски валути, предводено од подобрената надворешна позиција, зголемувањето на депозитите и стопанската стагнација на почетокот на 2018 година и покрај позитивните очекувања на економските агенти. Во 2018 година инфлацијата се зголеми на 1,5 %, што беше ниво до јули, а цените на храната, пијалаците и енергијата (вклучувајќи ја и нафтата) се зголемија. Основната инфлација сè уште беше мала, на ниво од 1,3 % во јули, што укажува на тоа дека економската активност е сè уште под својот потенцијал. Во 2018 година кредитирањето се зголеми и главно е насочено кон домаќинствата. До јули, кредитирањето на домаќинствата порасна за 10 проценти, во економија која сè уште заздравува, а кредитирањето на компаниите се зголеми за 2,6 %. Неодамнешните подобрувања на средствата на банките, со намалувањето на нефункционалните кредити за компаниите од 9,8 % во 2017 година на 7, 8 % во јули  2018 година, и севкупен пад на нефункционалните кредити од 6,2 на 5,1 %, го поттикна стимулативното кредитирање. Истражувањето на кредитната активност укажува на помали критеируми за кредитирање и поголема побарувачка за кредитирање од страна на компаниите. Надворешниот биланс е сè уште стабилен. Дефицитот на тековната сметка се очекува маргинално да се намали од 1,3 % од БДП во 2017 година на 1,2 %. Добриот перформанс на извозот на автомобилски делови, заедно со железото и челикот, мебелот и тутунот, придонесоа

состојбата на трговскиот дефицит за добра и услуги во голема мера да остане непроменет, иако увозот се зголемил за два пати. Нето приватните приливи доволно се зголемија за да се покрие целиот трговски дефицит на добра и услуги. Дефицитот во примарниот биланс на приходи маргинално се зголеми поради исплатите на каматите и повратниот профит.

Се проектира дека СДИ ќе се зголемат од 2,3 % до БДП во 2017 година на 3,0 % во 2018 година.

| **Македонија** | **2014** | **2015** | **2016** | **2017** | **2018п** | **2019п** | **2020п** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реален раст на БДП (процент) | 3,6 | 3,9 | 2,9 | 0,0 | 2,5 | 2,9 | 3,2 |
| Потрошувачка (процентни поени) | | | | | | | |
| Потрошувачка | 2,0 | 3,7 | 2,5 | 1,8 | 1,4 | 1,2 | 1,0 |
| Инвестиции | 2,9 | 2,6 | 4,4 | -1,1 | 0,4 | 1,5 | 2,1 |
| Нето извоз | -1,3 | -2,5 | -4,0 | -0,7 | 0,7 | 0,2 | 0,1 |
| Извоз | 7,3 | 4,2 | 4,2 | 5,0 | 5,0 | 4,9 | 4,9 |
| Увоз | 8,7 | 6,7 | 8,3 | 5,7 | 4,3 | 4,7 | 4,8 |
| Инфлација на потрошувачки цени (процент, просечен период) | -0,2 | -0,3 | -0,2 | 1,3 | 1,6 | 2,0 | 2,0 |
| Јавни приходи (процент од БДП) | 29,7 | 31,0 | 30,3 | 30,9 | 32,0 | 32,7 | 32,8 |
| Јавни расходи (процент од БДП) | 33,9 | 34,4 | 33,0 | 33,7 | 34,6 | 35,3 | 35,4 |
| Од кои: | | | | | | | |
| Надоместок за плати (процент од БДП) | 7,0 | 7,0 | 6,8 | 6,6 | 6,9 | 6,9 | 6,7 |
| Социјални трансфери (процент од БДП) | 15,3 | 15,3 | 15,3 | 15,8 | 15,7 | 15,8 | 15,8 |
| Капитални расходи (процент од БДП) | 4,2 | 4,2 | 3,8 | 4,1 | 3,7 | 4,1 | 4,3 |
| Фискален баланс (процент од БДП) | -4,2 | -3,4 | -2,7 | -2,8 | -2,6 | -2,6 | -2,6 |
| Фискален биланс со јавно претпријатие за државни патишта | -5,3 | -4,1 | -3,8 | -3,4 | -3,2 | -3,1 | -3,1 |
| Примарен фискален баланс (процент од БДП) | -3,2 | -2,3 | -1,5 | -1,5 | -1,2 | -1,1 | -0,9 |
| Јавен долг (процент од БДП) | 38,1 | 38,1 | 39,6 | 39,3 | 42,4 | 43,5 | 44,2 |
| Јавен и јавно гарантиран долг (процент од БДП) | 45,7 | 46,6 | 48,4 | 47,6 | 50,6 | 55,7 | 58,3 |
| Од кои: надворешен (процент од БДП) | 32,1 | 31,6 | 33,9 | 31,9 | 36,3 | 43,1 | 44,7 |
| Извоз на стоки (процент од БДП) | 32,5 | 33,6 | 35,7 | 40,4 | 42,7 | 44,6 | 46,3 |
| Увоз на стоки (процент од БДП) | 54,2 | 53,7 | 54,3 | 58,2 | 60,3 | 62,3 | 63,8 |
| Нето извоз на услуги (процент од БДП) | 4,5 | 3,8 | 3,6 | 4,0 | 4,3 | 4,6 | 4,9 |
| Трговски баланс (процент од БДП) | -17,2 | -16,2 | -15,0 | -13,9 | -13,3- | -13,1 | -12,5 |
| Приливи од дознаки (процент од БДП) | 2,4 | 2,3 | 2,0 | 1,9 | 1,9 | 1,9 | 1,9 |
| Биланс на тековната сметка (процент од БДП) | -0,5 | -2,0 | -2,7 | -1,3 | -1,2 | -1,4 | -1,5 |
| Нето приливи од странски директни инвестиции (процент од БДП) | 2,3 | 2,2 | 3,3 | 2,3 | 3,0 | 3,1 | 3,2 |
| Јавен долг (процент од БДП) | 69,6 | 68,5 | 72,0 | 72,7 | 77,4 | 78,2 | 78,9 |
| Реален приватен кредитен раст (процент, просечен период) | 8,5 | 9,4 | 7,8 | 4,2 | н/а | н/а | н/а |
| Нефункционални кредити (процент од бруто-кредити, крај на периодот) | 11,1 | 10,6 | 6,4 | 6,2 | н/а | н/а | н/а |

| Македонија | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018п | 2019п | 2020п |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Стапка на невработеност (процент, просечен период) | 28,0 | 26,1 | 23,7 | 22,4 | 20,4 | 19,4 | 18,0 |
| Стапка на невработеност на млади лица (процент, просечен период) | 53,1 | 47,3 | 48,3 | 46,8 | н/а | н/а | н/а |
| Стапка на учество на работна сила (проценти, просечен период) | 57,5 | 57,2 | 56,8 | 57,2 | н/а | н/а | н/а |
| БДП по глава на жител ППП (во $) | 22.002 | 22.514 | 22.998 | 23.493 | 23.998 | 24.514 | 25.041 |
| Стапка на сиромаштија од 5 долари / ден, ППП (процент од населението) | 24,8 | 23,2 | 21,9 | 21,0 | 20,7 | 20,5 | 20,5 |

Извори: Државни органи, проценки на Светската банка и проекции.

Забелешки: Стапките на сиромаштија се базираат на истражување на Македонија за приходи и услови за живеење (SILC).

## Предвидувања и ризици

Економските предвидувања се позитивни и се очекува до 2020 година растот постепено да се зголеми на 3,2 %. Поттикнато од подобрените инвестиции и подобрената политичка клима, со завршувањето на техничките тешкотии кои ја спречуваа изградбата на двата автопата, се очекува заздравување и на градежниот сектор. Исто така, се очекува и раст на производството, предводено од надворешната побарувачка. Се проектира раст на приватната потрошувачка поради повисоките плати и стапката на вработување, зголемените заеми за домаќинствата, а исто така, како што новите власти најавија, и зголемување на социјалните трансфери. Ова сценарио е условено од успехот на Договорот со Грција за решавање на името на државата и обновата на процесите за пристапување кон ЕУ и НАТО. Надворешно, бавниот раст во ЕУ и можностите за проширување, можното заострување на финансиските услови за новите пазари, како и регионалната политичка состојба се главните ризици.

Според извештајот на Светска банка, забрзувањето и одржувањето на растот без притоа да се загрози фискалната одржливост е клучен аспект. Политичката стабилност и оптимизмот на бизнисот им даваат можност на креаторите на политиките да ги начнат клучните долгорочни приоритети за развој. Владата, која е на власт од јуни 2017 година, започна нова програма за реформи и веќе постигна напредок во спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавното управување со финансиите, со што јавните финансии ги направи потранспарентни и го дерегулираше енергетскиот сектор. Сепак, преговорите за пристап кон ЕУ ќе бараат поголеми напори за реформа доколку Македонија сака да ги достигне оние кои се пред неа. Фискалната консолидација на среден рок е неопходна за намалување на фискалниот дефицит и стабилизирање на односот меѓу јавниот долг и БДП. Стратегијата за раст на земјата мора да се оттргне од зависноста на фискалниот стимул за поддршка на индивидуалните компании и да спроведе структурни реформи кои ќе креираат работни места на долг рок со тоа што ќе се поттикне човечкиот капитал и продуктивноста на компанијата. За да се олеснат демографските притисоци на среден и на долг рок, реформите на пензиите и на здравството се неопходни за надминување на структурните предизвици на двата система. На крај, јавното трошење мора да биде поефикасно, така што јавните услуги ќе можат да бидат поефективно обезбедени.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Според макроекономските индикатори, растот на индустриското производство кое е повисоко од пет проценти и извозот којшто има двоцифрена стапка на раст и други показатели, во изминатава година македонската економија остварува раст, пред се`, заради приватниот сектор, придвижувањата во економијата и заради извозот, за разлика од порано кога носител на растот беше државната интервенција во непродуктивни проекти и капитални инвестиции.
- Фокусот на макроекономската политика на Владата во наредниот период треба да продолжи да биде насочен кон развој на економијата и подигнувањето на животниот стандард на граѓаните, преку поддршка на домашните претпријатија, привлекување и поддршка на странските инвеститори, зголемување на вработеноста во економијата преку активните мерки за вработување, натамошна фискална консолидација преку етапно намалување на буџетскиот дефицит, како и одржување на ценовната стабилност преку одржување на стабилниот девизен курс на денарот во однос на еврото.
- Владините економски мерки и политики во наредниот среднорочен период треба да бидат посветени на создавање функционална и конкурентна пазарна економија, при што структурните реформи да бидат насочени кон зајакнување на човечкиот капитал, стимулирање на иновативноста и креативноста, натамошно подобрување на транспортните и енергетски пазари и олеснување на трговијата. Спроведувањето на овие мерки, надополнети со активните мерки на пазарот на трудот, треба да придонесе за зголемување на конкурентноста на македонската економија, за креирање работни места и намалување на невработеноста.
- Нова политичка криза ќе влијае многу лошо на економијата, која се обидува да закрепне по минатогодишната длабоката политичка неизвесност. Зачувување на политичката стабилност, а со тоа и на економската, ќе биде клучен предизвик во периодот што следува, имајќи предвид дека во непредвидливи услови одложената инвестициска активност и воздржаноста на економските оператори ќе се зголемува, додека, од друга страна, ефикасноста на институциите, како и економските политики од страна на креаторите на политиките, ќе ја намалуваат својата ефикасност. Во минатото беше евидентно, и тоа го покажуваа сите статистички показатели, дека во услови кога има избори и одредени кризи, стопанството не е имуно и се доведува во пад или стагнација.
- Следен важен чекор е зајакнување на македонската економија, а унапредувањето на нејзината конкурентност, отпорност и привлечност за странските инвеститори би требало да ја зголеми стапката на раст во наредниот период. За да се забрза трендот на раст, Македонија мора да спроведе неопходни структурни реформи коишто значајно ќе ги зголемат ефикасноста и продуктивноста на целокупното стопанство и ќе создадат деловно опкружување во кое важат еднакви правила за сите актери, а воедно ќе допринесат и за натамошно зајакнување на приватниот сектор.

## Глава IV: ДЕЛОВНА КЛИМА И КЛУЧНИ СЕКТОРИ ОД ИНТЕРЕС 1.1.

- Странски директни инвестиции
- Извоз и извозни потенцијали
- Инфраструктура
- Индустрија
- Работна сила и вработување
- Капитални инвестиции
- Дигитализација

Иако просечниот раст на македонската економија од 2009- 2016 година изнесува 2,2% и над регионалниот просек од 1,5%, сепак стапките на раст се релативно ниски и ја одразуваат ниската продуктивност, пред се` заради ниските инвестиции на приватниот сектор, ниската активност на работната сила и недоволниот квалитет на образованието. Дополнително, промовирање на евтина работна сила не води кон постигнување на високи резултати, иако не може да се занемари бројката од 17.000 остварени вработувања во странските компании од ТИРЗ, имајќи предвид дека Македонија се` уште има стапка на невработеност над 20%. Ефектот на странските компании не се пресликa во доволен обем во домашната економија преку пренесување модерна технологија, вработување кадри со високо образование, трансфер на знаење и поголемо поврзување со домашните компании.

Во последниве неколку години, притисоците се зголемуваат и поради влошената фискална дисциплина и растечкиот јавен долг. И покрај тоа што земјата има еден од најниските државни долгови во Европа, кој изнесуваше 39% од БДП во 2015 година, Македонија има еден од најбрзо растечките долгови, кој е двојно зголемен од 2008 година, бидејќи фискалната политика во последниве години беше користена за да обезбеди стимул за краткорочен раст. За да може животниот стандард во Република Македонија да конвергира со оној на земјите-членки на ЕУ, реалниот раст на БДП ќе треба да забрза на околу 4,5% во следните 20 години.

Натамошното подобрување на деловното окружување и условите за растот предводен од приватниот сектор се од суштинско значење за одржување на растот и создавањето работни места. Македонија постигна значителен напредок во подобрувањето на деловното окружување, заради што земјата е рангирана на 10-то место од 190 економии согласно Извештајот на Светска банка, „Дуинг Бизнис 2019".

За создавање услови за долгорочен економски пораст, Европската комисија препорачува воспоставување среднорочна буџетска рамка, фискална консолидација и целно трошење, подобрување на законодавството, намалување на неформалниот сектор, зајакнување на пазарот на трудот и овозможување услови за поголема вработеност, особено на жените и на младите.

Зголемувањето на конкурентноста на македонските компании и создавањето

квалификуван кадар несомнено се главните предизвици и приоритети на економската политика, при што порастот на конкурентноста на приватниот сектор треба да се бара во рамките на друг развоен модел на македонската економија.

Сепак, конкурентноста на подолг рок не може да дојде од нискоквалификуваната евтина работна сила за земја која се соочува со опаѓање на бројот на работоспособното население. Иако извозот се зголемува, тој не придонел значително за растот поради ниската додадена вредност. За да остане конкурентна и да привлече висококвалитетни инвестиции, Република Македонија ќе треба да вложи ресурси и напори за подобрување на образованието и на вештините, како и да обезбеди подобра логистичка поддршка за трговијата и за инвестициите.

## 4.1. Странски директни инвестиции

Последните податоци од Народната банка на Република Македонија според кои во првото полугодие од 2018 година има рекорден влез на странски директни инвестиции од 327 милиони евра, што е за три пати повеќе во споредба со истиот период од минатата година кога нивото на инвестиции изнесуваше 105 милиони евра. Најмногу 25 милиони евра дошле од Бахамите, по што следат Германија со 19,6 милиони евра, Турција со 17,3 милиони евра, Австрија со 12,6 милиони евра и Луксембург со 8,7 милиони евра.

**Обем на СДИ во периодот јануари - јуни 2018 година**

Во милиони евра

| Квартал I | Квартал II | Вкупно |
|---|---|---|
| 236,99 | 90,58 | 327,57 |

Извор: НБРМ

**Најмногу СДИ по земји I-VI.2018 година**

Во милиони евра

| Топ 10 земји | Вкупно |
|---|---|
| Бахами | 25,20 |
| Германија | 19,65 |
| Турција | 17,28 |
| Австрија | 12,59 |
| Луксембург | 8,75 |
| Италија | 7,21 |
| Франција | 7,01 |
| Хонг Конг | 5,21 |
| Бугарија | 3,65 |
| Словенија | 3,64 |
| **Вкупно по земји** | **63,15** |
| Нераспределено - реинвестирање на добивката и дел од должнички инструменти | **264,42** |
| **Вкупно СДИ во земјата** | **327,57** |

## СДИ по дејности во периодот I-VI.2018 година

Во милиони евра

| Дејност | Вкупно |
|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И РИБАРСТВО | 1,70 |
| РУДАРСТВО И ЕКСТРАКЦИЈА | 8,16 |
| ПРОИЗВОДСТВО | -7,40 |
| ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА, ГАС, ПАРЕА И РАЗЛАДНИ УРЕДИ | 9,09 |
| ВОДОСНАБДУВАЊЕ, КАНАЛИЗАЦИЈА, УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД И РАБОТИ НА ПОСРЕДУВАЊЕ | 0,52 |
| ГРАДЕЖНИШТВО | -7,70 |
| ВКУПНО УСЛУГИ | 59,30 |
| ТРГОВИЈА НА ГОЛЕМО И МАЛО; ПОПРАВКА НА МОТОРНИ ВОЗИЛА И МОТОЦИКЛИ | 1,08 |
| ТРАНСПОРТ И СКЛАДИРАЊЕ | 0,69 |
| СМЕСТУВАЊЕ И ПОСЛУЖУВАЊЕ | 1,00 |
| ИНФОРМАЦИИ И КОМУНИКАЦИИ | 2,68 |
| ФИНАНСИСКИ И ОСИГУРИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ | 14,04 |
| АКТИВНОСТИ ВО ВРСКА СО НЕДВИЖЕН ИМОТ | 2,73 |
| ПРОФЕСИОНАЛНИ НАУЧНИ И ТЕХНИЧКИ АКТИВНОСТИ | 30,25 |
| АДМИНИСТРАТИВНИ ПОМОШНИ АКТИВНОСТИ | 4,05 |
| ОБРАЗОВАНИЕ | 2,39 |
| ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА | -0,05 |
| УМЕТНОСТ, ЗАБАВА И РЕКРЕАЦИЈА | 0,39 |
| ОСТАНАТИ УСЛУГИ | 0,04 |
| Неалоцирани економски активности | -0,52 |
| Вкупно | 63,15 |
| Нераспределено - реинвестирање на добивката и дел од должнички инструменти | 264,42 |
| **Вкупно СДИ во земјата** | **327,57** |

Според дејноста, најмногу СДИ, околу 59,3 милиони евра, биле вложени во услуги, во рударството се вложени 8,2 милиони евра, кај активности во врска со недвижен имот нешто над 2,7 милиони евра, во електрична енергија 9,1 милиони евра, во трговија 19 милиони евра, во земјоделството речиси 2 милиона евра, во административни и помошни дејности 4 милиони евра, во финансиски и осигурителни дејности 14 милиони евра, во информации и комуникации 2,7 милиони евра, во професионални и научни дејности 30,2 милиони евра, а во образование 2,4 милиони евра.

## Странски директни инвестиции 2010-2017 година

Во милиони евра

| 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 160.5 | 344.4 | 111.2 | 252.2 | 205.1 | 216.7 | 338.4 | 181.7 |

Извор: НБРМ

Во 2017 година имаше негативен тренд на влез на странски директни инвестиции (СДИ), при што нето приливот на СДИ изнесуваше 181,7 милиони евра или 46,2 проценти помалку отколку во 2016 година. На финансиската сметка, во 2017 година е забележан понизок износ на странски директни инвестиции од 2,3% од БДП, што главно ја одразува воздржаноста на инвеститорите и беа пониски во однос на 2016 година (3,3% од БДП).

Напорите на Владата да реформира различни аспекти од деловното опкружување ја подобрија перцепцијата за земјата како поволна дестинација за странски директни инвестиции. Во моментов, околу 25 странски компании оперираат во технолошко-индустриските развојни зони – ТИРЗ.

Вистина е дека субвенциите помагаат при привлекувањето на некои големи инвеститори, но искуството покажува дека сериозниот економски раст е заснован на обезбедување добри услови за водење бизнис за сите, така што повторно се враќаме на прашањето за квалитетот на деловната клима. Во време кога субвенциите за инвестициите беа воведени, Македонија имаше многу мал број странски директни инвестиции и висока стапка на невработеност, па така првичната цел беше да се привлечат инвеститорите и да се креираат работни места. Во тој контекст тие беа успешни, неодамнешната анализа покажува дека субвенциите придонеле за креирање на работни места кои во спротивно не би биле креирани.

Дополнително на тоа, Македонија сега дефинитивно е на мапата, како дестинација за инвестиции, и, всушност, е меѓу најдобро рангираните земји во Европа во поглед на работни места по жител креирани од СДИ. Кога се земаат предвид субвенциите, треба да се нагласи дека единствена цел не треба да е создавањето работни места, туку исто така и поттикнување на инвеститорите повеќе да се интегрираат во локалната економија и да се олесни поврзувањето на домашните компании со регионалните и меѓународните синџири на вредности. Ова придонесува за подобрување на квалитетот на работните места и за поголем раст на можностите во целото стопанство.

Развојот на повратните врски меѓу странските инвеститори и потенцијалните домашни добавувачи до сега бил ограничен, во најголемиот дел поради неможноста локалните производители да ги исполнат техничките и безбедносни критериуми, релативно ниското ниво на производство, корпоративните вештини, технолошките капацитети и деловната софистицираност, со ограничени можности за интеграција во синџирите за снабдување на СДИ.

Поради тоа што Македонија добива најголем дел од производствените СДИ, во сектори како што се производство на автомобилски делови и прехранбени производи, тие се подобро позиционирани да ги искористат придобивките од долгорочните прелевања на продуктивноста од странските компании кај домашните добавувачи. Примерите за успешна интеграција на домашните фирми во глобалниот синџир на добавување  укажуваат на потребата за квалификувана работна сила и достапност на производствената мрежа.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори**

- Креаторите на политики треба да го имаат предвид фактот дека странските инвеститори обично своите одлуки да инвестираат во некоја земја ги засноваат на цела серија фактори, како што е политичката стабилност, транспарентните правни и регулаторни системи, соодветна инфраструктура и квалификувана работна сила, додека субвенциите и другата поддршка обично не се клучни аспекти при донесување на ваквите одлуки.
- Одржувањето на макроекономската и финансиската стабилност, како и политичката стабилност, се клучни предуслови, но тоа не е доволно. Со цел да се постигне побрз и поодржлив раст, Македонија треба целосно да ја спроведе агендата за структурни и институционални реформи. Напорите треба да бидат насочени кон решавање на клучните пречки што ги ограничуваат производствените капацитети на македонската економија, односно нивото на капитал по работник, високата структурна невработеност и ниската продуктивност.
- Политичките приоритети треба да вклучуваат мерки за олеснување на јавните и приватните инвестиции, подобрување на деловната клима, намалување на неформалноста и поттик на продуктивноста, а истовремено треба да се обезбеди трансформација од економија што премногу се потпира на голем и неефикасен јавен сектор во економија која ќе биде предводена од динамичен приватен сектор. Конкретни чекори што ќе сигнализираат подобрување во судството и владеење на правото би го подобриле имиџот на Република Македонија како место за инвестирање и работа.
- Поголема диверзификација при привлекувањето на странските инвеститори во различни стопански сектори, заради постигнување позначаен мултипликативен ефект, не само преку ангажирање на работната сила, туку и креирање на додадена вредност преку поврзување и соработка со домашните фирми како нивни локални добавувачи.
- На подолг рок, треба да се подобри иновативниот капацитет на македонските домашни фирми. Капацитетите за истражување и развој спонзорирани од Владата треба повеќе да инвестираат во применетото истражување и да развијат механизми за трансфер на знаење и технологии, како и да се зголеми продуктивноста и конкурентноста на локалните добавувачи.
- Ги поздравуваме новите мерки вклучени во Планот за економски раст кои се еднакви и за странските, и за домашните компани, преку кои СДИ ќе се поттикнат да ја зголемат набавката на производи и услуги од локалните МСП, а, од друга страна, локалните компании ќе бидат поттикнати да ги воведат новите технологии и иновативните процеси во своето производство.

## 4.2. Извоз и извозни потенцијали

Според претходните податоци на Државниот завод за статистика, вкупната вредност на извозот на стоки од Република Македонија, во периодот јануари-август 2018 година, изнесува 3.699.926 илјади евра и бележи пораст од 14,9 % во однос на истиот

период од претходната година.

Вредноста на увезената стока, во истиот период, изнесува 4.911.941 илјади евра, што е за 11,8 % повеќе во споредба со истиот период од претходната година. Трговскиот дефицит, во периодот јануари-август 2018 година, изнесува 1.212.015 илјади евра. Покриеноста на увозот со извоз, во периодот јануари-август 2018 година изнесува 75,3 %.

Во периодот јануари-август 2018 година, според вкупниот обем на надворешно-трговската размена, Република Македонија најмногу тргувала со Германија, Грција, Велика Британија, Србија и Бугарија.

| Обем на размената I-VIII.2018 година | Покриеност на увозот со извоз |
|---|---|
| 529.805.372 илјади денари | 75,3 % |
| 8.611.867 илјади евра | 75,3 % |
| 10.314.611 илјади САД долари | 75,2 % |

Извор: Државен завод за статистика

Вкупната вредност на извозот на стоки од Република Македонија, во периодот јануари-декември 2017 година, изнесува 5.007.196 илјади евра и бележи пораст од 15,7% во однос на истиот период од претходната година. Вредноста на увезената стока, во истиот период, изнесува 6.824.916 илјади евра, што е за 11,8% повеќе во споредба со истиот период од претходната година. Трговскиот дефицит, во периодот јануари-декември 2017 година, изнесува 1.817.720 илјади евра.

Во периодот јануари-декември 2017 година, според вкупниот обем на надворешно-трговската размена, Република Македонија најмногу тргувала со Германија, Велика Британија, Грција, Србија и Бугарија.

| Обем на размената I-XII.2017 година | Покриеност на увозот со извоз |
|---|---|
| 728.587.461 илјада денари | 73,4% |
| 11.832.112 илјади евра | 73,4% |
| 13.391.318 илјади САД долари | 73,5% |

Извор: Државен завод за статистика

Во текот на изминатата деценија, Македонија целеше кон привлекување на директни странски инвестиции, за да го осоврмени и збогати својот извозен стоков капацитет.

Како мала економија, Македонија мора да развива конкурентни разменливи добра со повисока вредност кои ќе го движат извозот. Во последната декада структурата на македонскиот извоз е значително променета во позитивна насока, со позначително учество на производи со повисок степен на финализација и технолошко ниво. Така, во првите девет месеци од 2017 година, учеството на овие категории производи во вкупниот извоз достигна речиси 53%, за разлика од пред 10 години, кога истото изнесувало 9,1%.

Ако претходно најизвезувани производи беа челикот, нафтените деривати, тектилните производи, сега по влезот на странските фабрики, Македонија најмногу извезува автомобилски делови, односно катализатори и филтри за прочистување,

спроводници за автомобили, автобуси, хемикалии, седишта за автомобили, додека пак опаѓа извозот на традиционални добра, како руди или земјоделски производи, кои се во голем обем подложни на надворешни шокови поради промена на цени или климатски промени.

Странските директни инвестиции кои најмногу извезуваат во европските држави, целосно ја променија структурата на македонскиот извоз. Размената стана поизбалансирана, земјава кон странство испорачува производи со повисока додадена вредност.

Кон вкупниот економски раст свој инпут даде и работата на странските инвеститори во ТИРЗ, со растот на извозот од зоните. Во периодот од јануари до јули 2018 година во споредба со истиот период лани, тој е зголемен за 17%. Половина милијарда е вредноста на извозот остварен во првите три месеци од 2018 година на компаниите што во моментов работат во слободните економски зони.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Како мала, отворена економија, за да одржи долгорочен раст, земјава ќе мора да се потпре на извозот и на зголемената конкурентност, а економските реформи треба да бидат фокусирани на раст на извозот, за што е можно поефективно намалување на клучните диспаритети во македонската економија (диспаритетите меѓу производството и потрошувачката, диспаритетот меѓу извозот кој во БДП учествува со околу 50%, а увозот со приближно 70%,);
- Затоа е неопходна државна финансиска поддршка на извозно ориентираните компании која кои би допринела до:
    - промена на структурата на извозот од доминантни производи со пониска фаза на преработка на доминација на производи со повисока фаза на преработка;
    - географска диверзификација на извозот преку освојување на нови пазари;
    - зголемување на бројот на компании кои ќе бидат извозно ориентирани.

*Дел од овие мерки се инкорпорирани во Законот за финансиска поддршка на инвестициите и Советот на странски инвеститори ги поздравува прогресивните мерки за зголемување на извозните потенцијали како на домашните така и на странските компании во Македонија.*

## 4.3. Работна сила, вработување и систем на формално образование

Според податоците на Државниот завод за статистика, во второто тримесечје од 2018 година, во Република Македонија активното население брои 957.471 лице, од кои вработени се 755.073, а 202.398 лица се невработени.

Стапката на активност во овој период е 56,9, стапката на вработеност 44,9, додека стапката на невработеност изнесува 21,1.

**Т-01: Активно население и стапки на активност** [1)]

| | Вкупно работоспособно население | Активно население | | | Стапка на активност | Стапка на вработеност | Стапка на невработеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно | вработени | невработени | | | |
| 2017 | 1 679 935 | 954 212 | 740 648 | 213 564 | 56.8 | 44.1 | 22.4 |
| II 2017 | 1 679 525 | 955 699 | 739 892 | 215 807 | 56.9 | 44.1 | 22.6 |
| I 2018 | 1 682 229 | 956 640 | 749 892 | 206 748 | 56.9 | 44.6 | 21.6 |
| II 2018 | 1 682 533 | 957 471 | 755 073 | 202 398 | 56.9 | 44.9 | 21.1 |

[1)] Поради пресметките од примерокот и извршените заокружувања на пресметаните резултати на единици, понекогаш се можни мали отстапувања на оцените на вкупното од резултатите добиени со сумирање одделни ставки што ги составуваат збировите.

Предвидениот раст на економската активност во наредниот среднорочен период се очекува да биде придружен со раст на вработеноста, поттикнат преку активните мерки и програми за вработување, поддршката на домашните и странските претпријатија за отворање нови работни места, како и други мерки за намалување на невработеноста, како резултат на што се очекува стапката на невработеност да достигне 19,5% во 2020 година.

Според Извештајот на Светска банка, остварениот пораст изминатиот период придонел кон креирање работни места во Македонија, но 80 % од нив се со активни политики на Владата што имаат фискални импликации, а и оние во странските директни инвестиции исто така се субвенционирани. Намалувањето на невработеноста делумно се објаснува и со ниската стапка на учество во работната сила, која изнесува околу 57% на почетокот на 2018 година, што е најниска стапка од 2012 година.

**Невработеност во Република Македонија (% од активното население)**




Извор: Евростат, национални извори

Македонскиот образовен систем во минатите години помина многу трансформации со цел да бидат задоволени општообразовните критериуми од една страна, како и да се едуцираат кадри согласно потребите на државата и бизнис секторот. Но денес е неспорен фактот дека постои неусогласеност на понудата и побарувачката на пазарот на труд, што не е непремостлива пречка. Еден фактор кој доведува до оваа неусогласеност е спората реакција на формалниот образовен систем, имајќи предвид дека формалниот систем треба да задоволи поширок социјален, развоен и културен аспект.

Ако го анализираме пазарот на труд, во последните години отворени се повеќе работни места во секторот на преработувачката индустрија, градежништвото, транспортот и складирањето, административните и услужните активности и уметноста, забавата и рекреацијата. Околу 53% од новите работни места се поврзани со средното стручно образование, а 34% со пониските степени на образование. Во иднина повеќе работни места ќе се отворат во преработувачката индустрија и во трговијата, на степен на средно стручно (62%) и високо образование (10%).

Според Извештајот на Европската комисија, образновниот систем е бавен кога станува збор за решавање на проблемот со несоодветните вештини и потреби. Јавното трошење на образованието е околу 4% од БДП, што е малку помалку од просекот на ЕУ, стапката на запишување и завршување во средно образование (стапка на завршување е околу 87%) и запишувањето во образовни институции по средното образование само маргинално се зголеми во последните пет години и остана под просекот на ЕУ. Јазот меѓу вештините на оние кои што завршиле високо образование и потребите на приватните компании полека се стеснува. Потребниот премин од традиционалното учење засновано на факти до стекнувањето на општи, трансверзални вештини бара поголема вклученост на бизнис секторот во изготвувањето и спроведувањето на програмите. Владата усвои многу стратешки документи за да се адресираат овие предизвици, но имплементацијата е само делумна.

Квалитетот на образованието продолжува да биде предизвик на сите нивоа. Според Програмата за меѓународна студентска оцена на ОЕЦД (ПИСА) земјата е рангирана на четвртото место одзади на листа од над 70 земји кои биле тестирани.

Следствено на овие податоци, фокусот на образовниот систем во наредниот период треба да биде ставен на стручното образование и обука, независно дали станува збор за формалниот или неформалниот систем на образование. Имајќи предвид дека практичната настава не е соодветна за новите производствени процеси, а од таму компаниите губат определени средства додека ги подигнат вештините и знаењата на нововработените, заложбите на Советот на странски инвеститори се воведување модел на средно стручно образование во кое транзицијата од училиште во реална работна средина ќе биде многу полесна, што се нуди преку моделот на дуално образование. Преку комбинирана реализација на образовниот процес во училиште и во компанија, согласно утврдена образовна програма ќе се олесни транзицијата од училиште во работна средина и побрзо ќе се реагира на потребите на пазарот на трудот.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Економијата на Македонија треба да подлежи на длабока трансформација, да биде подготвена да се натпреварува во единствениот пазар кога ќе влезе во ЕУ. Ова вклучува и голем пазар на труд. Македонија треба да продолжи да се движи кон динамична економија, заснована на вештини и предводена од приватниот сектор, во спротивно таа ќе биде под ризик повторно да стане зависна од девизни дознаки, со оглед на тоа дека динамичните работници со пазарни вештини ја напушаат земјата и бараат подобри можности некаде во ЕУ. За да се постигнат овие цели, Македонија треба брзо да ја спроведе агендата за структурна и институционална реформа на пазарот на труд и на образовниот систем.
- Образовниот систем треба се` уште да се унапредува и да биде подобро поврзан со бизнис заедницата. На тој начин би се намалил и јазот помеѓу образованието и потребите на работодавачите, а имиџот на Македонија како посакувана инвестициона дестинација би бил подобрен. Потребно е да се истакнат и негативните демографски трендови, намалувањето на наталитетот и иселувањето на работоспособното население. Развојот на човечкиот капитал е една од најважните задачи, бидејќи има многу големо влијание врз напредокот на земјата и за тоа треба да бидат посветени сите заинтересирани страни. Одлуката на некоја компанија да инвестира во одредена земја се води од квалитетот и структурата на работната сила на пазарот.
- Преку дијалог со бизнис заедницата да се креираат соодветни мерки со кои ќе се избалансира понудата и побарувачката на пазарот на трудот. Структурните реформи треба да бидат проследени со зголемување на инвестициите во јавното образование, но и многу посериозно внимание да се посвети и на подобрувањето на квалификациите на наставниците, на стимулирањето на учењето преку пракса во средното стручно образование и сл. На пазарот на труд политиките треба да ја намалат високата структурна невработеност и да го зголемат учеството на жените во работната сила, кое во моментов е меѓу најниските во Европа.
- Поттикнување на соработката на образовните институции со индустријата со цел создавање на квалитетна и квалификувана работна сила којашто во актуелниот момент е еден од посериозните проблеми во скоро сите стопански сектори.

## 4.4. Индустрија и реиндустријализација

Во развојот на севкупната македонска економија, индустријата има едно од најважните места. Брзиот развој на индустријата е еден од основните двигатели на целиот економски развој, на промената на општествено-економските односи, начинот на живеење на населението, на зголеменото интересирање за технички прогрес и др.

Како илустрација за значењето на индустријата, секторот индустрија учествува со 17,3% во БДП, при што преработувачката индустрија учествува со 12,2% во БДП (2016 година), вработува 19% и учествува со 10% во бројот на активни компании, а најголем дел

од извозот или 87% од извозот се креира кај компаниите од индустријата. Речиси 40% од вкупните странски инвестиции во државата се во преработувачката индустрија, од кои 75% се концетрирани во 3 сектори и тоа: транспорт и опрема; основни и преработени материјали и преработка на храна.

Во изминатите 27 години од македонската независност и етаблирање на пазарниот систем на стопанисување бевме сведоци на негативен тренд на деиндустријализација (релативното учество на индустријата во БДП се намали од 32% во 1992 година на 15% во 2016%) без никакви значителни промени во прилично неповолно наследената индустриска и извозна структура (доминантно трудоинтензивни и некои капитално интезивни сектори со релативно ниска продуктивност).

Од друга страна, поновите светски искуства на брзорастечките земји укажуваат дека клучот за економски успех на една земја лежи во процесот на реиндустријализација и структурни промени во индустријата и извозот. Оттука, на Македонија, како мала и отворена економија, единствена алтернатива за поголем раст и` е модерна реиндустријализација, односно зголемување на учеството на преработувачката индустрија во БДП преку пренасочување на ресурсите кон индустриски гранки, сектори и потсектори кои имаат поголема додадена вредност и повисоко ниво на продуктивност и извозна диверзификација, односно зголемување на бројот на извозни производи кои имаат повисок степен на финализација и ниво на комплексност, пораст на бројот на извозни компании и зголемување на бројот на земји каде што земјата извезува.

Проблемите со кои се соочува индустријата се зависноста од увоз на суровини и интермедијарни добра, извоз на производи каде што цената е примарен двигател на конкурентноста, недоволен развој на управувачките и маркетиншките вештини и друго.

Иако во изминатиот период во земјата се отворија повеќе индустриски капацитети, главно странски директни инвестиции, со кои се диверзифицираше индустриското производство, сепак, прелевањето во домашната економија е ограничено и очекуваниот мултипликаторски ефект на соработка со домашните компании е сé уште низок.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- За побрз економски развој на македонските компании и нивно интегрирање со регионалните и глобалните синџири на набавка, неопходно е редизајнирање на економските и индустриските политики насочени кон забрзување на овие процеси чии таргети се зголемување на учеството на преработувачката индустрија од сегашните 12% на повеќе од 16%, преку преструктурирање на преработувачката индустрија со поголема додадена вредност и зголемување на учеството на извозот од сегашните 55% на повеќе од 70% преку зголемување на бројот на извозни производи со поголем степен на финализација.

## 4.5. Инфраструктура

Република Македонија е земја без излез на море и оттаму е особено зависна од добро развиена транспортна мрежа. Еден од главните предизвици на земјата е да го намали растојанието до извозните пазари и да ги намали трошоците за транспорт кои произлегуваат од лошата состојба на транспортните коридори и големите застои на граничните премини.

Подобри транспортни, енергетски и телекомуникациски мрежи ќе им помогнат на земјите од Западен Балкан да ја зголемат продуктивноста, да се интегрираат подлабоко во крвотокот на глобалната трговија и да ја подобрат атрактивноста на регионот за странските инвестиции. Анализата на ММФ, посветена на инфраструктурата во Западен Балкан, покажува дека регионално координиран пристап врз јавната инфраструктура, заедно со подобро управување на конкретните проекти, би можело значително да го зголеми приходот по глава на жител. Долгорочната добивка на реалниот БДП по лице би можела да достигне и до 3-4 %.

Во групата земји кои заостануваат зад европскиот просек според степенот на инфраструктурни инвестиции е и Македонија, но се посочува дека достигнувањето на европското ниво оди тешко поради неколку причини: недостаток на финансии, односно буџетски ресурси, но и силни институционални рамки кои го регулираат изборот, извршувањето и следењето на проектите.

Железничкиот транспорт кон Грција, кој беше и една од најискористените дестинации од македонската економија и од огромно значење за бизнисот, се соочува со огромни предизвици за нормално функционирање.

Поради попуштените бетонски столбови на еден од железничките мостови на Црна Река кај локалитетот Стоби, целосно е прекинат железничкиот транспорт од Велес кон Гевгелија и кон Грција. Секој застој на товарниот сообраќај што оневозможува навремена испорака на стоки до крајната дестинација, од која било причина, претставува значителен проблем за планираното тековно работење на компаниите што редовно имаат извозно-увозни активности и негативно се одразува на стопанството во целина. Ова, секако, е огромен товар за македонските компании, кои поради прекинот на превозот со железница кон Солунското пристаниште трпат огромни загуби.

Оваа железничка делница има огромно значење за македонската економија бидејќи е единствената железничка точка за поврзување со Солунското пристаниште, кое претставува главна транзитна дестинација за македонскиот извоз. Пристаништето е со вкупна површина од 1,5 милион квадратни метри, а низ него во 2017 година поминале 3.569.045 тона стока, од кои повеќе од една четвртина е стока наменета за увоз и извоз во Република Македонија. Од вкупниот број контејнери во Солунското пристаниште за Македонија се наменети приближно 7 %.

Едни од најзначајните приоритетни инвестиции во државата на економски план во следниот период треба да бидат инвестиции долж Коридорот 8, што ги поврзува Турција, Бугарија, Македонија и Албанија. За значењето на Коридорот 8 говори податокот дека трите земји од овој регион со Република Македонија имаат меѓусебна вкупна вредност на стоковната размена во 2017 година од 1,2 милијарди американски долари, што е 9,4% од вредноста на вкупната стоковна размена на Република Македонија со странство. Од

аспект на вкупната количина на разменета стока со трите балкански земји од Коридорот 8 (Албанија, Бугарија и Турција) во 2017 година размената учествува со 22,1% во вкупниот обем на стоковна размена со странство. Во вкупната патна инфраструктура на Коридорот 8 од вкупно 960 км патна мрежа, низ Република Македонија поминуваат околу 315 километри.




На почетокот на оваа година Министерството за транспорт и врски на Р. Македонија доби финансиска помош во износ од 108,1 милиони евра од Европската унија за изградба на железничката врска со Бугарија - делницата од Крива Паланка до Деве Баир. Плановите се изградбата да биде завршена во 2025 година. До 2027 година, пак, бугарската страна се обврза да ја доврши линијата од Ќустендил до Ѓуешево.

Исто така, треба докрај да се реализираат капиталните инвестиции, согласно Планот на Владата за периодот 2017 - 2021 година, да се изградат експресниот пат Ранковце – Крива Паланка и автопатот Крива Паланка – Деве Баир кој е всушност и најфреквентниот пат кон Бугарија.

**Инвестицискиот циклус најавен од Владата на РМ за подобрување на целокупната патна инфраструктура во државата, преку изградба на нови автопатишта, изградба на експресни и регионални патишта и реконструкција на оштетените патни правци во висина од 270 милиони евра опфаќа:**

- завршување изградбата на двата автопата Демир Капија - Смоквица и Миладиновци - Штип и пуштање во употреба на автопатот Демир Капија – Смоквица;
- продолжување на изградбата на автопатот Кичево - Охрид во наредниот период;
- рехабилитација на автопатската делница Неготино – Демир Капија во двата правца;
- завршена целосната реконструкција на делницата Миладиновце – Куманово, како и делницата Смоквица - Гевгелија;
- отпочнување со изградба на три нови експресни патни правци Штип -

Радовиш, втората фаза од патниот правец Прилеп - Градско и од Ранковце до Крива Паланка, инвестиции во висина од 100 милиони евра;

- други инвестиции во патната, енергетската и железничката инфраструктура.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Инфраструктурното поврзување на Македонија со земјите од регионот и Европа треба да претставува врвен државен и стратешки приоритет. Долгорочни инвестиции во соодветна инфраструктура се еден од условите за стимулирање раст на земјата и поттикнување на конкурентноста на македонската економија. Развојот на инфраструктурата, особено транспортната инфраструктура, ќе придонесе за подобра поврзаност со пазарите на ЕУ и пристап до блиските морски пристаништа во Грција и Бугарија, за чија цел приоритет се дава на паневропските транспортни коридори 8 и 10.
- За да се забрза пристапот во Европската унија на сите земји од Западен Балкан и да се подобри соработката во секторот инфраструктура, започнати се активности во рамките на т.н. Берлински процес, чии конкретни резултати допрва се очекуваат.
- Јавните инвестиции имаат највисок мултипликатор, односно највисок ефект врз БДП. За поголем економски раст неопходна е што поголема реализација на капиталните инвестиции и што помала алокација и пренамена на средствата за други намени.

## 4.6. Капитални инвестиции

Вкупниот јавен долг на Македонија на крајот на вториот квартал од 2018 година изнесува 48,8% од БДП, што претставува зголемување за 0,6 %, во однос на претходниот квартал, покажуваат податоците на Народната банка на Република Македонија.

И покрај ваквите задолжувања, продолжува ниското ниво на реализација на капиталните инвестиции и во 2018 година.

Податоците на Министерството за финансии на РМ покажуваат дека во првата половина од годинава се реализирани само 65 милиони евра, односно 16,5 % од планираните капитални инвестиции за целата година, што е убедливо најмалку во последната деценија. За 9-те месеци од оваа година реализирани се пак 27,4 % од планираните проекти или 107 милиони евра. За годинава беа планирани 392 милиони евра за капитални инвестиции. Одговорот на Владата на РМ дека оваа подреализација се должи на потребни ревизии и отстранување евентуални спорни моменти кај капиталните проекти, за да се зголеми ефикасноста на потрошените пари.

На што укажува структурата на буџетите на нашата држава во изминативе години? Така, на пример, ако се погледне структурата на расходите во буџетот за 2018 година, 11,5% отпаѓаат на плати и надоместоци, 18% на набавката на стоки и услуги, 31,3% на

социјалните бенефиции, а 10,5% на капитални расходи. Значи, приоритети отсекогаш биле социјалните трансфери и платите на државната администрација.

Секоја година капиталните инвестиции се реализираат во околу 70 проценти, што води кон заклучокот дека е потребен приоритет на капиталните трошења, како и зајакнување на капацитетите за нивна реализација. Со најавениот ребаланс на буџетот, 92 милиона евра од парите наменети за капитални инвестиции ќе се пренаменат. Најголем дел од тие пари, околу 50 милиони евра, државата ќе ги распредели за покривање на долговите на општините, а 29 милиони евра ќе одат за фондовите за пензиско и здравствено осигурување.

Со Буџетот за 2018 година планирани се 400 милиони евра за капитални расходи, што е 5,7% повеќе во однос на лани. Како значаен дел од капиталните инвестиции, под државна капа, се и вложувањата во патната и железничката инфраструктура.

Транспортните артерии се пресудни за развој, заедно со вложувањата во енергетиката и телекомуникациите, наведуваат меѓународните институции и воедно порачуваат земјите од Западен Балкан да се потпрат на надворешно финансирање кога се работи за вложувања во инфраструктурата, оставајќи ги домашните финансиски ресурси да им служат на потребите на приватниот сектор.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Капиталните инвестиции се важни за економскиот пораст и за зголемување на конкурентноста на македонската економија. Нереализираните државни вложувања го подзапираат економскиот пораст.
- Потребна е засилена динамика на реализација на капиталните проекти во наредниот период, среднорочно планирање на капиталните проекти и зајакнување на капацитетите за реализација.
- Потребно е да се најде добар баланс, меѓу тоа што е добро управување со јавните финансии од една страна, а од друга страна пуштање на финансиските текови во оптек и заживување на економијата во делот на големите проекти, инфраструктурата и генерално - капитални инвестиции.
- Приоритет за реализација на проекти кои ќе поттикнуваат дополнителна додадена вредност и растоварување од неефикасни проекти за граѓаните и за приватниот сектор.
- Владата на РМ да отвори консултативен процес за тоа какви капитални инвестиции се потребни, кои се приоритетите и извори на финансирање. Ако сето тоа адекватно се испланира и се програмира, тогаш ќе се искорени практиката на значајни потфрлувања во реализацијата.

## 4.7. Дигитализација

Создавањето дигитална економија заснована на иновација и знаење се наметнува како обврска доколку Македонија сака да биде во чекор со развиените земји и современите трендови на економски развој. Дигиталната трансформација е можност домашното

претприемништво да ја зацврсти својата конкурентност поради тоа што, благодарејќи на дигиталната инфраструктура, секој бизнис има можност да го освои глобалниот пазар. Главниот предуслов Македонија да преземе решавачки чекор за да им се доближи на тековите на четвртата индустриска револуција е да ги едуцира менаџерите во компаниите со цел тие да можат да ги препознаат глобалните трендови во дигитализацијата, да инвестираат во образованието на младите и во обуката на персоналот за нови професии, како и да ги поттикнат корисниците со поголема доверба да користат „онлајн"-услуги.

Македонската економија допрва ќе се дигитализира. Досега нема направено речиси никаков исчекор во оваа насока. Прв чекор е подигнување на свеста кај населението и кај бизнис секторот дека овој процес не подразбира само отворање веб-страници и овозможување електронско купување, туку значи примена на најсовремените системи на интегративни решенија во целокупниот технолошки процес на компаниите.

Во светски рамки, пак, продажбата на далечина е сѐ позастапена и прифатена од крајните потрошувачи, секоја година е сѐ помасовна, а обртот на средства преку „онлајн"-трговијата е сѐ поголем. Овој тренд неминовно ќе ја зафати и нашата држава. Македонските компании треба да бидат подготвени да одговорат на новите предизвици за да го прошират својот пазар, да стекнат нови деловни партнери и потрошувачи, како во Македонија, така и надвор од нашите граници.

Дигитализацијата отвора голема можност за развој на локалните економии и заедници, поради што неопходно е синхронизирано делување на стопанството и образованието за да им се овозможи на граѓаните од регионот да бидат дел од светската економија, но и за да се продуцираат стручњаци за новите работни места во ИТ-индустријата.

Дигитализацијата значи и намалување на трошоците од различни аспекти, преку прекуграничната трговија и царината, ефикасното складирање и логистиката.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Приватниот сектор обично е предводен од профитот, така што овие компании по автоматизам се насочуваат кон зголемување на продуктивноста и растот. Во современиот свет, деловната конкуренција често е глобална и дигитализирана, така што тие мора да бидат глобално конкурентни.
- Во деловниот свет дигитализацијата е доста актуелна тема. Многу бизниси сега се префрлуваат во „онлајн"-светот, со цел да го рационализираат управувањето и секојдневните активности. Овој пренос е поттикнат од новиот технолошки бран што им овозможува на компаниите во сите форми и големини да бидат постратешки и поефикасни. Овој тренд ќе продолжи и понатаму имајќи предвид дека повеќе бизниси веќе ги сфаќаат придобивките од дигитализацијата и почнуваат да заработуваат од нив. Сепак, со цел македонските компании да се придвижат по правиот пат со глобалните трендови, потребно е да се подигне свеста и да се искористат бесконечните можности на дигиталните технологии во сите деловни области со цел да се изградат поодржливи врски и подобро да се разберат потребите на клиентите.

## Глава IV. ДЕЛОВНА КЛИМА И КЛУЧНИ СЕКТОРИ ОД ИНТЕРЕС 1.2.

Република Македонија и во наредниот среднорочен период треба да остане посветена на создавање функционална и конкурентна пазарна економија.

Структурните реформи треба да бидат насочени кон зајакнување на човечкиот капитал, стимулирање на иновативноста и креативноста, натамошно подобрување на транспортните и енергетски пазари и олеснување на трговијата.

Подобрувањето на деловното окружување и зголемувањето на конкурентноста на македонската економија треба да бидат едни од главните приоритети на економските политики на Владата на Република Македонија. Преку низата преземени мерки во изминатите години Македонија го зајакна своето деловно окружување, но сепак постои простор за понатамошно подобрување. Потребата за преземање конкретни мерки за подобрување на состојбите во оваа сфера е лоцирана особено во следните пунктови:

- фискално и парафискално оптоварување;
- спроведување договори;
- корупција и неформална економија;
- пристап до финансии и
- Е-услуги.

### 4.8. Фискално и парафискално оптоварување

Неданочните и парафискалните трошоци претставуваат дополнителни трошоци за бизнисите кои честопати се скриени, не се транспарентни и не можат лесно да се планираат, што може да предизвика несигурност во деловното планирање. Тие може да бидат и директна причина за намалена конкурентност, како и за нивна трансмисија кон цената на финалните производи и/или услуги, а со тоа и повисоки пазарни цени.

Во 2016 година, по основ на неданочни и парафискални давачки во буџетот се наплатени над 251,5 милиони евра – колку за споредба, истата година по основ на персоналниот данок на доход наплатени се 230 милиони евра, а по основ на данок на добивка 175 милиони евра.

Сублимирано, во период од 2008 година до 2016 година има воведено вкупно 84 нови давачки кои се уплатуваат на буџетската сметка (18 видови давачки што се вклучени во т.н. други даноци, 41 вид неданочни давачки и 25 нови глоби) со што е постигнато дополнително оптоварување на правните и физичките лица на годишно ниво во износ околу 20 милиони евра. Даночниот систем во Македонија оставил неограничен простор со разни секторски закони, подзаконски акти, локални одлуки, одлуки на управните одбори на агенциите или одборите на јавните претпријатија, да се воведуваат разни давачки кои тешко се контролираат, па Министерството за финансии не може да има комплетна слика и некој вид контрола врз овој систем во нашата земја.

За дел од овие задолжителни неданочни и парафискални плаќања деловните субјектите не добиваат никакви дополнителни права, услуги или стоки за возврат од јавниот сектор, или пак имаат бенефит кој е непропорционален со финансискиот товар од давачката.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Ако се промовира Македонија како држава која има рамни и релативно ниски даночни стапки потребно е да се направи проценка на оправданоста и целисходноста од постоењето и воведувањето на одредени надоместоци и давачки на национално и на локално ниво, со цел компаниите да имаат прецизна проценка на нивните инвестиции и оперативни трошоци.
- Неопходно е да се спроведе прецизна класификација на сите фискални форми кои постојат во даночниот систем и како даноци можат да се наречат само тие давачки кои имаат карактер на даноци, но не и надоместоците, таксите за одредени добра и услуги.
- Министерството за финансии како координатор на активноста заедно со бизнис секторот, да започне постапка за воспоставување Регистар на неданочни давачки кои постојат во Македонија.
- Да се осигури дека парафискалните трошоци се рационални и правични и дека не претставуваат преголем товар за бизнисот преку системска ревизија за нивно постепено редуцирање.

## 4.9. Корупција и неформална економија

Според Извештајот на Европската унија за 2018 година, во однос на борбата против корупцијата, земјата постигнала одредено ниво на подготвеност. Законодавната и институционалната рамка е соодветна, како и досието за заштита и гонење, иако остануваат ограничени конечните судски одлуки за случаи на корупција на високо ниво. Корупцијата останува доста застапена во многу области и продолжува да биде сериозен проблем. Се увиде дека капацитетот на институциите ефективно да се справат со корупцијата има структурни и оперативни недостатоци. Политичкото мешање продолжува да биде ризик.

Следната година земјата треба особено:

- да ја афирмира политичката волја за борба против корупцијата со тоа што на институциите кои ќе бидат активни во спречувањето и потиснувањето на корупцијата ќе им даде доволно автономност, ресурси и специјализиран персонал ангажиран врз основа на заслуга;
- да продолжи да го подобрува своето досие за истраги, обвиненија и конечни осуди во рамките на случаи за високо ниво на корупција, вклучувајќи и финансиски истраги согласно Финансиската работна група за стандарди за перење пари и запленување и конфискација на криминални добра.

Постоењето неформален сектор создава нееднакви услови за компаниите кои плаќаат даноци и социјални придонеси и се придржуваат до законската регулатива.

„Сивата" економија останува голема пречка за бизнисот. Уделот на неформалната економија останува доста голем и влијае врз конкурентноста на формалниот приватен сектор, иако таа се намалува од аспект на бруто додадената вредност и вработувањето. Согласно истражувањата, неформалната економија постојано се наведува како пречка

за водење бизнис во земјата. Проценките говорат за обем од 20% од вкупниот аутпут (Државен завод за статистика) до околу 40% во зависност од методот што се применува. Ова создава пречки за инвестиции и сериозни проблеми за конкуренцијата на регистрираните компании. Вработувањето во неформалната економија се намалува, но сепак таа останува иста. Според Државниот завод за статистика, околу 18% од вкупните вработувања во 2016 година се случиле во неформалната економија.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- „Сивата" економија продолжува да биде значително присутна и токму затоа неопходно е да се хармонизираат законите кои конкретно се однесуваат на одреден сектор со Законот за инспекциски надзор и да се воведе анализа на ризик како основа за таргетирање на инспекцискиот надзор, а од друга страна, исто така е неопходно да се спроведат неколку оперативни мерки - од усогласување на бројот на инспектори и обезбедување професионална обука за нив, до подобра координација на работата на инспекциите и другите државни тела, вклучувајќи ги обвинителствата и судовите.
- Инструментите за борба против измама и неформалната економија, како и намалување на затајувањето на данок треба дополнително да се зацврстат за да се обезбеди поголема конкурентност на пазарот на сите нивоа.

## 4.10 Е-услуги

Дигитализацијата и создавањето на целосно функционален систем за е-Влада треба да бидат очигледен избор. Брзата и сигурна дигитална поврзаност е клучен елемент за создавање на е-пазар и средина поволна за инвестиции. Новата Стратегија за реформа во јавната администрација ќе овозможи граѓаните и бизнисот да добиваат побрзи, дигитализирани и поевтини услуги кои им се потребни.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Со нагласување на важноста на понатамошната хармонизација со законодавството и практиките на ЕУ, треба да се преземат активности за забрзување на подобрувањето на спроведувањето на законите, даночните реформи, понатамошна модернизација на трудовото право и продолжување на интензивни активности за дигитализација и е-Влада.
- Дигитализацијата на јавната администрација е еден од клучните процеси кои ќе влијаат на ефикасноста и професионалноста на јавната администрација, а со тоа и на намалувањето на корупцијата.
- Развој на национален портал за е-услуги според едношалтерскиот принцип кој ќе обезбеди побрзи и поедноставни услуги, преку создавање единствена точка на контакт помеѓу граѓаните и бизнисите (корисници

на е-услуги) и давателите на услуги и преку имплементирање решение кое ќе изврши електронска размена на податоци помеѓу институциите за забрзување на процесот на испорака на е-услуги.

- Едношалтерскиот принцип треба да се прошири на цела низа услуги како на државно, така и на локално ниво.
- Да се воведе единствен електронски систем на кој ќе бидат поврзани сите државни институции. Овој електронски систем ќе го користат сите апликации за давање јавни услуги кои државата ги нуди на граѓаните и на приватниот сектор.

# Глава V: ПРОЦЕНКА НА РЕГУЛАТОРНАТА СРЕДИНА

- Предвидлива деловна средина
- Постапка за усвојување и спроведување на законите
- Ефикасна јавна администрација
- Консултација со деловната заедница

## 5.1. Предвидлива деловна средина

Со цел економијата да привлече инвестиции, таа мора да ја добие и да ја задржи довербата на инвеститорите. Инвеститорите стекнуваат доверба за трговија во деловна средина што гарантира стабилна и предвидлива макроекономска рамка за бизнисите.

Владеењето на правото останува клучен предуслов за напредок во сите области, вклучувајќи и одржувајќи атрактивна деловна и инвестициска средина.

Првиот критериум воспоставен од учесниците на пазарот, вклучувајќи го и Советот на странски инвеститори, во однос на правната средина, е стабилноста и издржливоста на правната рамка. Во практичен контекст, ова значи дека „правилата на игра" на пазарот, што се оформени со одредени правни норми, мора да се познати и предвидливи за сите учесници на пазарот. Понатаму, регулативите мора да бидат јасни или недвосмислени во однос на нивната содржина за нормите што ги опфаќаат. Ова дава можност сите учесници на пазарот соодветно да ги планираат своите активности. Честите промени на законите секогаш имаат спротивно влијание врз стабилноста на правната рамка. Понатаму, усвојувањето на новите регулативи и амандмани на постојното законодавство мора да биде проследено со претходна јавна расправа.

## 5.2. Постапка за усвојување и спроведување на законите

### Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори

- Намалување на користењето на скратената постапка при усвојување на законите и целосно користење на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР) заради обезбедување соодветна и систематска консултација на засегнатите страни.
- Скратените собраниски постапки за носење закони кои создаваат правна несигурност и регулативен баласт на претпријатијата да станат исклучок и за нив да бидат предвидени посебни ограничувања. При промени на законите да се предвидат и периоди за приспособување за претпријатијата.
- Воведувањето на Електронскиот национален регистар на прописи (ЕНЕР) е пофалено од страна на бизнис секторот како чекор кон зголемување на јавниот коментар за предлог-законите, нешто што е признато од страна на многу фактори. Евидентирани се позитивни чекори за поредовно користење на платформата од страна на министерствата за планираните промени во законодавството, а рокот за јавно коментирање е продолжен од 10 на 20 календарски дена.
- Реформирање на механизмот за проценка на влијанието на регулативата (ex-post), со задолжително учество на бизнис заедницата.
- Клучните институции кои влијаат на деловната клима да започнат со објавување на официјални и правно обврзувачки упатства за примена на законите во нивната област. Тие ќе мора да ги објават сите релевантни закони, подзаконски акти и интерни постапки на својата веб-страница.
- Елиминирање на сите непотребни документи кои ги бараат институциите во управните постапки. Така ќе се намалат дополнителните трошоци, а вкупната цена на услугите ќе биде јасно прикажана. Претходно, институциите да ја консултираат бизнис заедницата околу постапките кои им задаваат најголеми проблеми или најдолги процедури.
- Целосно електронски да се издаваат 50 најчесто издавани потврди или документи, а за секоја постапка поединечно јавно да се објават чекорите во постапка и кои службеници се задолжени за постапување.

## 5.3. Ефикасна јавна администрација

Важно е да се продолжи со реформата за јавната администрација, при што целта ќе биде да се подобри ефикасноста со што ќе се создаде деловна клима поттикната од владеењето на правото.

Според Извештајот на Европската комисија за 2018 година, во однос на реформата на јавната администрација, беше наведено дека во текот на периодот за којшто се однесува Извештајот бил постигнат добар напредок. Беа усвоени Стратегијата за реформа на јавната администрација и Акцискиот план за 2018-2022 година, како и Програмата за

реформа на управување со јавните финансии 2018-2021 година. Конкретни напори беа вложени за зголемување на транспарентноста и отчетноста, како и за вклучувањето на надворешните засегнати страни во процесот на креирање на политиките.

Зголемената заложба за реформа на јавната администрација придонесува за зацврстување на принципот на вработување врз основа на заслуга и адресирање на деполитизацијата на јавната администрација.

Треба да се подобри капацитетот на Министерството за информатичко општество и администрација кое ја предводи и ја координира реформата за јавната администрација. Неопходно е силната политичка заложба да гарантира професионалност на јавната администрација, особено при назначување на виши службеници и да ги почитува начелата за транспарентност, заслуга и еднакво учество согласно законите. Ова главно се должи на недостатокот од координирани напори и политичка заложба за реформите спроведени во рамките на целата владина структура.

Во следниот период, земјата треба:

- да започне да ја спроведува стратегијата за реформа на јавната администрација и програмата за реформа на управувањето со јавните финансии и да обезбеди координиран надзор и систем за известување што систематски ги вклучува надворешните засегнати страни;
- да обезбеди обемна обука на службениците од централната и локалната власт и да ја зголеми јавната свест за спроведување на Законот за општа управна постапка;
- како дел од новата стратегија за реформа на јавната администрација Владата треба да подготви и да спроведе преглед за оценка на ефективноста на македонската јавна администрација.

Реформата на јавната администрација претставува континуиран процес на реорганизација на институциите во јавниот сектор и унапредување на нивниот капацитет. Тоа е и еден од клучните приоритети во процесот на европска интеграција на Македонија, како главен фокус во новата Стратегија за реформа во јавната администрација и Акцискиот план, усвоени во февруари годинава.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Професионална, ослободена од политика, ефикасна јавната администрација треба да биде вистински сервис на стопанството и сериозен партнер на бизнисот, со што би се постигнала заедничката цел и на државата и на бизнисот за динамичен економски развој.
- Ефикасна јавна администрација е еден од основните предуслови за добра бизнис клима. Во изминатите години постигнат е чекор напред кон подобрување на начинот на функционирање, намалување на непродуктивните трошоци, подигнување на квалитетот на услуги што им ги даваат на корисниците. Воведени се нови електронски решенија кои за граѓаните и бизнисот значат олеснет пристап до потребните информации, намалени трошоци, заштеда на време и пари, елиминирање

на бирократските процедури.

- Со години наназад, бизнис заедницата апелира да се намали непотребната бирократија и да се спроведе реформа на јавната администрација.

Советот на странски инвеститори го поздравува заложбите на Владата за решавање на проблемот со неефикасноста на јавната администрација и подобрување на транспарентноста, доследноста и квалитетот на јавните услуги преку иновации и дигитализација.

### 5.4. Консултација со деловната заедница

Развивањето на јавно-приватното партнерство во сите сегменти од стопанскиот живот е значаен фактор за позитивен економски раст, на што носителот на економската политика во државата треба да му даде максимално внимание преку креирањето на мерките на економската политика.

Енергичниот придонес на приватниот сектор во меѓусебниот дијалог со Владата, негово учество во креирањето економски политики, заложбата кон подобрување на квалитетот на претставувањето на бизнисот треба да се предуслов за добро владеење, одржливи реформски промени и основа за економски напредок.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Воведување постојани канали на комуникација меѓу бизнис-заедницата и Владата заради редовна комуникација и консултации при подготовката на законските и подзаконските прописи.
- Системски и отворен дијалог со бизнис заедницата значи и целосна примена на Националниот електронски регистар на регулативи (ЕНЕР).
- Унапредување на јавно-приватниот дијалог на највисоко ниво и подобрување на меѓусебната комуникација на различни нивоа, што ќе биде во насока на поттикнување на ефикасноста и ажурноста на јавните и на државните службеници и намалување на административните бариери.

## Глава VI: Аспирации за приклучување кон НАТО и Европската унија

Македонија е земја кандидат за членство во Европската унија и очекува почеток на преговорите за членство. Наредна фаза во процесот на пристапување е добивање датум за преговори за членство во Унијата.

Процесот на преговори за членство во Европската унија за Република Македонија ќе значи завршување на процесот за приближување кон Унијата, усвојување на нејзините

придобивки и вредности, како и целосно приспособување на македонските институции кон начинот на функционирање на институциите на Унијата. Преговорите истовремено ќе значат и создавање основи и подготовка за идно успешно функционирање на Република Македонија како земја-членка на Унијата.

Стратегијата за Западен Балкан (февруари 2018 г.) и Самитот од Софија (мај 2018 г.) ја изразија јасната поддршка за европската перспектива на регионот, како политичка, социјална и економска геостратешка инвестиција во стабилна, силна и обединета Европа. Оваа силна порака останува целосно валидна. Истовремено, ЕУ продолжува со своите реформски процеси. Ова исто така, беше споменато во Стратегијата за Западен Балкан. Европската комисија очекува неколку предлози да се предложат пред крајот на годината.

Земјите-членки на ЕУ позитивно одговорија на Договорот меѓу Скопје и Атина и утврдија јасен пат за отворање пристапни преговори со Македонија во јуни 2019 година, одредувајќи јасна визија за годината пред нас и потоа. Европската комисија веќе ја почна неопходната подготвителна работа во пресрет на јуни 2019 година, вклучувајќи ја и идната преговарачка рамка.

**Коментари и препораки на Советот на странски инвеститори:**

- Советот на странски инвеститори ја поздравува сериозната решителност и заложба на Владата на Република Македонија земјата да стане дел од евроатлантските интеграции коишто преку демократијата, владеењето на правото и почитувањето на човековите права и слободи, се посебен гарант на стабилноста и обезбедувањето на просперитетот кои обезбедуваат добра инвестициска клима и развој на економијата. Активниот реформски процес што го иницира Владата треба да биде сигнал за Европа и за НАТО дека граѓаните и Република Македонија заслужуваат да бидат дел од овие две најголеми меѓународни демократски организации.
- Придобивките од започнатиот процес на интегрирање на Македонија веќе се чувствуваат и дополнително ќе се интензивираат со влезот на Македонија во НАТО и започнувањето на преговорите со ЕУ, што ќе ја зголеми довербата во македонската економија и ќе донесе повеќе странски инвестиции и нови работни места. Членството во ЕУ и НАТО ќе и` донесе на Македонија позитивни перспективи, посебно за бизнис секторот, преку воспоставување на европските стандарди и полесен пристап на компаниите до ЕУ-пазарот. Најголемите трговски партнери на земјава се членки и на НАТО и на ЕУ.
- Стабилноста од секој аспект - политички, економски, социјален и еколошки, е придобивка што по дефиниција е значајна за македонските фирми да се профилираат како доверливи партнери за соработка на кое било поле, како и за поголем прилив на странски директни инвестиции кои се очекуваат преку евроатлантските интегративни процеси.

# Глава VII: Извештаи и рангирање на Република Македонија од меѓународни институции и тела

*ВОВЕДНА ЗАБЕЛЕШКА: Со оглед на тоа дека нашата намера е во рамките на „Белата книга“ да дадеме пообемен осврт на деловната средина и да се направи краток преглед на податоците добиени од релевантни извори, ќе ги презентираме следните податоци преземени од објавени и јавно достапни локални и меѓународни извештаи што може да им бидат корисни на читателите на ова издание. Тие податоци не ги претставуваат мислењата на членовите на Советот, ниту пак се официјален став на Советот како организација - податоците не се предмет на наше истражување во форматот во кој е тука претставен. Би сакале да ја искористиме оваа прилика да им се заблагодариме на организациите од кои беа преземени овие податоци.*

## 7.1. Извештај на Европската комисија за Република Македонија 2018 година

### Клучни наоди – политички критериуми

- Земјата е умерено подготвена со реформата на нејзината јавна администрација. Добар напредок е постигнат со усвојувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација и Програмата за реформи во управувањето со јавните финансии. Беа направени конкретни напори за зголемување на транспарентноста и одговорноста и вклучување на надворешни чинители во креирањето политики. Силната политичка заложба за гарантирање на професионалноста на јавната администрација, особено за високи менаџерски назначувања и почитувањето на принципите на транспарентност, заслуги и правична застапеност во согласност со духот и словото на законот, останува суштинска.
- Судскиот систем на земјата достигна одредено ниво на подготовка и постигнат е добар напредок, особено во вториот дел од периодот на Извештајот. Назадувањето од претходните години почна да се менува преку решителни чекори преземени во последниве месеци, особено за да се започне со обновување на независноста на судството.
- Што се однесува до борбата против корупцијата, земјата постигна одредено ниво на подготовка. Корупцијата останува распространета во многу области и продолжува да претставува сериозен проблем. Капацитетот на институциите за ефикасно справување со корупцијата покажа структурни и оперативни недостатоци. Политичкото влијание останува ризик.

### Клучни наоди – економски критериуми

- Република Македонија постигна одреден напредок и е на добро ниво на подготовка за развој на функционална пазарна економија. И покрај политичкиот ќор-сокак во првата половина од годината, забележани се подобрувања, особено во управувањето со јавните финансии и транспарентноста. Клучните слабости на економијата остануваат. Тие вклучуваат недостатоци во деловното опкружување, како што се слаботo спроведување на договорите (поврзано со ефикасноста и непристрасноста на судскиот систем) и големата неформална

економија. Структурните проблеми на пазарот на трудот се рефлектираат во ниската активност на работоспособното население и високите стапки на невработеност.

- Економијата постигна одреден напредок и е умерено подготвена да се справи со конкурентските притисоци и пазарните сили во рамките на ЕУ. Понатамошен напредок беше направен во насока на диверзификација на извозот и производство со повисока додадена вредност во производствениот сектор. Трговските и инвестициските односи со ЕУ продолжија да се интензивираат. Економијата се` уште страда од слабости во наставните планови, ниските стапки на иновации и значајните недостатоци во инвестициите, вклучувајќи ја особено јавната инфраструктура.
- Владата продолжува да биде посветена на пазарната економска политика, иако сега нуди даночни стимулации за да ги субвенционира инвестициите и вработувањата. Економската политика продолжи да се фокусира на растот на извозот преку: (а) странски директни инвестиции; (б) зголемување на конкурентноста на приватниот сектор преку трошење на јавните финансии на инфраструктура и (в) стимулирање на вработувањето преку активни политики на пазарот на трудот и субвенционирање на работодавците. Новата влада, која дојде на власт во јуни 2017 година, останува посветена на овие три политички столба. Таа исто така редизајнира дел од нив со цел да ја подобри нивната ефикасност. Владата особено планира да ги зголеми субвенциите за инвестирање и вработување во приватниот сектор и да примени иста политика на субвенционирање за странските и домашните компании. Таа исто така има намера да го зголеми обемот на покриеност на активните политики за пазарот на трудот и да ги зголеми социјалните трансфери. Таа ја зголеми минималната плата.
- Ставот за монетарната политика остана адекватен и ја поттикна ценовната стабилност и врзувањето на валутата.
- Потребни се мерки за одржлива фискална консолидација. Во 2017 година, владиниот фискален дефицит остана на ниво што го имаше пред оваа година (2,8% од проценетиот БДП).

**Република Македонија: фискални случувања**




Извор: Евростат, национални извори

- Владата е посветена на подобрување на транспарентноста и управувањето со јавните финансии. Јавните информации за фискалната состојба во поглед на нивото и квалитетот на податоците и нивната навременост значително се подобри откако новата влада стапи на власт.

*Деловно опкружување и пазарни институции*

- Спроведувањето на договорите останува проблематично, но владата презема чекори за негово подобрување. Институционалниот капацитет за спроведувањето на законите останува слаб, а решавањето на трговските спорови во судовите одзема многу време и е доста скапо. Во последните години, правната инфраструктура беше подобрена и бројот на случаи што се решаваат во судовите се зголеми. Сепак, вмешаноста на политиката во судовите често доведува до неефикасни исходи и намалена доверба. Нетранспарентните инспекции и парафискалните давачки продолжуваат да бидат проблем.
- Скриената економија останува голема пречка за бизнисот. Неформалниот удел на економијата останува голем и влијае врз конкурентноста на формалниот приватен сектор, иако тој се намалува во поглед на бруто додадената вредност и вработувањето. Според истражувањата, неформалната економија постојано се наведува како пречка за водење бизнис во земјата. Проценките за нејзиниот обем варираат од 20% од вкупниот аутпут (Државен завод за статистика) до околу 40% во зависност од методот што се применува. Ова создава пречки за инвестициите и сериозни проблеми за конкуренцијата на регистрираните компании.

*Финансиски пазар*

- Банкарскиот сектор останува со добра основа, ликвиден и профитабилен, но уделот на нефункционалните кредити останува доста висок. Нивото на финансиска интермедијација се зголеми заедно со средствата, кредитите и депозитите како дел од БДП. Кредитите на комерцијалните банки остануваат главен извор на финансирање за мали и средни бизниси, што обично се нерешителни кога станува збор за финансирање на нивните финансиски потребни на пазарот на капитал.

*Пазар на труд*

- Во последните неколку години стопанството креираше голем број работни места, пазарот на трудот имаше солидни, иако надолни придобивки од вработувањето, на ниво од околу 2,8% во просек секоја година во периодот меѓу 2012 и 2016 година. Во последниот квартал од 2017 година, вработеноста се зголеми на 1,9% на годишно ниво.

**Невработеност во Република Македонија (% од активното население)**




**Стапки на учество во Република Македонија (% од работната сила)**




Извор: Евростат, национални извори

- Но, пазарните дисторзии го ограничуваат потенцијалот за раст. Падот на стапката на невработеност делумно ја отсликува ниската стапка на активност. Големата имиграција на квалификувани работници и ниското ниво на запишување во високото образование ја оставија економијата да се бори со обновување на квалификуваната млада работна сила. Ова го забавува потенцијалниот раст и ја одложува структурната трансформација на економијата, со оглед на тоа дека ја спречува реалокацијата на ресурсите кон сектори со поголема продуктивност.

*Образование и иновации*

- Образовниот систем е бавен во адресирањето на неусогласеноста на вештините. Додека јавното трошење за образование, од околу 4% од БДП, е само малку помалку од просекот на ЕУ, стапката на запишување и завршување на средното образование (стапка на завршување од околу 87%) и на високото образование само маргинално се зголемени во последните пет години и остануваат под нивото на ЕУ. Јазот меѓу вештините на оние со високо образование и потребите на приватните компании полека се стеснува.
- Стапката на иновации во приватниот сектор останува ниска. Трошењето на истражување и иновации останува скромно во споредба со просекот на ЕУ, на ниво од 0,4% од БДП (2015 година), што е малку повеќе од нивото во 2010 година. Најголемиот дел од овие расходи  произлегуваат од јавното трошење што се зголеми во последните години. Иако уделот на технолошки интензивните  производи во извозот се зголеми (поради производството на воспоставените странски компании), иновациите и технолошкиот развој во приватните компании останува на ниско ниво.

*Физички капитал и квалитет на инфраструктурата*

- Слабостите на капиталниот удел на стопанството ја спречуваат конкурентноста. Приватното и јавното трошење на инвестиции останува недоволно во поглед на недостатоците на инфраструктурата на земјата и производствениот потенцијал. Во периодот меѓу 2012 и 2016 година инвестиционото трошење во голема мера остана константно на ниво од околу 24% од БДП. Околу 70% од инвестициите беа спроведени од приватни компании (домашни и странски), додека останатиот дел се јавни инвестиции финансирани од генералниот буџет на државата, меѓународните финансиски институции и јавните претпријатија.

*Структура на секторите и на компаниите*

- Структурната трансформација на стопанството е бавна и предводена од странските инвестиции. Секторската структура не стопанството во последните пет години во голема мера остана непроменета. На ниво од околу 60% на проценетата бруто додадена вредност, и во 2017 година услугите имаат најголем удел во бруто додадената вредност (-5 % во споредба со 2012 година), при што земјоделството придонесува со повеќе од 10%. Индустријата придонесе со 19,5% (+1,5% во споредба со 2012 година). Главно, по заслуга на странските компании, уделот на производствени добра со повисока вредност (машинерија и опрема, хемиски производи) во аутпутот на индустријата се зголеми на штета на основните производствени добра како што се железо, челик и облека. Услужниот сектор вработува повеќе од половина од вработените, по што следи индустријата и градежништвото (27%) и земјоделството (24%), без значителни промени од 2012 година. Над 99% од вкупниот број компании се мали и средни, кои придонесуваат со повеќе од 76% од додадената вредност и речиси исто толку вработувања.

*Економска интеграција со ЕУ*

- Важноста на ЕУ како трговски и инвестициски партнер продолжува да расте. Вредноста на трговската размена на стоки со ЕУ прогресивно се зголеми во последната деценија со учество од 71% од вкупната трговија на земјата во 2017 година. Во 2017 година, земјите - членки на ЕУ учествуваат со 81% од извозот на земјата (+1,2%) и со удел од 63% во увозот на земјата (+ 0,9%). Вредноста на СДИ по жител останува ниска. Развојот на регионалната економска област заснована на правилата и стандардите на ЕУ кон која се посветиле сите економии од Западен Балкан има потенцијал да генерира неискористен раст.
- Што се однесува до способноста да преземе обврски од членството, земјата е делумно подготвена во повеќето области, вклучувајќи ги и конкурентоста, транспортот и енергетиката. Земјата покажува добро ниво на подготвеност во областите како што се трговското право, царинската унија, трансевропските мрежи, науката и истражувањето.

*Република Македонија: трговска интеграција со ЕУ*




Извор: Еуростат, национални извори

**Коментари на Советот на странски инвеститори:**

- Во однос на економските критериуми, Европската комисија препознава напредок и значителни подобрувања во управувањето со јавните финансии и транспарентноста, меѓу другото, преку објавувањето на граѓански буџети за 2017 и 2018 година. Се поздравува донесувањето на Програмата за управувањето со јавните финансии.
- Клучните слабости кои ги забележува Извештајот се однесуваат на деловното опкружување, како и на структурните проблеми на пазарот на работна сила, кои се рефлектирани во високата стапка на невработеност. Општо гледано, ЕК цени дека земјата направила одреден напредок и е на добро ниво на подготовка да развие функционална пазарна економија – што всушност е стагнација споредено со 2006 година. Се препорачува земјата да подготви одржливи мерки за консолидација. Слично како и погоре, ЕК утврдува дека економијата има постигнато одреден напредок и е умерено подготвена да се справи со конкуренцијата и силите на пазарот во ЕУ. ЕК гледа недостатоци во образовните програми кои не одговараат на барањата на пазарот.
- Извештајот дава реална слика за состојбата во македонската економија, нотирајќи одреден напредок. Особено споредено со оценката во претходниот Извештај, напорите и потезите на носителите на економските политики се попозитивно вреднувани. Сепак, значајно ограничениот простор посветен на економијата (особено споредено со просторот посветен на политичките критериуми), како и користените изрази „одреден напредок“, „остануваат клучните слабости“ и нагласениот недостиг на долгорочни потези во економските одлуки укажуваат дека не е доволен напредокот во економските политики и реформи.

## 7.2. Извештај за глобална конкурентност на Светскиот економски форум

Македонија се најде на дното во Европа според Извештајот за глобална конкурентност на Светскиот економски форум. Земјава го зазема 84-то место. Полошо од Македонија, на континентот, се рангирани само Молдавија и Босна и Херцеговина, која се лизна за едно место на 91-та позиција со резултат од 54,2 поени.

Според Извештајот објавен на официјалната интернет-страна WEF, Србија со 60,9 поени, била подобра во однос на лани за 1,7 поени.

Од земјите на поранешна Југославија најдобро е рангирана Словенија на 35-то место со резултат од 69,6 поени.

Хрватска падна за две места на 68-та позиција (60,1 поен), додека Црна Гора се искачила за „две скалила“ на 71-то место (59,6 поени).

Индекс на глобалната конкурентност 4.0 2018 издание



| Индекс на компонентни | Вредности | Резултат * | Ранг / 140 | Најдобар резултат |
|---|---|---|---|---|
| **Столб 1: Институции** 0-100 (најдобар) | - | **50,6** | **85** | **Нов Зеланд** |
| 1.01 Организиран криминал 1-7 (најдобар) | 3,2 | 37,0 | 131 | Финска |
| 1.02 Стапка на убиства / 100.000 поп. | 1,6 | 96,3 = | 51 | Повеќе (9) |
| 1.03 Инциденти со тероризам 0 (многу висок) -100 (без инциденти) | 99,9 | 99,9 | 60 | Повеќе (24) |
| 1.04 Одговорност на полициски служби 1-7 (најдобар) | 3,5 | 41,3 | 110 | Финска |
| 1.05 Социјален капитал 0-100 (висок) | 48,2 | 48,2 | 90 | Австралија |
| 1.06 Буџетска транспарентност 0-100 (најдобар) | 61,5 | 61,5 = | 49 | Повеќе (2) |
| 1.07 Судска независност 1-7 (најдобар) | 2,3 | 22,3 | 128 | Финска |
| 1.08 Ефикасност на правната рамка во оспорување на прописите 1-7 (најдобар) | 2,2 | 20,7 | 129 | Финска |
| 1.09 Слобода на печат 0-100 (најлошо) | 32,4 | 67,6 | 89 | Норвешка |
| 1.10 Товар од законската регулатива 1-7 (најдобар) | 2,9 | 31,3 | 109 | Сингапур |
| 1.11 Ефикасност на правната рамка во решавањето на споровите 1-7 (најдобар) | 2,3 | 21,3 | 129 | Сингапур |
| 1.12 Индекс на е-учество 0-1 (најдобар) | 0,70 | 70,2 | 68 | Повеќе (3) |
| 1.13 Идната ориентација на владата 1-7 (најдобар) | 2,9 | 31,3 | 120 | Сингапур |
| 1.14 Ниво на корупција 0-100 (најдобар) | 35,0 | 35,0 | 91 | Нов Зеланд |
| 1.15 Право на сопственост 1-7 (најдобар) | 3,5 | 41,1 | 126 | Финска |
| 1.16 Заштита на интелектуалната сопственост 1-7 (најдобар) | 3,0 | 33,7 | 133 | Финска |
| 1.17 Квалитет на администрација на земјиште 0-30 (најдобар) | 25,0 | 83,3 | 19 | Сингапур |
| 1.18 Јачина на стандардите за ревизија и известување 1-7 (најдобар) | 3,7 | 45,0 | 122 | Финска |
| 1.19 Регулирање на конфликт на интереси 0-10 (најдобар) | 8,0 | 80,0 = | 11 | Повеќе (2) |
| 1.20 Управување на акционерите 0-10 (најдобар) | 8,0 | 80,0 = | 5 | Казахстан |
| **Столб 2:** Инфраструктура 0-100 (најдобар) | - | **64,5** | **80** | **Сингапур** |
| 2.01 Индекс за поврзување на патот 0-100 (најдобар) | 47,8 | 47,8 = | 98 | САД |
| 2.02 Квалитет на патишта 1-7 (најдобар) | 3,4 | 39,3 | 97 | Сингапур |
| 2.03 Железничка инфра. км патишта / квадратни километри | 26,6 | 66,4 = | 31 | Повеќе (20) |
| 2.04 Ефикасност на возните услуги 1-7 (најдобар) | 2,0 | 17,1 | 116 | Швајцарија |
| 2.05 Оценка на аеродромите | 5.203,2 | 25,7 | 115 | Повеќе (8) |
| 2.06 Ефикасност на услугите на воздушен транспорт 1-7 (најдобар) | 4,3 | 54,5 | 85 | Сингапур |
| 2.07 Индекс на поврзување за лајсни за испорака 0-157.1 (најдобар) | n / a | n / a | n / a | Повеќе (4) |
| 2.08 Ефикасност на поморските услуги 1-7 (најдобар) | 2,2 | 19,2 | 133 | Сингапур |
| 2.09 стапка на електрификација% поп. | 100,0 | 100,0 = | 1 | Повеќе (66) |
| 2.10 загуби за пренос и дистрибуција на електрична енергија% произ. | 12,7 | 91,0 | 84 | повеќе (9) |
| 2.11 Изложеност на небезбедна вода за пиење % поп. | 6,0 | 95,9 = | 33 | Повеќе (23) |
| 2.12 Квалитет на водоснабдување 1-7 (најдобар) | 4,7 | 62,0 | 72 | Швајцарија |
| **Столб 3:** Усвојување на ИКТ 0-100 (најдобар) | - | **54,0** | **70** | **Р. Кореја** |
| 3.01 мобилни телефонски претплати / 100 поп. | 101,9 | 84,9 | 100 | Повеќе (68) |
| 3.02 Мобилни широкопојасни претплати / 100 поп. | 63,9 | n / a | 78 | ОАЕ |

| Индекс на компонентни | Вредности | Резултат * | Ранг / 140 | Најдобар резултат |
|---|---|---|---|---|
| 3.03 Фиксни широкопојасни интернет претплати / 100 поп. | 18,6 | 37,1 | 51 | Швајцарија |
| 3.04 Опт.кабел интернет претплати / 100 поп. | 1,0 | n / a | 58 | Кореја, Р. |
| 3.05 Интернет корисници % pop. | 72,2 | 72,2 | 51 | Исланд |
| **Столб 4:** Макроекономска стабилност 0-100 (најдобар) | - | **74,6** | **70** | **Повеќе (31)** |
| 4.01 Инфлација годишна % промена | 0,6 | 100, | 0 1 | повеќе (74) |
| 4.02 Динамика на долг 0-100 (најдобра) | 49,3 | 49,3 | 84 | Повеќе (36) |
| **Столб 5:** Здравје 0-100 (најдобар) | - | **80,0** | **71** | **Повеќе (4)** |
| 5.01 Просечни години на здрав живот | 65,6 | 80,0 | 70 | Повеќе (4) |
| **Столб 6:** Вештини 0-100 (најдобар) | - | **59,0** | **81** | **Финска** |
| 6.01 Средни години на школување | 9,8 | 65,3 = | 63 | Финска |
| 6.02 Степен на обука на персоналот 1-7 (најдобар) | 3,0 | 33,2 | 134 | Швајцарија |
| 6.03 Квалитет на стручна обука 1-7 (најдобар) | 3,1 | 35,3 | 130 | Швајцарија |
| 6.04 Вештини на дипломирани студенти 1-7 (најдобар) | 3,5 | 41,4 | 114 | Швајцарија |
| 6.05 Дигитални вештини меѓу населението 1-7 (најдобар) | 3,6 | 43,6 | 106 | Шведска |
| 6,06 Леснотија на изнаоѓање квалификувани работници 1-7 (најдобар) | 3,3 | 38,2 | 129 | САД |
| 6.07 Очекуван период за образование- Години | 13,3 | 74,0 = | 81 | Повеќе (9) |
| 6.08 Критичко размислување во наставата 1-7 (најдобро) | 2,7 | 27,5 | 121 | САД |
| 6.09 Соодносот помеѓу учениците и наставниците во основното образование | 14,4 | 89,0 = | 42 | Повеќе (6) |
| **Столб 7:** Пазар на производи 0-100 (најдобар) | - | **51,5** | **107** | **Сингапур** |
| 7.01 ефект на даноците и субвенциите за конкуренцијата 1-7 (најдобар) | 3,3 | 37,8 | 109 | Сингапур |
| 7.02 Степен на доминација на пазарот 1-7 (најдобар) | 3,0 | 32,9 | 124 | Швајцарија |
| 7.03 Конкуренција во услугите 1-7 (најдобар) | 4,3 | 55,8 | 119 | Хонг Конг |
| 7.04 Преваленца на нетарифни бариери 1-7 (најдобар) | 4,1 | 52,2 | 99 | Сингапур |
| 7.05 Трговски тарифи % давачка | 4,96 | 66,9 | 63 | Хонг Конг |
| 7.06 Комплексност на тарифите 1-7 (најдобра) | 4,9 | 65,4 | 86 | Хонг Конг |
| 7,07 Ефикасност на процесот на царинење 1-5 (најдобар) | 2,5 | 36,3 | 93 | Германија |
| 7.08 отвореност на трговијата со услуги 0-100 (најлошо) | n / a | 83,2 | n / a | Еквадор |
| **Столб 8:** Пазар на труд 0-100 (најдобар) | - | **58,1** | **78** | **САД** |
| 8.01 Трошоци за технолошки вишок | 13,0 | 81,3 = | 47 | повеќе (8) |
| 8.02 Практики за вработување и отпуштање 1-7 (најдобар) | 3,7 | 44,6 | 85 | Хонг Конг |
| 8.03 Соработка во односите помеѓу работниците и работодавачите 1-7 (најдобар) | 3,6 | 42,7 | 126 | Швајцарија |
| 8.04 Флексибилност на определување на платите 1-7 (најдобар) | 4,3 | 55,5 | 114 | Хонг Конг |
| 8.05 Активни политики за вработување1-7 (најдобар) | 3,1 | 35,0 | 74 | Швајцарија |
| 8.06 Права на работниците 0-100 (најдобар) | 73,2 | 73,2 | 54 | Повеќе (4) |
| 8,07 Леснотија на вработување на странски раб. 1-7 (најдобар) | 3,7 | 44,2 | 108 | Албанија |
| 8.08 Мобилност на внатрешен труд 1-7 (најдобар) | 4,2 | 52,8 | 98 | Гвинеја |
| 8.09 Постоење на професионален менаџмент 1-7 (најдобар) | 3,4 | 40,5 | 120 | Финска |

| Индекс на компонентни | Вредности | Резултат * | Ранг / 140 | Најдобар резултат |
|---|---|---|---|---|
| 8.10 Плати и продуктивност 1-7 (најдобар) | 3,6 | 44,1 | 88 | САД |
| 8.11 Женско учество во однос на работната сила | 0,73 | 65,7 | 70 | Повеќе (4) |
| 8.12 Стапка на данок на труд % | 0,0 | 100,0 = | 1 | Повеќе (26) |
| **Столб 9:** Финансиски систем 0-100 (најдобар) | - | **55,6** | **80** | **САД** |
| 9.01 Домашни кредити на приватниот сектор % БДП | 49,3 | 51,9 | 75 | Повеќе (29) |
| 9.02 Финансирање на МСП 1-7 (најдобар) | 3,2 | 37,3 | 114 | САД |
| 9.03 Достапност на капитал 1-7 (најдобар) | 2,2 | 20,6 | 120 | САД |
| 9.04 Пазарна капитализација% БДП | 22,0 | 22,0 | 72 | Повеќе (12) |
| 9.05 Премија за осигурување % БДП | 1,3 | 22,4 = | 85 | Повеќе (16) |
| 9.06 Моќ на банки 1-7 (најдобар) | 4,6 | 59,9 | 85 | Финска |
| 9,07 Нереализирани кредити % вредност на кредитното портфолио | 6,3 | 88,3 | 80 | Повеќе (2) |
| 9.08 Процентни поени на кредитен јаз | - 6,9 | 100,0 = | 27 | Повеќе (97) |
| 9.09 Коефициент на пропорционален капитал на банките | 16,0 | 98,0 = | 73 | Повеќе (72) |
| **Столб 10:** Големина на пазар 0-100 (најдобар) | - | **39,2** | **109** | **Кина** |
| 10.01 Бруто-домашен производ ППП $ милијарди | 28 | n / a | 115 | Кина |
| 10.02 Увоз % БДП | 78,3 | n / a | 18 | Хонгконг |
| **Столб 11:** Бизнис динамика 0-100 (најдобар) | - | **61,2** | **57** | **САД** |
| 11.01 Трошоци за отпочнување на бизнис % БНП по жител | 0,1 | 100,0 = | 3 | Повеќе (2) |
| 11.02 Време за започнување на бизнис / ден | 7,0 | 93,5 = | 41 | Нов Зеланд |
| 11.03 Стапка на наплата на несолвентните цени / | 47,7 | 51,3 | 42 | Норвешка |
| 11.04 регулаторна рамка за несолвентност 0-16 (најдобра) | 15,0 | 93,8 = | 1 | повеќекратна (5) |
| 11.05 Ставови кон претприемачки ризик 1-7 (најдобар) | 2,9 | 32,2 | 136 | Израел |
| 11.06 Подготвеност да се делегира орган 1-7 (најдобар) | 3,7 | 45,6 | 118 | Данска |
| 11.07 Раст на иновативни компании 1-7 (најдобар) | 3,5 | 42,0 | 110 | Израел |
| 11.08 Компании кои опфаќаат погрешни идеи 1-7 (најдобар) | 2,9 | 31,1 | 133 | САД |
| **Столб 12:** Иновативен капацитет 0-100 (најдобар) | - | **31,1** | **98** | **Германија** |
| 12.01 Разновидност на работна сила 1-7 (најдобра) | 3,9 | 48,6 | 110 | Канада |
| 12.02 Состојба на развојот на кластери 1-7 (најдобар) | 3,2 | 37,0 | 108 | САД |
| 12.03 Меѓународни ко-пронајдоци апликации / милиони поп. | 0,13 | 3,9 | 77 | Повеќе (7) |
| 12.04 Мулти-чинители /соработка 1-7 (најдобар) | 3,0 | 32,6 | 126 | САД |
| 12.05 Научни публикации / Индекс | 93,0 | 67,3 | 98 | Повеќе (7) |
| 12.06 апликации за патентни апликации / милиони поп. | 0,46 | 6,9 | 74 | Повеќе (8) |
| 12,07 трошоци за истражување и развој % БДП | 0,4 | 14,8 | 69 | Повеќе (7) |
| 12,08 Квалитет на индекс на истражувачки институции | 0,00 | 0,4 | 98 | Повеќе (7) |
| 12,09 Софистицираност на купувачот 1-7 (најдобар) | 2,7 | 28,0 | 119 | САД |
| 12.10 апликации за трговски марки / милион поп. | 783,55 | 71,7 | 51 | Повеќе (7) |

* Резултатите се на скала од 0 до 100, каде што 100 претставува оптимална ситуација или “граница”.

Лошите оценки во Извештајот се однесуваат на справувањето со организираниот криминал, слабата заштита на интелектуалните и имотните права, како и неефикасноста на законите. Се нотира и лошата инфраструктура, слабо сме рангирани според поврзаноста и квалитетот на патиштата, услугите на железницата, како и транспортот од и до аеродромите. Во делот на образованието и бизнисот, анкетираните во Македонија се пожалиле дека тешко се наоѓаат квалификувани работници, дека ретко кој врши обука на кадарот и дека е мала соработката на газдите со синдикатите. На врвот на Извештајот за глобална конкурентност се најдоа САД, Сингапур и Германија.

Инаку, лани Македонија не беше рангирана на оваа листа поради недоволно податоци.

## 7.3. „ Doing Business " од Светска банка

Земјата продолжува да има исклучително добар пласман во рангирањето во рамките на Извештајот „Водење бизнис" на Светската банка. Македонија е рангирана на 10-то место во најновиот извештај „Водење бизнис 2019" на Светската банка, што е подобрување за една позиција во однос на претходната година.

Рангирањето е правено врз основа на 10 критериуми, а се опфатени 190 земји во светот.

Македонија е најдобро позиционирана, на седмото место, според критериумот заштита на малцинските инвеститори, а најслабо според критериумите регистрирање на имот и почнување бизнис, на 46-то, односно 47-то место.

**ДБ 2019 Леснотија за водење бизнис**




Забелешка: Леснотијата за водење бизнис ја зема во предвид споредбата на секоја економија од најдобрите регулаторни перформанси забележани на секој од показателите во сите економии во примерокот од 2005 година. Едноставноста на економијата на деловниот резултат се рефлектира на скала од 0 до 100, каде што 0 претставува најниска и 100 претставува најдобра изведба. Леснотијата на рангирање на бизнис се движи од 1 до 190.

Македонија е најдобро рангирана земја во Југоисточна Европа (ЈИЕ) во последниот извештај на „Водење бизнис" на Светската банка, покрај повторното враќање во топ-10 најдобри во светот по бројот на спроведени реформи во неколку категории. Воедно, Македонија е единствената средно развиена економија во топ-20 во светот во рангирањето за оваа година.

**Рангирање на економиите - Европа и Централна Азија**

| Економија | Рангирање |
|---|---|
| Грузија | 6 |
| Македонија | 10 |
| Азербејџан | 25 |
| Казахстан | 28 |
| Руска Федерација | 31 |
| Белорусија | 37 |
| Ерменија | 41 |
| Турција | 43 |
| Косово | 44 |
| Молдавија | 47 |
| Србија | 48 |
| Црна Гора | 50 |
| Романија | 52 |
| Кипар | 57 |
| Хрватска | 58 |
| Бугарија | 59 |
| Албанија | 63 |
| Киргистан | 70 |
| Украина | 71 |
| Узбекистан | 76 |
| Сан Марино | 88 |
| Босна и Херцеговина | 89 |
| Таџикистан | 126 |

Некои од поентите што се забележуваат оваа година се дека за започнување бизнис во Македонија се потребни 14 дена, со нула денари стартен капитал и трошок од 0,9% од годишниот бруто домашен производ по глава на жител.

Потребни се 91 ден и девет процедури за градежна дозвола, 97 дена и 196,1% од годишниот БДП по глава на жител за приклучок, а за стекнување имот потребни се седум процедури, 30 дена и данок од 3,2% од проценката.

Кредит отплаќаат 40,7% од субјектите, кај тргувањето со хартии од вредност најслаба оценка имаме за (не)достапноста за купување акции, а со најдобра оценка имаме за транспарентноста. Фирмите од профитот одвојуваат 13%, губат 119 часа годишно за седум даноци (давачки).

На граница за документација се чека два часа, но девет за царинење. За спроведување на договори потребни се 634 дена. За решавање на несолвентноста потребно е една ипол година и „жртвување“ на 10% од вредноста на имотот.

**Рангирање на теми од „Doing Business“ – Македонија**




Најдобра во светот, според„Doing Business 2019“ е Нов Зеланд, а покрај Македонија, во топ-10 се и Сингапур, Данска, Хонгконг, Јужна Кореја, Грузија, Норвешка, САД и Велика Британија.

**Започнување бизнис во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотија на започнување на бизнис се одредува со сортирање на нивните резултати за започнување бизнис. Овие резултати се едноставен просек на резултатите за секој од индикаторите на компонентите.

**Справување со градежни дозволи во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотија на справување со градежните дозволи се определува со сортирање на нивните резултати за справување со градежни дозволи. Овие резултати се едноставен просек од резултатите за секој од компонентите.

### Добивање електрична енергија во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотијата на добивање на електрична енергија се одредува со сортирање на нивните резултати за добивање електрична енергија. Овие резултати се едноставен просек на резултатите за сите компонентни индикатори, освен цената на електричната енергија.

### Регистрирање имот во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотијата на регистрирање на имот се определува со сортирање на нивните резултати за регистрирање на имотот. Овие резултати се едноставен просек на резултатите за секој од индикаторите на компонентите.

### Добивање кредит во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотијата на добивање кредит е одредено со сортирање на нивните резултати за добивање кредит. Овие резултати се збир на резултатите за јачината на индексот на законските права и длабочината на индексот на кредитни информации.

**Заштита на малцински инвеститори во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите врз основа на заштитата на малцинските инвеститори се определува со сортирање на нивните резултати за заштита на малцинствата инвеститори. Овие резултати се едноставен просек од резултатите за степенот на индексот на регулација на конфликт на интереси и степенот на индекс за управување со акционерите.

**Плаќање даноци во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотијата на плаќање даноци се определува со сортирање на нивните резултати за плаќање даноци. Прагот се дефинира како вкупна стапка на данок и придонес на 15-от проценти од целокупната дистрибуција за сите години вклучени во анализата до и вклучувајќи го Doing Business 2015, што е 26,1%. Сите економии со вкупната стапка на данок и придонес под овој праг добива иста оценка како економијата на прагот.

**Тргување преку граници во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите за леснотијата на тргување преку границите се одредува со сортирање на нивните резултати за тргување преку границите. Овие резултати се едноставен просек од резултатите за времето и трошоците за усогласеност со документацијата и граничната усогласеност со извозот и увозот.

**Спроведување договори во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите за олеснување на спроведувањето на договорите се одредува со сортирање на нивните резултати за спроведување на договори. Овие резултати се едноставен просек на резултатите за секој од индикаторите на компонентите.

**Решавање на несолвентност во Македонија и споредбени економии - Рангирање и оценка**




Забелешка: Рангирањето на економиите за олеснување на решавањето на несолвентноста се одредува со сортирање на нивните резултати за решавање на несолвентност. Овие резултати се едноставен просек од резултатите за стапката на наплата и силата на индексот на инсолвентност.

## 7.4. Индекс на економска слобода од Фондацијата „Херитеџ“

Оценката за економската слобода во Македонија е 71.3, и согласно тоа економијата е рангирана како 33 најслободна во Индексот за 2018 година. Севкупната оценка се зголеми за 0,6 поени, со подобрување на индикаторите за фискално здравје и инвестициска слобода, а пад во интегритетот на Владата и ефикасноста на судството. Македонија е рангирана на 18-то место меѓу 44 земји во европскиот регион, и нејзината оценка е над регионалниот и светскиот просек.

## ОЦЕНКА ЗА ЕКОНОМСКА СЛОБОДА




**ЗАБЕЛЕЖАНИ УСПЕСИ:**
Даночна политика, слобода на трговијата и бизнисот

**ОГРАНИЧУВАЊА:**
Владеење на правото, можност за финансирање и инвестирање

**ВКУПНО ПОДОБРУВАЊЕ од 2014:**
+2.7

## ТРЕНД НА СЛОБОДИ




## ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО




## ГОЛЕМИНА НА ВЛАДА



Владата го отежна спроведувањето на договорите. Има правна основа за заштита на сопственоста на подвижен, интелектуален и недвижен имот, но спроведувањето останува нецелосно. Правната рамка е солидна, но спроведувањето на законот е слабо.

Судството не покажува независност, а судиите се предмет на политичко влијание. Корупцијата е сеприсутна, а некои службеници се вклучуваат во коруптивни активности без да бидат казнети.

Индивидуалниот приход и корпоративните даночни стапки се рамни на 10%. Другите даноци ги вклучуваат данокот на додадена вредност и даноци за пренос на имот. Вкупниот даночен товар е 25,2% од вкупниот домашен приход. Во текот на последните три години трошењето на Владата се зголеми на 31,5% од вкупниот аутпут (БДП), а буџетскиот дефицит е во просек 3,4% од БДП. Јавниот долг е 38,7% од БДП.







Во 2016 година, Македонија ги олесни условите за водење бизнис со тоа што ги подобри одредбите за стечај. Законот за работни односи е релативно крут. Има висока стапка на невработеност, а 22 проценти од работниците се вработени во неформалниот сектор. Речиси половина од владиното трошење оди на социјални трансфери кои се делумно дизајнирани да ја зголемат поддршката кон владеачките партии, но исплатата на субвенциите за земјоделците во 2017 година значително доцнеше.

Трговијата е екстремно важна за македонската економија, комбинираната вредност на извозот и увозот е 113% од БДП. Просечната тарифна стапка е 1,1%. Нетарифните бариери ја спречуваат трговијата во некои области. Отвореноста на Владата кон странските инвестиции е натпросечна. Финансискиот сектор зајакна, со тоа што улогата на Владата беше ограничена само на спроведувањето на регулативата. Странските банки имаат над 90% од вкупните банкарски средства.

## 7.5. Индекс на човечки капитал - Македонија рангирана меѓу најмалку развиените земји

Индексот рангира 157 земји во поглед на образованието, вештините и здравјето на нивните граѓани. Индексот на човечки капитал (ИЧК) е составен од пет индикатори: веројатност за живот подолг од петгодишна возраст, очекуваните години што детето треба да ги помине во образовниот систем, квалитет на учење, животен век на возрасните и пропорцијата на деца кои не се со забавен развој.

Вредноста на индексот на Македонија, особено вредноста на образовните индикатори повикуваат на итна реакција. Се чини дека реформите воопшто не го трансформирале образовниот систем така што на повеќето студенти ќе им се овозможи да се стекнат со барем основни компетенции. За земјата важно е да продолжи да учествува во меѓународните оценки за да го надгледува квалитетот на образовниот систем.

**Човечки капитал во дел од европските земји**

| | |
|---|---|
| Албанија | 0,62 |
| Ерменија | 0,57 |
| Азербејџан | 0,60 |
| Босна и Херцеговина | 0,62 |
| Бугарија | 0,68 |
| Хрватска | 0,72 |
| Република Чешка | 0,78 |
| Естонија | 0,75 |
| Грузија | 0,61 |
| Унгарија | 0,70 |
| Косово | 0,56 |
| Латвија | 0,72 |
| Литванија | 0,71 |
| Македонија | 0,53 |
| Молдавија | 0,58 |
| Црна Гора | 0,61 |
| Полска | 0,75 |
| Романија | 0,60 |
| Србија | 0,76 |
| Словачка | 0,69 |
| Словенија | 0,79 |
| Украина | 0,65 |
| | |

Извор: ММФ/Светска банка

Подобар резултат од Македонија имаат Косово, Грузија, Босна и Херцеговина, Ерменија, Азербејџан и сите други земји во развој во Европа на оваа листа на Светската банка.

Најголемиот проблем во Македонија во овој момент е образованието, ниту еден македонски универзитет не е меѓу првите 1.000 на Шангајската листа.

Индексот на човечки капитал е дел од Проектот за човечки капитал кој е започнат за да се даде иницијатива и да се поддржат националните лидери да ги направат трансформациските инвестиции во човечки капитал дел од своите приоритети. Целта на иницијативата е да го забрза напредокот кон свет во којшто децата одат во училиште добро најадени и подготвени да учат, можат да очекуваат дека ќе добијат квалитетно знаење во училницата и можат да влезат на пазарот на трудот како здрави, вешти и продуктивни возрасни луѓе.

## 7.6. Индекс за перцепција на корупцијата

Перцепцијата за корупцијата значително се влоши, според најновиот индекс за Перцепции на корупција на „Транспаренси Интернешнал", земјата моментално е рангирана на 170 перцепција на глобално ниво (од вкупно 180 земји) во споредба со 90-то место што го заземаше претходната година и 66-то место во 2015 година.

## 7.7. Агенцијата „Standard and Poor's" го потврди кредитниот рејтинг на Македонија ББ-/Б, со стабилен изглед

Агенцијата „Standard and Poor's" соопшти дека го потврдува кредитниот рејтинг на Македонија ББ-/Б, со стабилен изглед. Според Извештајот, политичката неизвесност е намалена со зајакнувањето на парламентарното мнозинство, што би требало да ја олесни имплементацијата на реформите. Извештајот нотира дека е направен напредок во неколку приоритети, истакнувајќи го подобрувањето на фискалната транспарентност. „Standard and Poor's" наведува дека може да дојде до подобрување на рејтингот доколку реформите се имплементираат навремено и се постигне понатамошен напредок во разрешувањето на проблемот со името, а ова води кон подобри економски перспективи и зголемување на веројатноста за членство во ЕУ.

Наспроти ова, врз влошување на кредитниот рејтинг може да влијае враќањето на политичките тензии или забавувањето на темпото на реформи, што би имало негативен ефект врз растот и странските инвестиции, како и во случај на фискална недисциплина или вонбуџетски активности кои би ја довеле во прашање оддржливоста на јавниот долг.

## 7.8. Македонија во топ-10 земји со најмногу вработувања од странски инвестиции

Македонија се најде во топ-10 земји со најголем број на вработувања од странски директни инвестиции во светот лани, откако Институтот „ИБМ" го објави Извештајот „Глобални локациски трендови" за 2018 година.

Извештајот е специјален за ефектот на странските инвестиции, а Македонија се најде на врвот на ранг-листата по број на нови вработувања на секои милион жители.

Македонија за 2017 година го зазема десеттото место со нешто повеќе од 1.400 нововработени на милион жотели, или вкупно околу 2.800 нововработени во 2017 година, ако се земе предвид дека земјата има два милиона жители.

**Земји со највисоко рангирање според проценетите на работни места по милион жители**




Забелешка: Оваа анализа ги исклучува земјите со популација помала од еден милион

Македонија е сепак единствена во топ-10 што во 2017 година паднала во однос на вкупниот просек споредено со периодот 2012-2016 година. Во овој период се вработувале просечно по 2.650 лица годишно кај странските инвеститори при милион жители, или вкупно по повеќе од 5.000 работници годишно.

# Глава VIII : ПОВАЖНИ ПРОЕКТИ НА ВЛАДАТА ЗА ПРЕДВИДЛИВО ДЕЛОВНО ОПКРУЖУВАЊЕ, МАКРОЕКОНОМСКА СТАБИЛНОСТ И ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

*План за економски раст и Закон за финансиска поддршка на инвестициите*

Владеењето на правото и стабилната политичка ситуација во државата се основа за да можат инвеститорите да чувствуваат сигурност во своите вложувања. Владата се насочи на имплементација на мерки за поддршка на компаниите кои се успешни и извозно ориентирани и кон соработката со странските инвеститори. Преку мерките од Планот за економски раст и Законот за финансиска поддршка на инвестициите ќе се поддржуваат резултати на компаниите, а целта е да се реализираат нови инвестиции, технолошки развој, воведување иновации и подигнување на конкурентноста на македонските компании на странски пазари. Законот за финансиска поддршка на инвестициите претставува транспарентна програма за поддршка на стопанството, со јасни критериуми и услови, еднакви за сите инвеститори.

Инвеститорите исто така имаат можност да ги реализираат своите проекти во технолошко-индустриските развојни зони, каде што во првите десет години може да очекуваат ослободување од персоналниот данок и данокот на добивка, како и поддршка од Владата доколку се оствари соработка со домашните компании.

*План за итни реформски приоритети „3-6-9“*

Со усвојувањето на Планот „3-6-9“ се прави чекор за пробив кон евроатлантските интеграции.

Правецот на реформите кои ги предлага Владата на Република Македонија, поместени во Планот „3-6-9“, произлегуваат од Програмата за работа на Владата 2017-2020 година, а ги зема предвид точките од Договорот од Пржино, препораките од Брисел во однос на итните реформски приоритети и претходните извештаи на Европската комисија.

Планот за итни реформски приоритети ги означува мерките и активностите што се спроведени за три, шест и девет месеци, почнувајќи од август 2017 година. Преку имплементација на третиот круг на реформи се очекува во следниот извештај за Македонија земјите-членки на ЕУ да утврдат датум за претпристапни преговри на ЕУ со Република Македонија.

# Глава IX: ОВАА ГЛАВА ГИ СОДРЖИ ПРЕПОРАКИТЕ, ПРЕДОЗИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА ПЕТТЕ РАБОТНИ ГРУПИ СОСТАВЕНИ ОД КОМПАНИИ - ЧЛЕНКИ НА СОВЕТОТ

Улогата на работните групи е да ја мониторираат законската регулатива и да предлагаат препораки за унапредување на деловната клима во земјата и олеснување на водењето бизнис.

## 9.1. Работна група за даноци и финансии

### 1. Закон за персонален данок

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход (ЗПДД) („Службен весник на РМ", бр. 190/2017), од 1 јануари 2018 година воведена е нова процедура за пресметување и плаќање на обврските за персонален данок на доход (ПДД), односно пресметувањето на ПДД се врши со поднесување на Електронска пресметка за приход и данок (е-ППД) до Управата за јавни приходи, преку новиот систем е-Персонален данок e-pdd.ujp.gov.mk. За реализација на оваа промена, Министерството за финансии има издадено Правилник за начинот на пресметка и уплата на аконтациите на персонален данок на доход, формата и содржината и начинот на доставување и одобрување на електронската пресметка за приход и данок (објавен во „Службен весник на РМ", бр. 197/2017) кој е во примена исто така од 01.01.2018 година (во натамошниот текст: Правилникот).

Најновите измени во ЗПДД се воведени со цел да се поедностави пријавувањето и плаќањето на персоналнит данок на доход. Во ЗПДД, Правилникот, како и во Брошурата објавена на страната на УЈП (на 05.02.2018 година) со назив: Пресметување и плаќање на е-персонален данок на доход (во натамошниот текст: Брошурата за ПДД, дадени се појаснувања и инструкции до корисниците за тоа кои типови на приходи се предмет на оданочување со ПДД и како технички да се пријави и плати персоналниот данок, меѓутоа истите не се целосни и недоречеността прават забуни кај корисниците. Системот на е-ПДД е добро замислен и функционален, но постојат и одредени проблеми, дел од техничка, дел од суштинска природа, кои треба да се отстранат.

1. Во Законот за ПДД, во член 14-а, се дефинираат личните примања. Во истиот е наведено: „Како лични примања се сметаат и други примања, кои наместо во пари се даваат во вид на бонови, парични потврди, акции, стоки, или во некој друг облик кој има парична вредност." Од овој член потекнува обврската да се пријави и да се плати персонален данок на давања без надомест, како што е, на пример, кусокот којшто се јавува при попис на залихите, но се поставува прашањето дали кусоците кои се признаени на товар на фирмата се предмет на ПДД и ако се, кое физичко лице треба да ја преземе обврската во негово име да се плати данокот. Праксата покажува дека компаниите го пријавуваат и плаќаат данокот на ваквиот вид на трошок во име на сопственикот на компанијата, но често има случаи во кои истите одбиваат ваквата обврска да се поистовети со нив, земајќи го предвид фактот дека станува збор за огромни износи на залихи и соодветно, огромни износи на кусоци, а оттука и огромен износ на пресметан ПДД.

2. Во член 6 од ЗПДД се дефинирани сите примања од страна на физички лица за кои не постои обврска за пресметка на ПДД, како надоместоци на трошоци за службени патувања, надоместоци во случај на смрт на вработен или член на семејство и сл. до износи пропишани со Закон. Сите надоместоци од овој член кои се исплаќаат над дозволените лимити, се предмет на ПДД. Во Правилникот и во Брошурата за ПДД се дадени инструкции и насоки за начинот на пресметка и плаќање на ПДД, но постои реална потреба за додефинирање на обврските на корисниците за одредени видови надоместоци.

3. Последни најавени промени во однос на ПДД беа замена на рамните стапки на ПДД со прогресивни, со што граѓаните со повисоки примања ќе плаќаат поголем процент од нивниот приход како данок. Основниот мотив за разгледување на можноста за оваа реформа беше постигнување на доходовна еднаквост меѓу граѓаните, бидејќи прогресивниот даночен систем функционира како алатка за редистрибуција на приходот од високата кон средната класа, со што би се спречило зголемувањето на јазот меѓу богатите и сиромашните.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- пронаоѓање техничко решение во системот на е-ПДД при поднесување пресметка за извршени исплати на „друг начин", односно давање можност при исплати на „друг начин" да се одбере иден датум за сите планирани, а нереализирани исплати кон физички лица (исплати во натура).
- законско додефинирање на видовите на приходи кои се непризнаени и не можат да се персонализираат, односно да се поврзат со конкретно лице, а се предмет на оданочување со ПДД и пронаоѓање техничко решение во системот на е-ПДД за истите. Предлог-решение: додавање опција 15 во делот „Вид на приход" во системот на е-ПДД, со детален опис на видот на приходот во полето „Подвид на приход".
- законско додефинирање на видовите на надоместоци кои се исплаќаат на вработените за кои постои обврска за поднесување е-ПДД пресметка, како и додефинирање на начините на поднесување пресметка во случај кога се исплаќаат надоместоци до и над лимит.
- стапките за ПДД да останат исти, бидејќи во моментот, буџетските ефекти од ваквите промени би биле мали (по анализа од „Finance think", Институтот за економско истражување и политики и др. експерти), од една страна, а истите ќе влијаат на зголемување на даночната евазија, од друга страна.
- поголема соработка меѓу правните субјекти, коморите и институциите во насока на подобрување на бизнис климата.

## 2. Закон за данок на добивка

1. Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ“, бр. 112/2014 ... 190/2016, во членот 9, став 1, точка 16, пропишува дека:

„Како непризнаени расходи за даночни цели се сметаат трошоците на кало, растур, крш и расипување над нормираните износи утврдени за соодветната гранка, под услов истите да не се настанати како резултат на вонреден настан или виша сила.“

Во членот 9, став 2 од овој Закон е пропишано дека:

„Нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели ги пропишува министерот за финансии.“

Дополнително, Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и начинот на одбегнување на двојното ослободување или двојното оданочување („Службен весник на РМ“, бр. 174/2014 ... 31/2017, во натамошниот текст: Правилник), во член 4 доуредува дека:

„За целите на утврдувањето на непризнаените расходи: трошоците за кало, растур, крш и расипување, во смисла на точка 16 од членот 9 од Законот, не може да отстапуваат од вообичаените износи кои настануваат во дејностите од иста или слична природа.“

Вообичаените износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи за даночни цели се детално регулирани со посебен Правилник за нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи утврдени за секоја соодветна гранка за даночни цели („Службен весник на РМ“, бр. 174/2014). Меѓутоа, со овој Правилник се пропишуваат нормираните износи на кало, растур, крш и расипување на стоки и одделни производи во следните гранки: (а) трговијата, (б) угостителството, (в) градежништвото, (г) земјоделството, прехранбената индустрија, производството на тутун и преработки од тутун и (д) при складирање и промет на нафта и нафтени деривати.

Постојната даночна регулатива не пропишува јасни правила за третманот на настанатиот крш, кало, растур и расипување од аспект на данокот на добивка и ДДВ за останатите индустрии.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Додефинирање на Правилникот за нормираните износи на кало, растор, крш и расипување во смисла на пропишување на нормативи за индустриите кои не се опфатени со истиот.
- Во отсуство на законско решение, да се потпише Интерна норма на сопствена потрошувачка, на ниво на Друштво. Овој докумет, како интерен акт, да го изготвува секој ентитет самостојно, зависно од природата на неговата дејности и истиот да биде во пишана форма. „Интерната норма“ треба да содржи детален опис на секоја фаза на производство, почнувајќи од репро-материјали до финален производ; одговорните лица за производствените процеси; генералните фактори кои влијаат на производствениот процес и пропишување на норматив за интерна потрошувачка.

- Во пишаниот документ да биде објаснето во која фаза на производствениот процес и од кои причини може да настане загуба или оштетување на соодветен репроматеријал или полупроизвод; стандардната количина на крш, кало, растур и расипување која се предвидува да настане во производствениот процес по вид на материјал/полупроизвод; како и политиката на препознавање и докажување на настанатиот крш, кало, растур и расипување. При изготвувањето на „интерната норма на сопствена потрошувачка", друштвото да може да докаже дека процентот на нормиран крш, кало, растур и расипување е реален, земајќи ги предвид своите историски податоци од претходните три години, а за новоосновани друштва да може истотото да се докаже врз основа на историските податоци на ниво на групација. Предлагаме процентот на крш, кало, растур и расипување да се нормира во однос на износот на вкупните трошоци за секое одделно добро кое се користи во производствениот процес во рамките на календарската година. Со цел поголема објективност, предлагаме процентот на крш, кало, растур и расипување да се нормира во определен опсег „од-до".

2. Поврзаност, односно меѓусебна условеност помеѓу Законот за данок на добивка и Законот за трговски друштва.

Третманот на пренесување на загубата после оданочувањето во идните пресметковни години како што е дефинирано во член 19 од Законот за данокот на добивка (ЗДД), го попречува процесот на користење на оваа корист:

- заради фактот што е поставено за многу краток временски период (3 години, наместо генералната даночна практика во соседството до 5 години) и
- заради тоа што е поврзано со Законот за трговски друштва (ЗТД), член 484, кој ја ограничува можноста на друштвата да ги користат придобивките од пренесените загуби со наметнување дополнителни услови.

Еден од условите согласно член 484 од ЗТД е загубата да биде покриена по хронолошки редослед со цел да се овозможи истата да биде користена како даночна загуба во следниот период. Методите за покривање на загубите се исто така дефинирани во ЗТД и тоа: со резервите, покривање со акумулираната добивка од претходните периоди, премии или намалување на капиталот. Следејќи ја бизнис логиката дека после работењето со загуба, друштвата нема да имаат доволно фондови како резерви, акумулирана добивка или премија, следствено единствениот расположлив ресурс е намалување на капиталот. Овој метод е многу комплициран и непожелен и за локалните и за странските инвеститори. Гледајќи од перспектива на странски инвеститор, ангажиран со концесиски тип на инвестиција, намалувањето на капиталот во средина на концесискиот период е непожелно, посебно ако инвеститорот е врзан со кредит според кој кредиторите имаат дефинирано строги правила за индикаторите за долговите и за износот на капиталот на друштвото. Дотолку повеќе, во случај на затворање на друштовото, доколку има загуба во билансот на состојба, таа загуба ќе мора да биде пребиена со капиталот и единствено останатиот износ на капиталот ќе може да се повлече.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

Во однос на ова прашање Советот ги предлага следниве чекори:

- да се прекине врската помеѓу данокот на добивка и Законот за трговските друштва, односно да не биде условено користењето на даночната загуба со покривање на деловните загуби од претходниот период, преку елиминирање на параграф (2) од член 19 од Законот за Данок на добивка.
- продолжување на периодот на користење на утврдената даночна загуба наместо до 3 години, да биде до 5 години (член 19 параграф (1)).

3. Доделувањето на државна помош за фирми кориснички на ТИРЗ (во понатамошен текст: корисник) е дефинирано во Законот за технолошко-индустриски развојни зони (во натамошниот текст: Закон за ТИРЗ), во член 8-а и член 9 од истиот.

Државната помош во однос на данокот на добивка се состои во тоа што корисникот на зоната е ослободен од плаќање данок на добивка за период од 10 години, доколку во рок од две години по годината на добивање на решението за започнување со работа под услови утврдени со закон го започне вршењето на дејноста во зоната.

Фирмите корисници со Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот имаат потпишано Договор за доделување финансиска помош, во кој се прецизирани условите по кои е доделена помошта, видовите на помош кои ги добиваат, времетраењето на бенефициите и сл. Дополнително, Законот за ТИРЗ дава можност корисникот да има склучено повеќе договори за државна помош.

Иако оваа проблематика е веќе законски покриена, сепак постојат ситуации кои се непрецизно дефинирани, како начинот на следење на даночните ослободувања кај инвестотори кои имаат два проекта, техничко решавање на поднесокот на Даночниот биланс во годината кога завршува финансиската помош и сл.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Законско додефинирање на начинот на следење на даночните ослободувања кај инвеститори кои имаат добиено две поодделни државни поддршки.
- Давање инструкции и насоки за начинот на потполнување и поднесување на Даночниот биланс за оданочување на добивката (образец ДБ) во годината кога завршува даночната помош (периодот пред и по државната помош), во услови кога корисникот користи една или повеќе државни поддршки.

## 3. Закон за данок на додадена вредност

Согласно со член 32а од Законот за данок на додадена вредност и Одлуката за определување на добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник, објавена во „Службен весник на РМ", бр.45 од 24.8.2016 година, законодавецот наведува листа од добра и услуги за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен прометот.

Следејќи го списокот од горенаведената Одлука, имаме проблеми конкретно и прецизно да утврдиме дали добиената услуга по фактура од добавувач (вршител на промет) е дел од услугите и промет на добра од Одлуката, бидејќи истите не се прецизно и конкретно објаснети.

Примери со кои секојдневно се сретнуваме и ги анализираме се ископување на земјиште околу резервоари, цевководи, хидро-мрежи и сл., ист е случајот со термичката и хидроизолација на истите, заварувачките работи, тампонирање на базени, санација на асфалтот, нејаснотии дали одржувањето и реконструкцијата важат за сите наведени точки во Одлуката.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Законодавецот прецизно и конкретно да ги дефинира добрата и услугите за кои даночен должник е даночниот обврзник кон кого е извршен промет од страна на друг даночен обврзник со цел  да се оневозможи различно толкување на исти добра и услуги.

4. При поднесување на пријавите за ДДВ, посебно за време на поднесување на тромесечните ДДВ - пријави, системот на е-Даноци „паѓа", тој е нефункционален и поднесувањето на ДДВ  - пријавите е отежнато, во дадени случаи и невозможно.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Подобрување на перформансите на серверот и на техничките можности на системот за е-даноци, со цел да се избегнат погоренаведените проблеми;
- Законски да се реши начинот на поднесување на ДДВ - пријава во услови на „пад" на системот на е-Даноци и неможност да се поднесе пријавата преку системот за е-Даноци. Предлог-опција: да се пушти ДДВ - пријавата по електронска пошта, дефиниран од УЈП, со тоа што откако системот повторно ќе е во функција, даночниот обврзник да ја поднесе истата и електронски преку системот на е-Даноци, со прилог кон електронската пошта како доказ дека пријавата е поднесена во законскиот рок, или, наместо да се праќа прилог кон електронската пошта, да постои опција во системот на е-даноци со кликнување на одредено копче да се назначи дека пријавата е поднесена на „друг начин" во отсуство на функција на системот на е-Даноци.

5. Член 14 од Законот за додадена вредност (во натамошниот текст: ЗДДВ) ја дефинира корелацијата меѓу местото на прометот на вршење на услугата и обврската за пресметка и изразување на ДДВ при промет на услуги. Во истиот член, во став 2 и став 3, се дефинирани исклучоците кои имаат пресудно влијание при фактурирање промет кон фирми кориснички на ТИРЗ. Иако со член 14, став 2 и став 3, се дефинирани исклучоците, сепак во праксата постојат проблеми при определување на тоа дали одредена услуга треба да се фактурира со ДДВ или без, односно постои реална потреба за попрецизно

додефинирање на исклучоците од член 14 од ЗДДВ.

УЈП има издадено Упатсво за примена на Законот за ДДВ (02.6.2000 година) во кое подетално ги обработува сите аспекти од ЗДДВ, меѓутоа истото не може да се најде јавно објавено на веб-порталот на УЈП.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Законско попрецизно додефинирање на исклучоците во член 14, став 2 и став 3 од ЗДДВ.
- ажурирање на Упатсвото за примена на Законот за ДДВ (вклучувајќи го и член 14 од ЗДДВ) и негово јавно објавување на веб-порталот на УЈП.

6. Технолошко-индустриска развојна зона (ТИРЗ) е слободна зона од аспект на даночните закони во Република Македонија. Фирмите - кориснички на ТИРЗ пред се` треба да се извозно ориентирани. Од продажби на домашен пазар фирмите - корисници на ТИРЗ вршеа продажби на отпад на фирми кои управуваат со отпад (со ДДВ или по член 32а од ЗДДВ, зависно од природата на отпадот).

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Законско дефинирање на услови кога и што можат фирми - корисници на ТИРЗ да продаваат на домашниот пазар (користени машини, полупроизводи и сл.).

## 4 .Закон за задржан данок

Задржан данок е данок кој се плаќа на приходите, кои странските правни лица ги остваруваат во Република Македонија. Стапката на задржаниот данок на приходот изнесува 10%.

Доколку примателот на приходите врз кој се применува задржување на данокот е резидент на држава со која РМ има потпишано договор за одбегнување на двојното оданочување во однос на даноците на доход и капитал, оданочувањето и применетата даночна стапка не смее да ја надмине даночната стапка која се применува за приходот одредена во Договорот.

Пред исплата на приходите кои подлежат на обврската за задржување на данокот, барањето за олеснување, односно ослободување за соодветниот вид на приход се доставува до надлежната регионална дирекција на УЈП во три примероци целосно пополнети и заверени од надлежниот даночен орган на странската држава во делот за потврдување на резидентскиот статус на примателот на приходот.

Лицата кои имаат обврска да вршат задржување на данокот, пред да извршат плаќање на странското правно лице потребно е од надлежната регионална дирекција на Управата за јавни приходи да побараат „даночен идентификационен број“ за странското правно лице - примател на приходот.

Најчести проблеми со кои се соочуваат даночните побврзиници во однос на данокот на задршка се од административна природа, како, на пример, времето од мометот на поднесување барање за даночно ослободување до моментот на добивање решение е многу долго, во просек 4-5 недели, важноста на сетификатот за резидентност е една календарска година и сл. Барањата за даночно ослободување, за ЕДБ итн. се поднесуваат во хартиена форма преку архивата на УЈП.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Важноста на сертификатот за резидентност да е една година од датумот на издавање, а не една календарска година како што е сега.
- Забрзување на целокупната постапка за задржан данок, од момент на поднесување барање за ЕДБ, до добивање решение за даночно ослободување/одбивање.
- Да се даде можност за електронско поднесување на сите барања, документи врзани со овој данок преку системот на е-Даноци.

## 5. Закон за финансиска помош на инвестиции

Владата на Република Македонија е посветена на економскиот раст и развој во земјата. Во таа насока, креирани се мерки за поддршка на стопанството, чија главна цел е да се поттикнат инвестициите, технолошкиот развој и да се подигне конкурентноста на македонските компании. Тие мерки се спроведуваат преку Законот за финансиска поддршка на инвестиции, усвоен од Собранието на Република Македонија во мај 2018 година.

Надлежни органи за спроведување на постапката за доделување финансиска поддршка се:

-ДТИРЗ - Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (за инвестициски проекти во технолошко - индустриски развојни зони) и

- АСИПИ - Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот (за инвестициски проекти надвор од технолошко - индустриските развојни зони).

Фирмите - корисници на ТИРЗ веќе се корисници на одредени бенефиции од државата и оттука произлегува прашањето дали истите можат да користат државна помош и, ако можат, под кои услови.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Давање конкретни насоки и инструкции на фирмите - корисници на ТИРЗ во однос на тоа дали можат да остварат право на дополнителна државна помош согласно Законот за финансиска помош на инвестициите, дали новододелената помош ќе е во корелација со претходната и, ако е, која е врската и кои обврски ќе произлезат од тоа и сл.

## 9.2. Работна група за имотно-правни односи

### 1. Закон за извршување

Продажбата на недвижноста со непосредна спогодба може да се склучи во секое време по одржана прва јавна продажба, но не подоцна од 90 дена по одржана втора јавна продажба.

Со тоа се оневозможува доверителот макар и делумно да го намири своето побарување од причина што конкретно не се пропишани неговите законски права и можности во случај на неуспешна втора продажба и можноста во рок од 90 дена по одржување на истата да се продаде недвижноста со непосредна спогодба.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Точно да се дефинираат условите за ваквиот начин на продажба, посебно да се утврди можноста во тој рок да му се признае право на доверителот (со нагласување дека се работи за доверител кој има правен основ за првенствено намирување од продажната цена) на негов писмен предлог вредноста на недвижноста во оваа постапка да може да се намали за 40-50% од утврдената вредност, со цел да можат да се привлечат евентуални купувачи и доверителот да може да го искористи правото барем за делумно намирување од продажната цена.

### 2 Закон за градежно земјиште

Согласно постојниот Закон за градежно земјиште, утврдени се неколку можности за откуп на земјиште под зграда и дворно место од страна на субјекти кои што ги исполнуваат условите (да поседуваат објекти на градежното земјиште или пак да поседуваат повеќе од 30 % од земјиштето што ја формира градежната парцела. Услов за откуп на градежното земјиште е да постои детален урбанистички план усвоен од страна на совет на единица на локална самоуправа.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Сметаме дека со измени на Законот за градежно земјиште, како еден од условите за откуп на градежно земјиште, наместо детален урбанистички план, би можело да се предвиди изработка на архитектонско - урбанистички план, којшто би бил изработен на трошок на подносителот на барањето за откуп на земјиштето.
- Исто така, сметаме дека би можело да се размисли и за донесување на ново законско решение за регулирање на сообраќајот во големите индустриски комплекси. Имено, бидејќи патиштата што се наоѓаат во рамките на индустриските комплекси остануваат во државна сопственост, потребно е да се регулира режимот на нивното користење, како и обврската за нивно одржување и развој. Имајќи предвид дека патиштата во големите индустриски комплекси (во коишто многу често деловни активности

извршуваат повеќе субјекти) не се преземени за одржување од страна на единиците на локалната самоуправа, ниту пак од друга институција, многу често се случува истите да бидат во незавидна состојба, што создава проблеми во функционирањето на деловните субјекти. Сметаме дека со ново законско решение треба да се утврди сообраќајниот режим на патиштата во големите индустриски комплекси, како и обврските за нивното одржување и начинот на плаќање на трошоците за одржување.

### 3. Уредба на Владата на Р.Македонија, број 42-6170/1 од 23.8.2016 година, за висината на цената на градежното земјиште сопственост на Република Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување, давање под закуп и за засновање на право на стварна службеност

Согласно посочената Уредба, утврдени се цени за откуп на земјиште во државна сопственост, и тоа за земјиштето коешто се откупува согласно одредбите од Законот за градежно земјиште. Цената на земјиштето зависи од намената на земјиштето, што пак се утврдува согласно детален урбанистички план, усвоен од страна на совет на единица на локална самоуправа.

Во посочената Уредба на Владата на Република Македонија, цените се утврдени врз основа на намената на земјиштето и истите многу често се нереално високи, а критериумите за нивното утврдување не се обелоденети во Уредбата. Поради наведеното, се создава неоправдано висок финансиски товар за деловните субјекти за откуп на земјиштето, што сметаме дека е причина за дел од субјектите да се откажат од купување на земјиштето.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Сметаме дека е потребна ревизија на Уредбата во насока на утврдување на цените за откуп на земјиштето на реална основа. Исто така, сметаме дека наведеното ќе биде корисно и за буџетите на единиците на локалната самоуправа, од причина што доколку цените за откуп на земјиштето бидат утврдени на реални основи, многу поголем дел од стопанските субјекти би се решиле да го откупат земјиштето што го користат.

### 4. Закон за трговски друштва

Согласно постојниот Закон за трговски друштва, член 171, став 1, точка 7, се предвидува обврска за управителите на друштвото да го наведат името и презимето, матичниот број на управителот, бројот на пасошот и сл., во договорот на фирмата, односно во актот за основање на компанијата, со што со секоја промена на управителот ќе се менува и актот за основање на фирмата (договорот на фирмата).

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Се препорачува членот 171, став 1, точка 7 од Законот за трговски друштва да се избрише. Оние податоци кои ќе бидат дадени во договорот за основање на друштвото согласно член 171, став 1, точка 7, ќе бидат наведени во одлуката за назначување управител и ќе бидат внесени во регистарот на фирми, исто како што е случајот со акционерските друштва.

## 5. Закон за финансиска дисциплина

Првичниот рок за подмирување на долговите е 60 дена. Во случај фирмите да не ги исполнат обврските, тие се соочуваат со казни кои се движат во висина од 1000 до 10.000 евра. Истите правила важат и за приватните и за државните претпријатија и органи кои имаат неподмирени долгови и им должат пари на приватни претпријатија.

Во овој закон постојат одредени недоследности кои треба да се надминат, доколку сакаме тој да биде применлив во пракса. Сè уште постојат огромни долгови од неисплатени обврски од поврат на ДДВ, како и обврски од јавни договори.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Се предлага продолжување на кусите рокови за исплата, прекршочните казни да се укинат и да се заменат согласно големината на долгот и да се постигне еднаков третман на субјектите од јавниот и од приватниот сектор.
- Спроведувањето на Законот да се следи од сите заинтересирани страни, кои треба да соработуваат во случај на проблеми во спроведувањето.
- Подолгите рокови за исплата се значаен и вообичаен начин за функционирање на фирмите за време на отежнати услови за деловно работење, така што кусите рокови за исплата треба да се пролонгираат.
- Прекршочните казни од Законот кој ги регулира договорните односи треба да се укинат и да се заменат со казни кои соодветствуваат со големината на долгот.

## 6. Закон за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности

Останува отворено прашањето за инфраструктурните објекти кои се изградени целосно на земјиште сопственост на Република Македонија, дали во овој случај Агенцијата за катастар на недвижности ќе го спроведе Законот за изменување и дополнување на Законот за преобразба на Електростопанството на Македонија и по службена должност да ги запише предметните објекти, односно обврските од Законот да ги исполни самиот државен орган, без никакви барања од друштвата на кои се однесува Законот.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- По ставот 1 од предлог-измените да се вметне одредба за начинот на запишување на инфраструктурните објекти кои се изградени на земјиште сопственост на Р. Македонија.
- Да се отстрани обврската од ставот 1 за решавање на имотно-правните односи.
- Да се направи споредба со Законот за постапување со бесправно изградени објекти, каде за ограничувањето на правото за сопственост (службеност за инфраструктурните објекти) не е потребно решавање на имотно-правните работи.
- Да се вметне дефиниција за тоа што точно претставува градежна и функционална целина за линиски инфраструктурен објект.

## 9.3. Работна група за административно-правни работи

### 1. Зголемување на транспарентноста на судовите при објава на конечни судски пресуди

Во Република Македонија судската власт ја вршат основните судови, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд и Врховниот суд на Република Македонија.

Во последните десетина години македонските судови посветено работат на подобрување на судската ефикасност и транспарентност. Вложените напори резултираа со спроведување на проекти за модернизација и имплементација на реформи во судството и проект за јакнење на судството, преку кои се воведе систем за тонско снимање на рочишта, автоматско управување со судските предмети, воспоставување веб-страници на судовите, технолошки подобрувања на инфраструктурата на судовите, итн.

И покрај тоа што македонското судство бележи бројни новитети кои влијаат на зголемување на транспарентноста на судовите, сепак постои простор и потреба од подобрување на одредени сегменти во овој поглед.

Имено, веб-страниците на судовите овозможуваат ограничен пристап до конечни судски пресуди што укажува на потребата од надградба на истите.

Со подобрување/олеснување на пристапот до содржина на конечни судски пресуди кои се објавуваат на веб-страниците на судовите, приватните субјекти во државата ќе добијат помошен механизам со кој ќе се олесни:

- имплементацијата на специфични законски одредби кои уредуваат нови појави во бизнис-опкружувањето како резултат на промените во применливото законодавство и пазарното опкружување и

- управувањето со ризици при планирање на краткотрајни и долготрајни деловни активности.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Подобрување и надградба на официјалните веб-страници на судовите, на начин со којшто ќе се овозможи поедноставно и прецизно пребарување на конечни судски одлуки.

### 2. Разграничување на надлежноста меѓу инспекциските служби и судската власт во Република Македонија

Инспекциските служби спроведуваат надзор над примената на законските и подзаконските прописи, заштитувајќи го јавниот интерес, при што обезбедуваат еднаква, законска, непристрастна и објективна примена на позитивното законодавство во државата.

Инспекцискиот надзор во Република Македонија се спроведува од страна на инспекциски служби кои се организираат како инспекторати или организациони единици кои припаѓаат на органите на државната управа.

Поради опсежноста на сегментот кој се уредува, спроведувањето на инспекцискиот надзор во Република Македонија се врши преку обемна и сложена законска рамка која во детали ги доуредува организацијата, начинот на постапување и овластувањата на инспекциските служби.

Помеѓу другите закони кои го уредуваат работењето на инспекциските служби е и Законот за работни односи на Република Македонија кој им овозможува на државните инспектори да одлучуваат по прашања кои спаѓаат исклучиво во судска надлежност.

Колизијата помеѓу надлежностите на инспекциските служби и судската власт наметнува бројни тешкотии за приватниот сектор и создава конфузија и можност за прејудицирање на судските одлуки од страна на државните инспектори.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Со цел да се овозможи правна сигурност при имплементацијата и спроведувањето на одредбите на Законот за работни односи, Советот на странски инвеститори препорачува да се отстрани можноста за прејудицирање на судските пресуди, без при тоа да се задира во правата на вработените, со тоа што ќе се избрише член 262 од Законот за работни односи на Република Македонија.

## 3. Закон за парнична постапка

Правилата врз основа на кои судовите решаваат спорови за основните права и обврски на човекот и граѓанинот и за личните и семејните односи на граѓаните се уредуваат со Законот за парнична постапка на Република Македонија, кој е усвоен во 2005 година.

Иако Законот е менуван и дополнуван во четири наврати, сепак практиката наметнува потреба од негово понатамошно доуредување и дополнување со цел да се пополнат одредени правни празнини.

Имено, позитивната законска регулатива не обезбедува правен лек во случај кога граѓанските судови навлагаат во разрешување на прашања, во поглед на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа или организации и други органи што вршат јавни овластувања, кои исклучиво спаѓаат во доменот на разрешување на државни органи и административни судови.

Посочената законска празнина несомнено предизвикува конфузија во поглед на тоа кои државни органи имаат овластувања за имплементација на применливо законодавство и нејзино соодветно дополнување ќе придонесе:

- да се одбегнат дополнителни непотребни трошоци за бизнис заедницата;
- да се избегне судир помеѓу овластувањата на судовите и државните органи и
- ќе се подобри законската имплементација.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Измена на член 372, став 3, од Законот за парнична постапка на начин што ќе се додаде дополнителна точка 6, како што следи: -„во спорови во кои второстепениот суд оспорува содржина на правосилни акти на административни државни органи“.

## 4. Закон за лекови и медицински помагала и применливи подзаконски прописи - усогласување на националното законодавство со регулативата на Европската унија-

Условите под кои се врши ставањето во промет, производството, испитувањето на квалитетот, сигурноста и ефикасноста, како и надзорот над производството и контролата на квалитетот на лековите, помошните лековити средства и медицинските помагала, како работи од јавен интерес се уредуваат со Законот за лекови и медицински помагала и соодветни подзаконски акти.

Како и во многу други сегменти, така и во овој јасно видлива е тенденцијата за синхронизација на националното законодавство со регулативата на Европската унија, која несомнено нуди поефективни, лесно спроведливи и исплатливи решенија за производителите на лекови.

Моментално, постои недостаток во националното применливо законодавство за соодветна категоризација на производството на различни типови на лекови, односно јасно разграничување помеѓу производтво на медицински гасови и производство на други видови на лекови.

Ваквиот недостаток резултира со наметнување на непотребни и оптоварувачки обврски за производителите на медицински гасови, како што е обврската за вработување на непотребен персонал (неадекватен на производствениот процес) или вработување на квалификуван персонал на полно работно време за работно место за кое нема таква потреба, зголемувајќи ги трошоците на производителите во фармацевската индустрија и наметнувајќи безбедносни ризици за производството

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Имајќи предвид дека производствениот процес на медицински гасови има потреба од квалификуван персонал од областа на техничките науки, а не квалификуван фармацевт (како што предвидува Законот), Советот на странски инвеститори препорачува усогласување на националната применлива регулатива со Правилата за производство на лекови и медицински средства во Европската унија - европско Упатство за добра производна пракса на медицински производи за човечка и ветеринарна употреба и усогласување на националните подзаконски прописи, односно усогласување на одредбите на Правилата за добра производна пракса и Законот за лекови и медицински помагала и Правилникот за содржина на барањето, документацијата и условите во врска со просторот, опремата и персоналот за добивање одобрение за производство на лекови на начин

што ќе се разграничи производството на лекови од производство на други видови на лекови.

- Воочливи се и недоследности во рамките на националната законска рамка коишто наметнуваат конфузија и потешкотии при имплементацијата на применливите законски одредби, па поради тоа и со цел воспоставување стабилен правен систем кој овозможува единствена примена на законите, Советот на странски инвеститори препорачува усогласување на македонскиот Правилник за добра производна пракса (од точка 2.3 до точка 2.7) со Законот за лекови и медицински помагала (член 68, став 1, параграф 3 и 4) и Правилникот за содржина на барањето, документацијата и условите во врска со просторот, опремата и персоналот за добивање одобрение за производство на лекови (член 14, став 1, точка 1 и 2).
- Усогласување на македонското Упатство за добра производна пракса (точка 2.3) со Правилникот за содржина на барањето, документацијата и условите во врска со просторот, опремата и персоналот за добивање одобрение за производство на лекови (член 14, став 1) на начин што ќе се прецизира вработување на неопределен временски период, наместо вработување на полно работно време.

## 5. Закон за минерални суровини

Големиот потенцијал за искористување на природните ресурси во Република Македонија придонесе поттикнувањето и унапредувањето на експлоатацијата на минералните суровини да стане постојано актуелна тема во државата.

Очигледно е зголемувањето на интересот за овој тип на дејност, па така Регистарот за доделени концесии на минерални суровини кој во 2016 година броеше 285 концесионери, во месец октомври 2018 година брои вкупно 353 конеционери.

Условите и начинот на вршење експлоатација на минерални суровини, наплатата на концесиските надоместоци, надзорот, како и казнените одредби се уредени со Законот за минерални суровини.

Брзата динамика на поттикнување и унапредување на експлоатацијата на минералните суровини е видлива и по измените и дополнувањата на постојниот Закон, кој од усвојувањето во 2012 година бележи десет измени и дополнувања.

Имајќи предвид дека експлоатацијата на минерални суровини претставува комплексен процес, неопходен е мониторинг и постојани напори за унапредување и усогласување на законската регулатива која би требално да соодветствува со реалната состојба.

Моментално, Законот за минерални суровини наметнува обврска (која е реално неспроведлива) за концесионерите да вршат реинјектирање на вишокот на искористени минерали од експлоатациони бунари во примарни водоносни средини.

Реинјектирањето на вишокот искористени минерални суровини од експлоатациони бунари во примарни водоносни средини не е применливо/изводливо во Република Македонија поради следните причини:

- заситеност на водоносните средини;
- некомпатибилност на хемискиот состав на водата која потекнува од различни водоносни средини.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Промена на постојната применлива регулатива со цел истата да се усогласи со реалната состојба, подобрувајќи и поедноставувајќи ја нејзината примена со измена на член 66, став 1, алинеа 3 од Законот за минерални суровини на начин што ќе се отстрани обврската за концесионерите да вршат реинјектирање на вишокот на искористени минерални суровини во примарните водоносни средини. Со тоа ќе се намали и ризикот од високи казни за не-реинјектирање, што всушност претставува реална неможност на концесионерите да го спроведат законското барање.

## 6. Подобрување на ефикасноста на јавната администрација и на државните органи

Веќе подолг период Република Македонија бележи поедноставување и забрзување на комуникацијата помеѓу граѓаните и државната администрација.

Иако во изминатиот период се најавуваше формирање на единствен електронски систем на кој ќе бидат поврзани сите државни институции, овој концепт се` уште не е имплементиран во секојдневното работење и бизнис секторот и понатаму се оптоварува со трошоци и губење на непотребно време.

Имено, неретко се случува државни органи кои припаѓаат на јавната администрација (административна структура која решава прашања од иста област) да бараат документи кои се издадени од „сроден" административен орган (на пр. Одделението за имотно-правни работи при Министерството за економија бара формален документ кој го издава Агенцијата за катастар на недвижности), со што се зголемуваат и трошоците и потрошеното време на бизнис секторот.

Динамиката на секојдневното работење исто така наметнува потреба за надградба на електронскиот систем за размена на информации на Царинската управа на Република Македонија.

Бизнис секторот постојано се оптоварува со преземање на административни дејствија кои би можеле да се намалат во голема мера доколку се воведе електронско следење на увозните и извозните декларации.

Моментално, ослободување на банкарска гаранција која се користи за привремен увоз се врши врз основа на физички поднесени царински декларации.

Имајќи предвид дека користењето на банкарските гаранции се регистрира во електронскиот систем за размена на информации (МКЦИС) на Царинската управа и извозните декларации содржат податоци дека производите кои се извезуваат биле увезени врз основа на постапка за привремен увоз, електронското следење на истите би овозможило автоматско ослободување на банкарските гаранции.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Воведување на електронска размена на податоци од јавни регистри помеѓу органите на јавната администрација кои разрешуваат прашања од иста област.
- Надградба на електронскиот систем за размена на информации во рамките на Царинската управа на Република Македонија на начин на којшто ќе се овозможи автоматско ослободување на банкарските гаранции за привремен увоз.

## 7. Закон за нотаријат и закон за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица

Македонското законодавство во последните години бележи тенденција на стеснување на овластувањата на дипломираните правници со положен правосуден испит кои се вработуваат како стручни лица од страна на приватниот сектор во државата.

Во 2013 година Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица претрпе измени со кои се предвиде нова категорија на лица кои ќе бидат овластени да иницираат и да спроведуваат постапки пред Централниот регистар на Република Македонија, каде што вработените дипломирани правници се исклучија како категорија која може да спроведува ваков тип на административни постапки.

Дополнително, со измените на Законот за нотаријат од 2016 година се наметна ограничување на овластувањата на вработените дипломирани правници со положен правосуден испит кое резултираше со наметнување обврска за приватниот сектор да ангажира надворешни соработници – адвокати.

Со намалување на овластувањата и изоставање на дипломираните правници како категорија која би можела без ограничувања да ги застапува компаниите во кои се вработени, како и да се стекне со овластување за регистрационен агент, моменталните законски одредби наметнуваат големи трошоци за приватниот сектор поради тоа што приватните субјекти, и покрај тоа што имаат вработени дипломирани правници, приморани се да ангажираат надворешни лица за спроведување на постапки за кои дипломираните правници поседуваат соодветно квалификувано знаење.

Ангажирањето на надворешни соработници - адвокати треба да биде право на слободен избор на бизнис секторот затоа што ризикот од несоодветна правна заштита паѓа на товар на компаниите.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се направат соодветни измени на Законот за нотаријат на начин што би им овозможил на вработените дипломирани правници повторно да се здобијат со овластувања за кои поседуваат соодветно образование и квалификации и ќе им се овозможи во секојдневното нормално работење,

без ограничување, да ги застапуваат компаниите во кои се вработени.

- Да се дополни Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица на начин што во член 34-а од Законот што ќе се прошират постојните критериуми и ќе се додаде нова точка 5, во став 1, со која и дипломираните правници ќе можат да се стекнат со овластување за регистрационен агент.

## 8. Закон за заштита од пушењето

Барање за изменување и дополнување на Законот за заштита од пушењето.

Зоната по пасошка контрола е меѓународна зона што би требало да се исклучи од обврската согласно актуелниот Закон за заштита од пушењето. Домашното законодавство, односно Законот за воздухопловство, Законот за гранична контрола и Законот за царина ја дефинираат оваа зона како место од кое патниците во заминување не можат да се враќаат назад, како и дека е зона каде што се применуваат специфични правила од меѓународните закони и регулативи и домашното законодавство. Препораката е да се усвои акт наведената зона да не се зема предвид во актуелниот закон во кој овој дел од аеродромите нема да биде предмет на актуелниот Закон.

Земајќи ја предвид специфичноста на операциите на аеродромскиот оператор, од една страна, и компаративните анализи на аеродромите во регионот (Виена, Атина, Љубљана, Тирана, Приштина и други), од друга страна, сметаме дека е издржано и оправдано да се одреди посебна просторија за пушење за патниците во контролираната зона.

Ова барање е исто така поддржано и со фактот дека речиси сите европски аеродроми имаат слична просторија за пушење со посебен систем за вентилација. Понатаму, во сите јавни простории со генерална забрана за пушење, луѓето можат да излезат надвор доколку имаат потреба да запалат цигара, но на аеродромите ситуацијата е сосема спротивна. Имено, кога патниците заминуваат од државата, тие поминуваат на царинска, пасошка и безбедносна контрола и мора да останат во сала наречена стерилна зона каде што не постои можност да се напушти истата, поради каква било причина, оттаму и прашањето зошто оваа категорија на патници се ускратени со правото на избор е оправдано.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Исклучување на аеродромите во РМ од Законот за заштита од пушење. Аргументите што аеродромскиот оператор би можел да ги достави во конкретно барање исто така вклучуваат критички забелешки од страна на патниците, со што оправдано се наметнува ставот за изнаоѓање правно решение за аеродромите, само со следење на примерите од меѓународните аеродроми.
- Зоната каде што би се поставила просторијата за пушење треба да се исклучи од тоа да биде предмет на одредбите на овој Закон поради фактот дека контролираната зона, сама по себе, не припаѓа на територијата на Република Македонија.

## 9. Одлука за начинот и условите под кои резиденти може да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари при трансакции со нерезиденти

Барање со иницијатива за изменување и дополнување на Одлуката за начинот и условите под кои резиденти може да вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари при трансакции со нерезиденти, бр. 42/16 и бр. 48/16 од 25 февруари 2016 година, во врска со рестрикциите за плаќања во ефективни странски пари од страна на нерезиденти, а издадена од страна на Народната банка на Република Македонија (НБРМ).

Услугите за храна и пијалаци што се нудат на Меѓународниот аеродром Скопје (Аеродром), во јавна зона, односно во зоната пред пасошката контрола што ја користи јавноста, се бара од патниците нерезиденти да користат македонски денари за плаќање на таквите услуги. Оттука, патниците нерезиденти кои што имаат намера да користат услуги за храна и пијалаци треба да менуваат странски валути во македонски денари, што дополнително создава незадоволство меѓу патниците, особено за оние кои што само прават транзит преку Аеродромот до нивната крајна дестинација.

Како што можеби сте и веќе запознаени, има се` поголем број патници од соседните земји кои што треба да пристигнат на Аеродром 2-3 часа пред полетување, понекогаш дури и порано, бидејќи тие треба да патуваат од нивниот град на живеење до Аеродром. Овие патници, како и лицата кои што испраќаат и пречекуваат патници, сакаат да купат храна или пијалаци додека чекаат да почне регистрацијата за нивните летови. Меѓутоа, тие треба да сменат пари за да купат храна или пијалаци поради рестрикциите наметнати со Одлуката. Во овој контекст, потенцираме дека често овие патници не сакаат да менуваат девизи само за да платат за кафе или за храна и да чуваат денари што не би им користеле по напуштањето на Аеродромот. Патниците и оние кои ги придружуваат (за испраќање или за пречекување) често ги повлекуваат нарачките само заради тоа што не се во можност да ги купат, притоа причинувајќи загуба и за „ТАВ Македонија“ и за Владата на Република Македонија.

Задоволството на патниците на Аеродромот е од најголем приоритет и обврска на аеродромскиот оператор, меѓутоа, досега имаме примено голем број поплаки од патници од кои било побарано да сменат пари само за да купат еден оброк. Држењето чекор со аеродромите во развој во нашата категорија под 2 милиона патници и недостигот од оваа можност, не создава добра средина за да може аеродромскиот оператор да ја одржи позицијата меѓу првите 5 аеродроми.

Веруваме дека на патниците, нивната придружба за испраќање или пак за пречекување, на посетителите и/или на патниците кои што транзитираат на Аеродромот треба им се овозможи оваа погодност, исто како и на патниците кои патуваат по патиштата во Македонија.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Укинување на рестрикциите за користење исклучиво локална валута и само на аеродромите со овозможување нерезидентите да можат да купат храна и пијалаци пред шалтерите за регистрација.

## 9.4. Работна група за човечки ресурси

### 1. Закон за работни односи (ЗРО)

*1. Објавување слободни работни места*

Согласно Законот за работни односи, член 34, дефинирано е дека:

(1) Кога работодавачот вработува работници по пат на јавен оглас, должен е во јавниот оглас да наведе:

- назив на работното место;
- условите што се бараат за вршење на работата;
- почетокот и завршетокот на дневното и неделното работно време;
- распоредот на работното време;
-паричен износ на основната плата или паричен износ од најнизок до највисок износ на платата за работното место за кое се бара работник;
- рокот за пријавување, кој не смее да биде пократок од три работни дена;
- рокот во кој ќе се изврши избор и
- точни податоци за работодавачот (назив, седиште, телефон, лице за контакт и адреса за доставување на апликациите).

Овие измени во Законот за работни односи (ЗРО) се воведени со цел да се поедностави пријавувањето на нови кандидати, односно процесот за апликација на потенцијалните вработени да биде потранспарентен, но постојат и одредени проблеми, кои треба да се отстранат.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Воведување на овој елемент (паричен износ) не го олеснува процесот за аплицирање на соодветните кандидати за соодветните работни позиции. Потребно е оваа ставка од член 34 да биде избришана, како еден од задолжителните елементи при огласување работни места.

Објавување слободни работни места - член 23, точка 8 од ЗРО.

- да се укине/прецизира делот од одредбата да се наведе лице за контакт во јавниот оглас: „точни податоци за работодавачот (назив, седиште, телефон, лице за контакт и адреса за доставување на апликациите)" - Заштита на лични податоци – член 44.

Објавување слободни работни места - член 23, став 3 од ЗРО.

- Да се укине одредбата „За времетраењето на јавниот оглас работодавачот не може да објавува нов оглас за истото работно место".
- Овој став го отежнува процесот за вработување. Во период кога има отворен оглас за работна позиција на една локација кој оглас од објективни причини не е затворен, во пракса се јавува потреба да се отвори јавен оглас за истата работна позиција на друга локација.

## 2. Боледување и отсуства

*Согласно член 109 од Законот за работни односи - надоместок на плата:*

(3) Работодавачот исплаќа надоместок на платата и во случаите на неспособност на работникот за работа поради негова болест или повреди до 30 дена, а над 30 дена се исплаќа на товар на здравственото осигурување. Во случај на отворање на ново боледување во рок од три дена од престанокот на претходното боледување, работодавачот има право да побара од првостепената лекарска комисија да го потврди новото боледување или да го продолжи прекратеното старо боледување.

• Злоупотреба на боледувањата - укинување на т.н. медицински потврди, задолжителен доказ да биде ИСР образец.

Инвалиди на трудот - Не постои можност за повторно оценување на здравствената состојба на работникот по определен временски период. Нова одредба која ќе овозможи иницијатива на работодавачот да се упати работникот кај кој е утврдено дека постои непосредна опасност од настапување инвалидност на преглед кај Комисијата за оцена на работна способност поради повторна оцена на неговата здравствена состојба по определен временски период (1 година).

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се прецизира начинот на докажување на злоупотреба на боледувањата, да се зголеми транспарентноста на лекарската комора. Да се овозможи повторно реоценување на работната способност на работниците заради избегнување на злоупотреби. Да се ажурира член 112 од ЗРО во насока на спречување на злоупотреба на боледувања. Да се ажурира член 178 со одредба за преоценување на работната способност на работникот кај кој е утврдено дека постои непосредна опасност од настапување инвалидност на иницијатива на работодавачот.

## 3. Организирање на работното време/прераспределба - Член 37 од ОКД

*Согласно Општиот колективен договор, член 37, дефинирано е дека:*

- со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач, се утврдуваат случаите во кои работникот е должен на барање на работодавачот да врши работи преку полното работно време (прекувремена работа).

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се додаде нов член кој ќе овозможи прераспределба на работното време на барање на работникот или работодавачот согласно потребите на работниот процес заради олеснување и полесно организирање на работниот процес и за работниот и за работодавачот (на пример, на барање на работникот или работодавачот, работното време подолго од 40 часа во работната недела може да се прераспредели со пократко

работно време во други работни денови или со слободни работни денови. Прераспределените работни часови не се сметаат како прекувремена работа за која се исплаќа додаток на плата);

- Со додавање нов член ќе се овозможи слободно организирање и прераспределба на работните часови во корист на работникот и работодавачот, а согласно природата на работниот процес кај секој работодавач посебно.

## 4. Прераспределба на друга работа

*Обврски на работникот во врска со вршење на работа - член 42*

(1) Работникот е должен совесно да ја извршува работата на работното место за коешто склучил договор за вработување, во време и на место, коишто се определени за извршување на работата, почитувајќи ја организацијата на работата, деловната активност и упатствата на работодавачот.

(2) Во случаите определени со закон и колективен договор, работникот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, ако е во рамките на степенот на неговата стручна подготовка.

*Согласно член 8 од Општиот колективен одговор:*

-работникот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, а е во рамките на неговата стручна подготовка, врз основа на писмен акт од страна на работодавачот се’ додека траат причините, но не подолго од два месеца, само во случаи:

- кога треба да се замени отсутен работник;
- кога е зголемен обемот на работата;
- ако на работното место на кое работи е намален обемот на работа;
- на елементарни непогоди кои се случиле или непосредно се закануваат и кога е неопходно за отстранување или спречување на последиците во случаите на природна непогода или друга несреќа;
- на неопходно завршување на започнат процес, чие прекинување со оглед на природата на технологијата на работата би предизвикало материјални загуби;
- на спречување на расипување на суровини и материјали, односно отстранување на дефекти на опремата и на средствата за работа;
- на завршување на итни и неодложни работи;
- во други случаи утврдени со колективен договор.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Работникот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, а е во рамките на неговата стручна подготовка, врз основа на писмен акт од страна на работодавачот се’ додека траат причините, но не подолго од една година само во случај кога се работи за

замена на отсутен работник кој е на подолготрајно боледување. Работникот во сите случаи кога врши друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, има право на еднаква плата каква што примал на своето работно место, односно, плата која за него е поповолна.

Законската норма да остане иста во делот на времетрењето.

## 5. Спогодба за престанок на работен однос

*Согласно член 71 од Законот за работни односи - Раскинување на договорот за вработување со спогодба дефинирано е дека:*

(1) Договорот за вработување страните можат кога било да го раскинат со писмена спогодба која мора да содржи одредба за последиците, коишто настануваат за работникот поради договорното раскинување при остварувањето на правата врз основа на осигурување за случај на невработеност.

(2) Спогодбата од ставот (1) на овој член треба да содржи своерачно напишано име и презиме од работникот и од работодавачот, своерачно напишан датум на престанок на работниот однос од работникот и од работодавачот и своерачен потпис на работникот и на работодавачот.

(3) Доколку спогодбата за раскинување на договорот за вработување е склучена спротивно на ставовите (1) и (2) на овој член, истата е ништовна.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се прецизира дека и работодавачот може да му понуди на работникот спогодбено престанување на работниот однос. Да се дозволи, спогодбата како договор меѓу две страни, да биде спроведена (потпишана/заверена) и пред да дојде датумот на престанок на работниот однос. Согласно член 69 во овој момент спогодбата мора да биде потпишана на денот на престанок на работниот однос.

## 6. Ноќна работа

Како ноќна работа според Законот за работни односи се смета работењето во ноќно време и тоа во периодот меѓу 22:00 часот и 6:00 часот наредниот ден. Работодавачот, кој користи редовно работници за ноќна работа е должен да ја извести инспекцијата на трудот. Од аспект на заштитата при работа, работата ноќе претставува тежок и неповолен услов за работа и затоа тој претставува посебен услов за работа и како таков треба да биде утврден во договорот за вработување.

### Посебна заштита

Работата ноќе се јавува и како услов за утврдување на правото на посебна заштита на одредени категории работници во текот на работата, пред се' жените работници, повозрасните работници и работниците под 18-годишна возраст.

-Работничка од областа на индустријата и градежништвото не може да се распореди на работа ноќе ако работата во тоа време би оневозможила да оствари одмор од најмалку седум часа во времето меѓу 22:00 часот и 5:00 часот наредниот ден. Ова не се однесува на работничка која има посебни овластувања и одговорности или која врши работи на здравствена, социјална и друга заштита на работници.

- Работникот кој сé уште не наполнил 18 години возраст не смее да работи ноќе меѓу 22:00 часот и 6:00 часот наредниот ден. По исклучок може да се одреди работникот кој сé уште не наполнил 18 години возраст да работи ноќе во случај на виша сила, кога таквата работа трае определено време и мора веднаш да биде извршена, а полнолетните работници не се на располагање.

- На повозрасниот работник (од 57 години жени и 59 години мажи) работодавачот без согласност на работникот не смее да му одреди прекувремена или ноќна работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Забраната за ноќна работа на жени - да се тргне оваа одредба од Законот бидејќи е дискриминаторска.

## 7. Известување на неизбрани кандидати за работа

*Согласно член 39 од Законот за работни односи: Права на неизбраните кандидати дефинирано е дека:*

Работодавачот мора во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување писмено да го извести кандидатот кој не е избран дека не е избран и кој кандидат е избран и да му ги врати сите документи што му ги доставил како доказ за исполнување на бараните услови за вршење на работата.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се укине одредбата која бара неизбраните кандидати да се информираат за името на избраниот кандидат - самата одредба е спротивна на Законот за заштита на личните податоци.

## 8. Договор за вработување на деловни лица (менаџерски договор) - член 54 и Остварување на правата и обврските од работен однос на работоводниот орган (менаџер) - член 55

Уредување на односите меѓу друштвото и членовите на органот на управување:

При дефинирањето законодавецот се определил за два вида на менаџерски договори:

- првиот, договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директори, член на управниот одбор, односно управителот (се уредуваат односите со т.н. менаџмент на повисоко управувачко ниво) и

- вториот, договор за уредување на односите со раководно лице (се уредуваат односите со менаџерите на пониско ниво).

Овие договори не се супститути на договорот за вработување со кој се заснова работен однос.

Со менаџерскиот договор се конкретизира улогата на менаџерот и меѓусебните права, овластувања, обврски и одговорности врз договорна основа.

Во Законот за трговските друштва, предвидена е изрична забрана извршниот член на одборот на директори или член на управниот одбор да склучува договор за вработување.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Двата горенаведени члена се неприменливи во пракса.
- Судската пракса не познава пресуди по овие два члена.
- Законот за трговските друштва е основен закон што ги уредува односите помеѓу друштвото и органите на управување.
- овие договори не се супститути на договорот за вработување со кој се заснова работен однос.
- Со менаџерскиот договор се конкретизира улогата на менаџерот и меѓусебните права, овластувања, обврски и одговорности врз договорна основа.
- Во Законот за трговските друштва, предвидена е изрична забрана извршниот член на одборот на директори или член на управниот одбор да склучува договор за вработување.
- Да се избришат членовите 54 и 55 од Законот за работните односи или пак да се доуредат со норма која упатува на Законот за трговските друштва.

## 9. Дополнително работење - Член 121 од ЗРО

(1) Работникот, кој работи полно работно време, може по исклучок да склучи договор за вработување со неполно работно време со друг работодавач, меѓутоа најмногу за десет часа неделно, со претходна согласност на работодавачите, каде што е вработен со полно работно време.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Ако Законот дозволува вработениот да работи 10 часа неделно кај друг работодавач, зошто да не може истиот да работи (да го вложи истиот труд) кај нас? Плус се исклучува можноста за дополнителен трошок за превоз.

## 10. Стекнување право на годишен одмор - Член 138

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се задржи претходната одредба од член 139 „Работникот кој за првпат заснова работен однос се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеци кај ист работодавач, без оглед на тоа дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното“.

  Периодот од 8 дена е премногу долг.

## 11. Отсуство од работа заради вршење функции или обврски од посебни закони - член 149, став 2

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Денот кога работникот дарува крв да биде еден од двата последователни дена на отсуство од работа. Да се размисли дали став 2 и став 3 треба да останат дел од овој член или треба да се префрлат.
- Правото следува како одговор на потребата за рехабилитација на организмот по дарување на крв. Доколку работник дарува крв наутро и цел ден е на своето работно место ова право губи дел од својата смисла.

## II. Закон за пензиско и инвалидско осигурување

## 12. Листи за стаж - информација за сите плати на вработениот

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Согласно фактот дека Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија воспостави услуга, со која преку својата веб-страница обезбедува пристап на осигурениците до нивните регистрирани податоци во матичната евиденција, врз основа на лично барање, може да се спроведе непосреден увид во податоците за стажот на осигурување и платите, нема потреба од тоа работодавачите да издаваат и да доставуваат листи за стаж до вработените.
- Дополнително што со увидот на работодавачите во листите за стаж се врши повреда на приватноста на вработените и наметнување на обврски на работодавачите кои не се во делокругот на нивното работење.
- Потребно е увидот за листа на стаж да се наложи како право и обврска на секој осигуреник кој преку оваа нова услуга на фондот секој осигуреник може електронски да има пристап до својата листа за стаж.
- Доставување листи на стаж - двапати во годината за вработените. Истото да биде 1 годишно или пак да се делат само на вработени кои немаат електронски пристап до ПИОМ.

## 13. Институционална поврзаност

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- ПИОМ, извршители, УЈП, АВРМ-софтвер : АВРМ бара ППР-образец при трансформација на работен однос и покрај можноста за поднесување без огласување поднесувањето на пријава е непотребна административна работа, УЈП - при пуштање на плата софтверот дозволува да се пријават само 48 неодработени часови во месецот, а согласно ЗРО може да има повеќе ( 5 во годината).
- Олеснување на процесот за пријава и одјава на работници, усогласување на системот на УЈП со ЗРО.
- E-HR да се воведе и во Законот за работни односи

## III. Уредба за исплата на патни трошоци и дневници за службени патувања

## 14. Дневници за службени патувања

Дневницата за службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службено патување до часот на враќањето со превозното средство и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување, или ако патување трае подолго од 12 часа;
- половина дневница - за време од 8 до 12 часа поминати на службено патување;
- нема дневница - ако работникот е на службен пат помалку од 8 часа. Ако работникот во истиот ден, дел од работното време го помине на работното место, а еден дел е на службен пат, но помалку од 8 часа, часовите поминати на службен пат по истекот на полното работно време му се сметаат за прекувремена работа.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Овие одредби не се апликативни на одредени работни позиции.
- Ова прашање да се регулира во договорите за работа - зависно од природата на редовните работни задачи кои ги извршува работникот (комерцијалист на терен) - за кои би се прецизирале посебни одредби, надвор од применливите согласно Уредбата за издатоци за службен пат и селидби во странство.
- Да се конкретизираат услови под кои би следеле надоместоци за службени патувања во РМ, на пример, само кога патувањето не е дел од редовните работни задачи на работникот.

## IV. Предмет на разгледување Закон за здравствено осигурување

### 15. Барања за исплати по основ на отсуства

ПРАВА НА ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ

*А) НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА*

Осигуреното лице има право на надоместок на плата за време на привремена спреченост за работа поради болест и повреда, како и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, под услов ако се работи за осигурено лице кое има засновано постојан работен однос - лице во работен однос (осигурени лица од член 5, став 1, точките 1, 2 и 3 од Законот за здравствено осигурување).

Осигурениците можат да остварат право на надоместок на плата ако се исполнети одредени услови за остварување на правото на надоместок на плата согласно законските прописи .

Правото на надоместок на плата на товар на Фондот се остварува врз основа на поднесено барање за привремена спреченост за работа поради болест и повреда, односно барање за привремена спреченост за работа поради бременост и раѓање.

Кон барањето (образец бр. 2 надоместок на плата - болест/повреда/нега) за надоместок на плата поради болест и повреда, се поднесуваат повеќе документи.

*Б) Исплата на надоместокот на плата*

Надоместокот на плата за првите 21 ден спреченост за работа го утврдува и исплатува работодавачот од своите средства.

Надоместокот на плата над 21 ден е на товар на средствата на задолжителното здравствено осигурување и го утврдува и исплатува Фондот за здравствено осигурување.

Од првиот ден на спреченост за работа, надоместокот на плата се исплатува од средствата на Фондот ако се работи за нега на болно дете до тригодишна возраст, доброволно давање на крв, ткиво или орган и во случај на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство.

*В) Висината на надоместокот на плата*

Надоместокот на плата за време на привремена спреченост за работа поради повреда на работа и професионално заболување, за време на давање на ткиво, крв или орган, како и за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство изнесува 100% од основицата на надоместокот на плата.

Во сите останати случаи надоместокот на плата на товар на средствата на Фондот изнесува 85% од утврдената основица.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Поднесување на барања за исплати по основ на отсуства на товар на ФЗО.
- Олеснување на целиот процес без обврска да се оди до ФЗО.
- Можност секој осигуреник електронски да си поднесува барања.

## V. Општ колективен договор

### 16. Согласно член 25 од Општиот колективен договор дефинирано е дека:

основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Потребно е член 25 да се прецизира на следниов начин:

**Основицата на плата** се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.

- Заради погрешно разбирање и толкување на терминот „основната плата" сметаме дека со преформулирање на одредбата во „основицата на плата" ќе се избегнат недоразбирања во толкувањето и примената на оваа одредба.

**Во член 45 - Мирување на правата и обврските од договорот за вработување е предвидено:**

Во став (1) од овој член законодавецот таксативно предвидува во кои случаи мируваат правата и обврските од договорот за вработување со напомена дека истиот не престанува да важи.

Во став (2) законодавецот предвидува дека за време на мирување на договорот за вработување, мируваат и сите права и обврски од работен однос.

Со став (3) законодавецот определува рок од 5 дена од денот на престанокот на причината за мирување во кој рок работникот има право и должност да се врати на работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се промени рокот од став (3) на 5 работни дена. Сметаме дека предвидениот рок од 5 дена е премногу краток за да се спроведе постапката затоа што во пракса се случува во рокот да има неработни денови. Од друга страна, во интернационални компании каде овластените потписници се странски државјани, доаѓа до тешкотии околу потпишување на неопходната документација во наведениот рок.

**Во член 104 - Прекин на договорот за работа поради возраст на работникот се предвидува:**

Во став (1) од овој член законодавецот предвидува дека со навршување на 64 години возраст и 15 години пензиски стаж на работникот, договорот за вработување престанува да важи.

Во став (2), законодавецот предвидува можност работникот да побара од работодавачот да му го продолжи договорот за вработување до 67 години возраст.

Со став (3,) законодавецот го определува рокот во кој работникот треба да даде изјава.

Во став (4) е предвидена обврска за работодавачот да го продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст.

За склучување на договор за вработување потребна е волја на две страни, во ставовите (2), (3) и (4) по исполнување на условите за прекин на договорот за вработување поради возраст на работникот, договорот за вработување се продолжува врз основа на изјава на волја само на една страна (работникот), без да се земат предвид потребите на работодавачот.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Во насловот поради конзистентност да се смени терминот „договорот за работа" со „договорот за вработување".
- Да се избришат став (2), став (3) и став (4) од Законот за работните односи или пак одредбите да се преформулираат во диспозитивни норми, со воведување критериуми за да се избегне можност за дискриминација.

**Закон за работните односи („Службен весник на РМ", бр. 167/2015).**

21. Во Член 124-а – Работа во смени е предвидено:

(1) Работодавачот може да ја организира работата и во смени.

(2) Работа во смени значи секој метод на организирање на работата во смени во која работниците се сменуваат еднoподруго на исто работно место во согласност со одреден план и што може да биде континуирано или со прекини, вклучувајќи ја потребата за работниците да работат во различно време во даден период на денови или недели.

(3) Планот од ставот (2) на овој член се доставува и до синдикалната организација кај работодавачот, најмалку десет работни дена пред примената на планот.

Дефиницијата за работа во смени од став (2) е веќе дадена во член 5, точка 10) од Законот.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се избрише Ставот (2) од член 124-а од Законот за работните односи (непотребна правна тавтологија).

**Закон за работните односи („Службен весник на РМ", бр. 167/2015).**

22. Во член 18, став (1) и став (6) – Способност за склучување договор за вработување со младо лице под 18 години возраст е предвидено:

(1) Договор за вработување може да склучи младо лице под 18 години возраст и кое има општа здравствена способност.

(6) Како младо лице се смета секое лице кое може да склучи договор за вработување, кое има најмалку 15 години возраст, а под 18 години возраст и кое не е

опфатено во задолжително образование, за извршување на работи кои не се штетни по неговото здравје и безбедност.

Согласно член 3, став (1) од Законот за средното образование:

„Средното образование е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови утврдени со овој закон."

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Член 18, став (6) од Законот за работните односи, да се доуреди, односно да се усогласи со член 3, став (1) од Законот за средното образование.

**23. Во член 5, точка 13) и точка 14) – Дефиниции е предвидено:**

13. „Претпријатие" значи јавно претпријатие, трговско друштво или трговец поединец што врши трговска дејност, без разлика дали работи за профит или не, кое се наоѓа на територијата на земјите членки.

14. „Установа" значи деловна единица дефинирана во согласност со закон, која се наоѓа на територијата на една земја членка, каде што економската дејност се спроведува на тековна основа со човечки и материјални ресурси.

Точка 13) и точка 14 се недоречени и потребно е да се доуредат.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се доуредат горенаведените точки затоа што „Претпријатија" и „Установи" имаме и во нашата земја.

## 9.5. Работна група за безбедност и здравје при работа и заштита на животна средина

**Согласно член 2 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

Одредбите од овој закон не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис е регулирана оваа материја (вооружените сили, полицијата, Царинската управа, во некои посебни активности на силите за заштита и спасување), во спротивно безбедноста и здравјето на вработените при работа кај овие дејности треба да се обезбедат, колку што е можно повеќе, според целите на овој закон.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се исфрли Царинската управа, затоа што е спротивно на директивата.

**Согласно членот 3 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

Поимите кои се користат во овој закон го имаат следново значење:

- „Работодавач" е физичко или правно лице одговорно за работата и за вработените кое ги користи услугите на вработен според договор за вработување, физичко или правно лице кое ги користи услугите на вработен на некоја друга правна основа, земјоделец или физичко лице кое, самостојно или со друг член на неговото домаќинство или семејство, извршува земјоделска или друга дејност, како негова единствена или главна професија и кој не вработува други лица;

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се дефинира одговорно лице кај работодавачот. Кај нас се мисли дека работодавач е управителот, директорот и сл., а не трговското друштво, па е потребно да се дефинира дека одговорно лице е директорот, управителот, физичкото лице кое е ангажирано и сл.

- „Работно место" е секое место наменето за извршување на работа лоцирана во просторииите на работодавачот или во некоја привремена или подвижна работна локација до која вработениот има пристап во текот на неговата работа и која е под директна или индиректна контрола на работодавачот.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Во дефиницијата за работното место да се додефинира и работа од дома. Тоа треба да се разгледа од аспект што во подем  е работењето од дома и кој ќе треба да ги исполни условите за работа од дома.

-„Средства за работа" се работни и помошни простории, опрема за работа, опрема за лична заштита, супстанции и препарати и секое друго средство кое се користи при работниот процес или е на друг начин поврзан со истиот.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

Да се додефинира прецизно поимот за средства за работа и опрема за работа.

•„Изјава за безбедност" е документ кој ги опишува карактеристиките на работниот процес и содржи идентификација на опасностите и проценка на ризикот за безбедноста и здравјето на работното место и пропишува соодветни мерки за заштита.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се промени дефиницијата на изјава за безбедност. Кај нас проценката на ризик е составен дел од изјавата за безбедност што треба да биде спротивно, односно врз основа на проценката на ризик да произлезе изјавата. Рамковната директива не прави разлика меѓу изјава за безбедност и проценка на ризик, односно во неа стои само поимот проценка на ризик.

- Во врска со изјавата за безбедност и нејзината валидност при промена на условите за работа, проценката да се прави според средствата и процесот на работа. Доколку промените не влијаат на промена на ризикот, во тој случај да нема потреба од промена на проценката.

• „Стручно лице за безбедност при работа“ е вработено стручно лице кај работодавачот назначено од него за извршување стручни задачи поврзани со безбедноста при работа (во натамошниот текст: стручно лице).

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се направи дистинкција помеѓу поимите стручно лице со положен стручен испит и стручно лице.
- Во целиот текст на Законот се користи терминот „стручно лице“ за безбедност при работа.

Да се додефинира, во член 3 да се внесат следниве поими:

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се дефинира поимот за инвеститор, посебно за одговорноста при извршување градежни работи каде најчесто работат многу работодавачи.
- Да се дефинира што претставува повреда при работа, а што се смета за колективна несреќа. Поимите се спомнуваат во член 36 од Законот, а усогласена дефиниција не постои. Известување до надлежните институции се врши со Образец за известување за несреќа при работа, а пријавување се врши со пополнување на наследениот Образец ЕТ-8 Пријавување за несреќа на работа, чија содржина на податоци за денешни услови на евиденција е одамна застарена и друга документација која со ниеден подзаконски акт не е регулирана.

**Согласно членот 4 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

Владата на Република Македонија донесува Програма за безбедност и здравје при работа (во натамошниот текст: Програмата).

Со Програмата се утврдува стратегијата за развој на безбедноста и здравјето при работа во врска со заштитата на животот, здравјето и работоспособноста на вработените и спречување на повреди при работа и професионални и други болести поврзани со работењето.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Владата на Република Македонија донесува Програма за безбедност и здравје при работа (БЗР). На предлог на Националниот совет за БЗР Програмата која ја донесува Владата треба да помине одредена процедура и филтри, во нејзино изготвување и усогласување треба да се вклучени сите чинители од областа под капата на Националниот совет за БЗР (стручни здруженија, ОРМ, ССМ, докторите од медицина на труд, стопанските комори, ДИТ, МТСП).

## I. ОПШТИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

**Согласно членот 6 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Обврските и работите на безбедноста и здравјето при работа утврдени во овој закон, работодавачот може да ги довери на овластени правни или физички лица, ако тој не е во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се избрише физичко лице. Забелешка: во целиот текст на Законот за безбедност и здравје при работа физичко лице може да полага стручен испит за БЗР, но како единка не е можно да ги исполнува законските и подзаконските барања.
- Физичко лице не може да врши работи од областа на безбедност и здравје при работа согласно законската и подзаконската регулатива (проценка, изјава за безбедност,обуки).

(4) Ангажирањето на надлежни надворешни овластени правни или физички лица за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа не го ослободуваат работодавачот од неговите одговорности во оваа област.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се нагласи дека надворешни стручни фирми имаат одговорност за работата - инаку зошто би се ангажирале надворешни фирми ако немаат никаква одговорност.

**Согласно членот 7 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

Овластените правни и физички лица кои ги ангажирал работодавачот, мора да соработуваат меѓусебно, како и со стручните лица за сите прашања рзани со превентивната безбедност и здравјето при работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Физички лица: идентично како за член 6.

**Согласно членот 11 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Секој работодавач мора да изготви и да спроведе изјава за безбедност за секое работно место, прецизирајќи го начинот, како и мерките кои треба да се преземат.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се промени дека работодавачот треба да изработи нова изјава туку само дека треба да ја усогласи проценката според настанатите промени.

(5) Изјавата за безбедност на работното место се изготвува на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на друг јазик којшто е службен јазик на подрачјето на општината.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да не стои изјава за безбедност туку проценка на ризик.

**Согласно членот 12 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Рабодотавачот ја организира безбедноста и здравјето при работа во зависност од технолошкиот процес, со примена на научно-стручни методи и во согласност со современите достигнувања, при што стручните работи на безбедност ќе ги врши работник со стручна подготовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес на работодавачот, или ќе користи надворешни услуги од овластени правни или физички лица.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се избрише вториот дел од овој став во делот кој ќе ги врши стручните работи бидејќи тоа е дефинирано во член 18, став 1.

**Согласно членот 14 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Работодавачот мора да обезбеди пристапот до работните места изложени на специфична и сериозна опасност да е дозволен само на оние вработени кои добиле посебни упатства за работа на таквите работни места.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се додаде и соодветно обучени и здравствено способни.
- Ако вработен работи на одредено работно место и треба да заврши работа со специфична опасност која не е секојдневна во работата, тогаш тој треба да биде и обучен за таа опасност и здравствено способен, а не само да добие упатство.

**Согласно членот 15 од Законот за безбедност и заштита при работа и Правилникот за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта член 4, став 1:**

На локациите каде што работат двајца или повеќе работодавачи истовремено, тие мора да се договорат писмено за заедничките безбедносни и превентивни мерки кои треба да се преземат и да назначат стручно лице за спроведување на мерките за безбедност при работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Дополнување во Законот со дефиниција за мобилно или привремено градилиште (дообјаснување на член 15 и измени на Правилникот за минимални барања за БЗР на привремени и мобилни градилишта - полагање

за координатори, прецизирање на листите под кои се подразбира градежни работи, начин на изготвување план за БЗР и др.).

- Дали се мисли на различни термини и на различно поставени луѓе на мобилни градилишта каде што работат двајца или повеќе работодавачи истовремено... (да се допрецизира).

**Согласно членот 17 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

Работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа особено со:

• следење на здравствената состојба на вработните.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Оваа обврска на работодавачот да се преформулиура, бидејќи следењето на здравствената состојба на вработените е обврска на здравствената установа, а работодавачот има обврска да ги праќа вработените на систематски преглед во таа здравствена установа.
- Да се допрецизира ставот дека работодавачот мора да обезбеди мерки за безбедност и здравје при работа - со следење на здравствената состојба на вработените, се судрува со Законот за заштита на лични податоци, Закон за заштита на приватноста и Законот за работни односи.

**Услови за полагање на стручен испит за безбедност при работа:**

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се исфрли последниот став - не одговара на мерките кои треба да ги обезбеди работодавачот.
- Да се стави во посебен член дека потребни се посебни услови за полагање на стручниот испит ( да се стави во посебен правилник).

**Согласно членот 17-а од Законот за безбедност и заштита при работа:**

Стручен испит може да полага лице кои ги исполнува следниве услови:

-да е државјанин на Република Македонија;

-да има живеалиште во Република Македонија;

-да има високо образование за заштита при работа, технички или друг отсек, кој одговара на дејноста на работодавачот (диплома за завршено четиригодишно високо образование или диплома со 300 кредити според европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС);

-со правосилна одлука да не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност се` додека траат последиците од забраната и

-да има најмалку пет години работно искуство по дипломирањето, во соодветната област за која е поднесено барањето за полагање стручен испит.

Согласно членот 17-х од Законот за безбедност и заштита при работа:

Министерството за труд и социјална политика во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон го воспоставува Регистарот на стручни лица.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се извадат од Законот погоре наведените членови 17-а и 17-х.
- Опција да се додаде нов член во кој ќе биде наведено дека условите и начинот на полагање на стручниот испит за БЗР ќе ги одреди ресорното министерство во рок од 3 месеци по стапување на сила на измената или Законот.
- Целата постапка и услови за полагање на стручниот испит треба да се регулирани во подзаконски акт.

**Согласно членот 18 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(2) Работодавачот ќе го одреди бројот, видот и степенот на стручно образование во согласност со членот 46, став 2 од овој закон, како и:

- организацијата;
- природата и обемот на работниот процес;
- бројот на вработените вклучени во работниот процес;
- бројот на работните смени и
- бројот на одделни работни единици.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се преформулира. Објаснувањето во член 46, став 2 од овој закон, нема корелација со со членот 18, став 2.
- Да се редефинира профилот на стручно лице за безбедност при работа (степен и вид на претходно образование, претходно практично искуство во областа).

(3) При извршувањето на стручни задачи кои се однесуваат на безбедноста при работа, стручните лица за безбедност, директно одговараат пред работодавачот.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Работодавач може да е и правен субјект кој назначува управител кој не секогаш е и сопственик на правниот субјект. Поради ова во пракса нема брза комуникација и адресирање на реалните проблеми во БЗР и навремено носење одлуки и соодветни решенија. Затоа предлогот е работодавачот да се замени со управител.

- Стручното лице да одговара директно пред одговорното лице кај работодавачот место пред работодавачот. Според поставеноста на Законот сега стручното лице одговара пред правното лице, односно компанијата за која работи, а не пред лицето кое ја води компанијата. Ако според казнените одредби има казна за одговорното лице кај работодавачот, логично е негова десна рака да биде стручното лице за БЗР за да нема такви реперкусии во делот на БЗР.

** Забелешка:*

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се додаде нов став 6 каде стручното лице ќе има обврска за континуирана едукација.

**Согласно членот 18-а од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(2) Работодавачот ќе го одреди бројот, видот и степенот на стручно образование во согласност со членот 46 , став 2 од овој закон, како и:

- организацијата;
- природата и обемот на работниот процес;
- бројот на вработените вклучени во работниот процес;
- бројот на работните смени и
- бројот на одделни работни единици.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Во врска со собирањето на бодовите од страна на стручните лица, треба да се објасни што доколку не се соберат бодовите, дали стручното лице ја губи лиценцата, која е постапката за обновување на истата итн. Најдобро би било да постои правилник за обуки и во истиот да се образложи.
- Да се категоризираат лиценцирани фирми по области, таквов вид на лиценци да добиваат.

** Дополнителни забелешки за член 18:*

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Објаснувањето за стручно усовршување на стручните лица и услови кои треба да ги исполни организаторот на стручно усовршување на стручните лица наведено во членовите 18-а до 18-г, да се изземе од Законот за безбедност и здравје при работа и да се регулира со посебен подзаконски акт.
- Сосема нелогично поврзување на член 18 со членовите 18-а, 18-б, 18-в, 18-г (не е следствено). Нема следливост во членовите 18-а, 18-б, 18-в, 18-г. Потребно е издвојување на овој член во посебен правилник за начинот на стручно усовршување на стручните лица со положен стручен

испит и начинот на вршење на тие обуки, како и условите кои треба да ги исполнуваат организаторите на обуките.

- Да се определат задолжителни минимум периоди на кои ќе се овозможи полагање стручен испит за стручни лица за БЗР и да се укинат задолжителните часови обука кои лицето мора да ги има во текот на годината, бидејќи на овој начин само се штити интересот на поединечни здруженија и друштва, а не се води сметка за трошоците на работодавачите од секаков аспект. Да се предвидат задолжителни обуки и за вработените во ДИТ кои се занимаваат со оваа проблематика.
- Да се исфрли поимот стручно лице со неположен стручен испит. Да се дефинираат задачите кои може да ги врши стручно лице со положен стручен испит.
- Член 18 бара работодавачот да назначи едно или повеќе стручни лица за вршење работи во делот на БЗР, а бројот ќе го одреди согласно член 46, став 2 (каде се кажува дека ресорното министерство ќе ги одреди условите на правно или физичко лице за вршење стручни работи).
- Исто така да се обврзат компаниите задолжително да имаат вработено стручно лице со положен стручен испит за безбедност, чиј број ќе зависи од бројот на вработени, додека малите фирми да имаат можност да ангажираат и надворешна фирма.
- Обуките на вработените да има право да ги врши стручното лице за безбедност вработено во таа фирма, без да има потреба од добивање дополнителна лиценца/овластување за истата работа.

**Согласно членот 19 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Примарни обврски на стручното лице се:

- советување на работодавачот за планирање, избор, купување и одржување на средствата за работа;
- советување на работодавачот за опремување на работното место и работната средина;
- изготвување на стручна основа за изјавата за безбедност;
- вршење редовни и контролни прегледи на хемиските, физичките или биолошките ризици во работната средина;
- вршење редовни и контролни прегледи и испитувања на работната опрема;
- вршење внатрешен надзор над спроведувањето на мерките за безбедно извршување на работата;
- изработка на упатства за безбедно извршување на работата;
- следење и анализа на повредите поврзани со работењето, професионалните болести, идентификација на причините за истите и подготовка на извештаи за работодавачот, заедно со сите предложени безбедносни мерки и

- подготовка на програма и спроведување обуки на вработените за безбедно извршување на работата.

(2) Стручното лице може да ги врши задачите наведени во став 1, алинеи 3, 4, 5 и 9 на овој член, доколку ги исполнува условите од членот 46 на овој закон.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Член 19 ги наведува примарните обврски на стручното лице каде ги разграничува работите кои може да ги работи ако има и ако нема положено стручен испит, од една страна. Од друга страна, во став 2 вели дека може да врши одредени задачи доколку ги исполнува условите од член 46 на овој закон, т.е. има овластување. Обврските се измешани и не се добро прецизирани.
- Да се дефинира кои работни задачи ќе може да ги врши стручното лице со положен стручен испит без да има работодавачот обврска да ангажира надворешна фирма или да вади како правно лице дополнителни овластувања. Ако треба работодавачот да вади овластувања за одредени работни задачи во делот на БЗР, а вработил стручно лице кое има положен стручен испит каде во член 19, став 1 е наведено кои задачи може да ги работи, која е логиката да вади дополнителни овластувања и да се изложува на трошок.
- Да се дообјасни поимот стручно лице и стручно лице со положен стручен испит и соодветно да се примени член 19 (Обврски за стручното лице). Во член 19, точка 2, одвоени се обврските на стручното лице за безбедност при работа со положен стручен испит, но сепак треба да биде појасно образложено.

**Согласно членот 22 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените најмалку на секои 24 месеци.

(2) Видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на предлог на министерот надлежен за работите од областа на трудот, по претходно мислење од министерот надлежен за работите од областа на здравството, ги уредува Владата на Република Македонија.

(3) Висината на трошоците за здравствените прегледи, која ќе се определи во ценовникот, се утврдува врз основа на видот, начинот и обемот на вршење на здравствените прегледи.

(4) Овластената здравствена установа е должна да ги врши здравствените прегледи согласно со видот, начинот, обемот и ценовникот од прописот од став 2 на овој член.

(5) Овластената здравствена установа е должна да ги врши здравствените прегледи согласно со стандардниот минимум кој е задолжителен за сите систематски, претходни, насочени и периодични прегледи, кој се состои од:

- анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза и социјалноепидемиолошки податоци);
- статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна висина и индекс на телесна маса);
- основни лабораториски анализи и тоа седиментација, крвна слика (еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди), урина, шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент;
- аудиометрија;
- спирометрија;
- ЕКГ (12) одводи и
- радиофотографија на граден кош - по одлука на лекарот.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да постои одговорност на здравствената установа за квалитетот на изработените извештаи од систематските прегледи.

(6) За вработените кои имаат пристап и ракуваат со службено огнено оружје, покрај стандарден минимум на систематскиот преглед од став 5 на овој член, истиот содржи и психијатриски и психолошки преглед, а задолжително завршува со наод дали лицето е способно да ги врши работите на работното место за носење, пристап и употреба на службено огнено оружје.

(7) Во зависност од процената на ризикот на работното место и карактеристиките на дефинираните професионални штетности и опасности покрај стандардниот минимум се вршат и дополнителни прегледи од прописот од став 2 на овој член.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се предефинира бидејќи само став 2 и став 4 имаат суштинско значење. Овој член е сосема во спротивност со основните принципи на кои се базира рамковната директива за видот на здравствени прегледи и треба да се применат искуствата од земјите на ЕУ и земјите од опкружувањето. За нас неприфатливо е неодговорно однесување на вработените за здравствената состојба, односно вработените да не го контролираат своето здравје согласно Законот за здравствена заштита и да чекаат здравствен преглед на 24 месеци. Согласно рамковната директива и директивите кои произлегуваат од неа работодавачот на здравствен преглед ги праќа вработените изложени на зголемени ризици, а не сите вработени, особено што кај нас работодавачот обезбедува здравствено осигурување за секој вработен. Во овој член се напишани и видот на прегледот што е несериозно и треба да биде регулирано со подзаконски акт, а не со закон. Што би било ако во Законот се внесе и Правилникот за проценка на ризик или начинот

на мерењата и сл.

- Да се усогласи важноста/значењето на уверенијата кои се издаваат за извршените превентивни здравствени прегледи на 24 месеци со уверенијата за здравствена состојба кои се обезбедуваат при вработување на лица. Во овој момент едните прегледи се 800,00 денари и важат 24 месеци, а другите се 1500-1600,00 денари и ДИТ ги уважува само 3 до 6 месеци (зависно од поединечното толкување на инспекторот). Да се усогласи со Уредбата.
- Да се разреши двојното поднесување на исти документи кои се потребни за вработување согласно Законот за БЗР и останатите закони (на пример, лекарско уверение при вработување - согласно Законот за работни односи, лекарско уврение за чувари-обезбедување, лекарско уверение за возачи - испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина).

**Согласно членот 23 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Работодавачот е должен да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот за започнување со вршење на дејноста, осум дена пред започнување со истата.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Место работодавач да стои инвеститор. Според постојното, секој работодавач кој изведува каква било градежна работа која не е дефинирана во Законот како поим треба да пријави. Ова е неприфатливо особено за малите фирми кои на градилиште можат да се задржат и само 2 часа. Ако инвеститорот го пријави градилиштето, тогаш надлежните знаат каде тоа се наоѓа. Да не ја заборавиме и директивата која се однесува на градилиштата која точно дефинира како треба да се врши пријавувањето и како да се организира градилиштето и кој е одговорен за работите.

(2) Изведувачот на градежни објекти е должен пред започнување со градежните работи писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот, за местото каде што ќе се изведуваат работите.

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се допрецизира обврската на работодавачот во кои случаи треба да достави известување до ДИТ. Ако еднаш се регистрирал и пријавил регистрација на фирмата со седиште на одредена адреса, ако после тоа отвори низа објекти како испостава на фирмата зашто мора и за нив да достави информација за отпочнување на дејност кога веќе таа информација ја доставил, дејноста не е прекината, ниту фирмата е ликвидирана.

*Можеби оваа обврска треба да ја доставува Централниот регистар до одредени државни органи, односно кој за која дејност е регистриран и на која локација.

## III. ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВАЧОТ

### 1.Заштита од пожар, евакуација и спасување

**Согласно членот 24 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(7) Работодавачот треба да склучи договори со други правни субјекти специјализирани за давање услуги, особено во однос на давање прва помош, итна медицинска помош, активности за евакуација и спасување и противпожарна заштита.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Усогласување на одредбите од ЗБЗР со одредбите од Законот за заштита и спасување, особено во однос на обврските кои произлегуваат од членот 24 од ЗБЗР, а се однесуваат на заштитата од пожар, евакуацијата и спасувањето, која материја посуштински се регулира со вториот пропис и подзаконските акти и е во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување. Главна дејност на правни субјекти специјализирани за давање услуги, особено во однос на давање прва помош, итна медицинска помош, активности за евакуација и спасување и противпожарна заштита е давање на итна медицинска помош, или противпожарна заштита.
- Да се преформулира овој став за склучување договори со други правни субјекти специјализирани за давање услуги, особено во однос на давање прва помош, итна медицинска помош, активности за евакуација и спасување и противпожарна заштита. Главна дејност на овие институции е давање итна медицинска помош, или противпожарна заштита.

* Забелешка за член 24:

*Советот на странски инвеститори препорачува:*

- Обврските од овој член да се усогласат со обврските кои ги бара Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарство. Во одредени ставови има преклопување со правните акти кои ги инспекторираат Дирекцијата за заштита и спасување и Техничкиот инспекторат.

### 3.Претставник на работниците за безбедност и здравје при работа

**Согласно членот 28 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Претставникот го избираат вработените од своите редови, на синдикален собир на мнозинскиот синдикат или на собир на вработени.

(2) Претставникот од ставот 1 на овој член има посебна заштита од работен однос што ја има и претставникот на синдикатот кај работодавачот, согласно со закон и колективен договор.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се допрецизира изборот, назначувањето и активностите на претставниците. Во компаниите каде што нема синдикална организација на вработените, се поставува прашањето кој ќе ги избере и назначи претставниците на вработените за БЗР.

## 4. Обука на вработените

**Согласно членот 31 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Работодавачот мора на секој вработен да му обезбеди соодветни обуки за безбедност и здравје при работа:

Алинеа 2:

• во случај на преместување на ново работно место.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се допрецизира овој член од Законот, така што ќе се објасни дека обука за БЗР на вработениот, меѓу останатото, се прави и кога има промена на работните постапки и активности.

**Согласно членот 33 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(2) Ако со упатството на производителот и со другите прописи од став 1 на овој член не се предвидени други рокови, работодавачот е должен средствата за работа од став 1 на овој член да ги прегледа и испита:

• пред првата употреба;

• по реконструкција или хаварија и

• по преместувањето од едно на друго место (дигалка и слично).

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се прецизираат обврските на работодавачите во делот на испитување средства за работа и инсталации и да се наведат рокови во кои истите треба да се вршат. Да се избегнат практиките на вршење повеќекратни испитувања од најразлични аспекти согласно барањата на различни надзорни органи (на пример, ДИТ, Техничка инспекција, ДЗС...).

**Согласно членот 34 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(2) Работодавачот е должен микроклиматските испитувања да ги врши во летниот и зимскиот период за време на работниот процес.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се измени и да се прецизира. Кај некои работодавачи нема извори на биолошки или хемиски штетности, а како што е напишано треба да се измерат. Исто така, се поставува прашањето зошто работодавачот кој има континуирано следење на параметрите во работната просторија, мора да има дополнително мерење. Да се регулира во посебен подзаконски акт. Максимално дозволените граници за параметри за физички штетности да се појаснат во правилник.

## 6. Евиденција и извештаи

**Согласно членот 36 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Работодавачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од 48 часа по настанот, писмено да го извести органот на државната управа надлежен за работите на инспекцијата на трудот и претседателот на синдикалната организација, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот синдикат или претставникот на вработените таму каде што нема синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа за:

• секој смртен случај;

• колективна несреќа и повредите при работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од три работни дена и

• секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Потребно е да се објасни во Законот или да се изработи посебен правилник за категоризација на повреди и дефиниции за истите, како и да се дефинира листа на потребни документи при пријава на повреда на работа.
- Рокот од 48 часа е премногу краток. Да се зголеми согласно Европските правила, за повреди над 7 дена, пријавување во рок од 15 дена. Да се обврзе законодавецот да изготви подзаконски акт со кој ќе се допрецизираат постапките и документите за пријавување на повреди при работа. Да се изготви нов образец за известување за несреќа при работа и нов образец за пријавување на повреди при работа наместо досегашниот ЕТ 8 Образец. Законски да се обврзат надлежните институции да вршат евиденција и анализа на повреди при работа и професионални заболувања (национален регистар или сл.).

## IV.ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### IV.-а ЗАШТИТА НА СТУДЕНТИ ЗА ВРЕМЕ НА ПРАКТИЧНА РАБОТА ВО РУДНИЦИ ВО РАМКИТЕ НА ОБРАЗОВНАТА ПРОГРАМА

**Согласно членот 42-а од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Право на безбедност и здравје при работа согласно одредбите од овој закон имаат студенти кога се наоѓаат на практична работа во рудниците во рамките на образовната програма.

(2) Работодавачот е должен пред започнување со практична работа во рудниците да ги запознае студентите со мерките за здравје и безбедност при работа.

**Согласно членот 42-б од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(1) Извршувањето на практичната работа во рудниците може да започне само по претходно одобрение од одговорното лице кај работодавачот за завршена обука за практична работа на студентите. Пред секое започнување на практична работа,

студентите ќе потпишат изјава дека се запознаени со мерките за безбедност и здравје при работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се избрише „во рудниците" и да се однесува за секоја практична работа која ја извршуваат ученици или студенти во фирмите (обврски, опрема, обука, запознавање, менторство, здравствени прегледи). Најдобро е да се објасни во посебен подзаконски акт.

** Дополнителни забелешки за член 42:*

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се додадат членови во Законот за БЗР во однос на работата на странци во компаниите.
- Да се опфатат сите дејности каде има потреба да се врши пракса на студенти (на пример, градежништво, медицина, текстилна индустрија и др.). Потреба од заштита на студенти од областа на градежништвото и други дејности кои се јавуваат на пракса во градежни и други компании и да се набројат листа на потребни документи кои треба ученикот/волонтерот/студентот/практикантот да ги потпише. Да се додаде терминот „практиканти".

**Согласно членот 43 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(2) Советот разгледува и дава мислење и препораки за:

- Програмата,
- состојбата во областа на безбедноста и здравјето при работа, стратегија за кохерентната политика за спречување и намалување на повредите на работното место, професионалните болести и други болести и повреди кои се поврзани со работата;
- стручните основи за изработка на закони и други прописи за безбедност и здравје при работа и
- документи на меѓународни организации во однос на безбедноста и здравјето при работа.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Со подзаконски акт да се допрецизираат обврските на Советот за БЗР.

**Согласно член 44 од Законот за безбедност и заштита при работа:**

(2) При именувањето на членовите на Советот треба да се има предвид начелото за правична и соодветна застапеност на сите заедници во Република Македонија, не нарушувајќи го принципот на стручност и компетентност.

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Во посебен подзаконски акт да се прецизира изборот (предлагањето членови на Советот, мандат, начин на функционирање, простор за работа...).

***Дополнителни забелешки по однос на Законот за безбедност и здравје при работа:***

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се разработат правилници согласно светските стандарди за безбедност и стручните лица да имаат достапни документи преку кои би стекнале знаење за истите. Најдобро е да постојат посебни правилници (на пример, за работа и висина, за работа во затворен простор, изолација и заклучување...), коишто ќе бидат поткрепени со дополнителни документи како што се упатства, процедури, чек листи, материјали за обука на вработени итн.
- Исто така, покрај материјалите за секој стандард да постојат посебни детални обуки теоретски и практични како стручните лица би се стекнале со потребното знаење.
- Да се дефинира начинот на проток на документи со лични податоци за здравствени прегледи, пријавување повреди, несреќи при работа и да се регулира, односно да се усогласи со Законот за заштита на лични податоци.
- Во однос на пријавата за отпочнување со вршење дејност, да се прецизира за кои дејности станува збор, исто така ДИТ да презема информации од Централниот регистар, за да нема дополнителни оптоварувања за фирмите.
- Воведување на БЗР во образовниот систем, особено во средните училишта.
- Да се додадат членови кои ќе се однесуваат на превенција на вработени под дејство на алкохол и опојни дроги, примена на алкотестови и тестови за користење опојни дроги, паралелно да се побара и интервенција во ЗРО со цел точно утврдување и дефинирање на постапките и реакција во случај на такви состојби на вработените. Користењето на вакви средства претставува загрозување на животот и здравјето на лицето кое што ги користи, но и на другите вработени.
- Да се корегира и изедначи терминологијата „Безбедност и здравје" во останатите закони во Република Македонија (на пример, Законот за градење, Законот за работни односи и др).
- Да се додадат членови кои ќе го регулираат видео надзорот во компаниите од аспект на БЗР.
- Да се инсистира на доследно спроведување на сите вакви обврски и во јавните установи во Република Македонија со вметнување посебни одредби во ЗБЗР, особено во образовните и здравствените установи, како би се обезбедила посакуваната сигурност, но ќе се постигне поголема дисциплина и кај самите трговски друштва во приватна сопственост.

*** Безбедност при работа на висина:**

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се дефинира терминот „работа на висина“. Во Законот за безбедност и здравје при работа и подзаконсите акти и Ценовникот на здравствените прегледи на вработените, каде е утврден видот и временскиот период на извршување на лекарскиот преглед за вработени кои работат на висина на 3 и над 3 метри) никаде не е опишан терминот „работа на висина“.
- Да се земе предвид Правилникот за безбедност при работа за изведување на градежни објекти („Службен весник на СРМ“, број 13/1998) каде што точно е дефинирано што претставува работа на висина. Работа на висина во смисла на овој правилник се смета работата што се изведува на висина поголема од 300 см над теренот, односно над меѓукатната конструкција или изградената заштитна конструкција, како и работа на коси кровови со наклон поголем од 30°.

Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените на работниот простор:

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се дефинира подзаконска рамка со прецизно наведени барања кои треба да ги исполнува работниот простор.

Правилник за минимални барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта:

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се дефинира подзаконска рамка со усогласени поими од областа за која е наменет Правилникот и прецизно да бидат наведени обврските и активностите на сите вклучени во работната активност од изготвување на проектна докуметација до завршување на сите градежни активности.

**Закон за отпад:**

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се формира комисија од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање која ќе одлучи на која од акредитираните лаборатории ќе издаде овластување. Ова веќе постои во соседните држави.
- Листата на овластени лиценцирани фирми да се обновува со секоја нова лиценцирана фирма, да се наведе рокот на дозволата и да се наведе доколку истата е одземена/обновена. Во листата освен адресите да стојат и телефонски контакти од фирмите, а потребно е да се наведат и шифрите на отпад за кои важи дозволата. Листата да се постави за колективни

постапувачи со отпад од пакување, батерии и електронска опрема.

- Да се соберат податоци од годишниот извештај за отпад кој го предава секоја фирма до Министерството за сите типови на отпад и од таа листа да се направи корелација со листата на овластени фирми, за да се види/воочи од страна на Министерството во кој дел недостасуваат лиценцирани фирми.
- Да се поттикнат фирмите за собирање отпад за проширување на лиценците, односно инвестирање во бизнисот и развивање на истиот во делот на преработка или уништување на отпадот кој се создава во фабриките/фирмите.
- Да се дефинира законска рамка за регулирање на посебниот тек на отпад и да се воспостави систем за управување со отпадни гуми (собирање, транспорт, енергетско искористување ).
- Во наведените закони не е наведена постапката, односно процесот за постапување со отпад на боци под притисок. Нема подзаконски акт во кој ќе бидат наведени постапките и начинот на третман и отстранување на отпадни боци под притисок. Да се изготви правилник за овој вид на отпад. Да се воспостави комплетен систем на управување за посебниот вид на отпад.

**Закон за животна средина:**

**Советот на странски инвестори препорачува:**

- Да се изготви правилник во врска со загадувањето на почвата и во него да се наведат граничните вредности на поедини параметри, контаминација на почвата од цврст и течен отпад, методи на испитување на почвата, анализа, спречување и ублажување на негативни влијанија на почвата, цели за заштита на почвата, користење и зачувување на функциите на почвата, мониторинг итн.
- Долг е периодот за добивање мислења, решенија за одобрување на елаборати за заштита на животната средина и водостопански согласности. Просечно време за добивање допис од МЖСПП е 5 месеци (од 2-11 месеци). Да се намали неефикасноста и бавноста на администрацијата. Да се подобри севкупната професионална комуникација на администрацијата со претставниците на странските инвеститори.
- За добивање градежна дозвола за изградба/реконструкција на објекти, покрај другата документација, потребни се мислења, дозволи од МЖСПП за влијанието на објектот врз животната средина. При аплицирање за градежна дозвола, временскиот рок за доставување на овие документи е пократок во однос на временскиот период за добивање на документите од МЖСПП. Да се воспостави координација меѓу Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Закон за климатски промени:**

**Советот на странски инвеститори препорачува:**

- Да се започне со обуки за пресметките на CO2 емисии и да се дадат насоки во врска со мерењата.
- Да се забрза постапката за изработка на закон за климатските промени.

**Во оваа прилика упатуваме голема благодарност до членовите на работните групи за нивниот придонес и активно учество, а посебно им се заблагодаруваме на координаторите на петте работни групи за подготовката на препораките.**

***Користени материјали:***


o Светска банка - Редовен економски извештај за Западен Балкан
o Програма за економски реформи - Влада на РМ
o Народна банка на Република Македонија
o Државен завод за статистика
o Извештај на Европската комисија 2018
o „Doing Business 2019" – Светска банка
o Глобални локациски трендови 2018 Годишен извештај – ИБМ Институт за бизнис вредност
o Извештај за глобална конкурентност 2018 - Светски економски форум
o Извештај за економската слобода - Фондацијата „Херитиџ"
o С&П глобални рангирања 2018 - Стандард и Пурс
o Индекс на човечки капитал - ММФ и Светска банка

Совет на странски инвеститори